СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
Од Петтото продолжение на Седумдесет и втората седница
на Собранието на Републка Македонија, одржана на 4 автуст
2004 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почето во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-ѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија .

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со работа по 72-та седница на Собранието на Република Македонија .

Пратениците Андреј Жерновски, Ангелка Пеева-Лауренчич, Соња Лепиткова, Љубе Бошковски, Љупчо Георгиевски, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Илија Китановски, Никола Груевски, Иван Стоилковиќ, Мендух Тачи, Али Ахмети, Зоран Крстевски и Љубисав Иванов-Ѕинго ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по Предлогот на законот за територијална организација на локланата самоуправа во Република Македонија .

Претресот по амандманот на член 12 за додавање нова точка 11-в по точкаа 11 и на точките 29, 46 и 53 поднесен од пратениците Блаже Стојановски, Жарко Караџоски, Никола Груевски и Љупчо Балковски е заклучен.

Амандмаонт го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници.

Осум гласале за, 59 негативно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 12 за додавање нова точка 11 -в, по точката 11 и на точките 29, 46 и 53 поднесен од пратениците Блаже Стојановски, Жарко Караџоски , Никола Груевски и Љупчо Балковски.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 13-а, по членот 13 и на точката 28 поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуван потпретседател,

Во текот на расправата по амандманот на член 10 за опстојување на општината Вратница поднесен од пратеникот Коце Трајановски ги изнесовме аргументите зошто Владата смета дека општината Вратница би требало да прави една општина заедно со општината Јагуневце, и покрај тоа што во текот на развојот на оваа општина ќе треба да се вложуваат одредени инфраструктурни средства за подобрување на комуникацијата.

Бидејќи амандманот за опстојување на општината Вратница како самостојна општина не беше прифатен, од овие аргументи нелогично е и овој амандман да не се прифати, така да амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор колегата Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Го ценам мислењето на министерот, меѓутоа би сакал да кажам дека како што беше процедурално напоменато, тоа што амандманите не се споени не е наша вина. Напротив ние како опозиција баравме амандманите кои се однесуваат на иста општина, на член 10 и на член 12, член 10 од Законот за територијална поделба се набројуваат општините со нивното седиште, додека во член 12 се набројуваат населените места во таа општина. Зошто тоа не е направено така мислам дека најмалку е виновна опозицијата.

Според тоа согласно Деловникот уште еднаш ќе се обидеме да ги кажеме нашите аргументи за да можеме да ја убедиме прво Владата, а потоа и парламентарното мнозинство дека во конкретниот случај општина Вратница треба да остане посебна општина во списокот на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија .

Дека е тоа остварливо до колку се усвои овој амандман, иако не беше усвоен амандманот на член 10 во списокот на општини од Законот за територијална организација сметам дека постои деловничка и законска можност, процедура потоа Владата да интервенира до колку се предомисли во своето размислување.

Јас би сакал да напоменам дека со овој амандман општината Вратница треба да ги содржи следните села: Јажинце, Рогачево, Старо Село, Беловиште и Орашје. Значи дека покрај седиштето во населеното место Вратница и овие села.

Сметам дека општина Вратница треба да остане како посебна бидејќи сега со новата територијална поделба општината Вратница се припојува кон Јагуневце. Една од главните причини поради кои што сметаме дека треба да остане општината Вратница е тоа што тие воопшто немаат директна врска. Мислам дека нивната директна врска се наоѓа помеѓу еден карпаст терен кој што е потешко прооден и воопшто нема комуникација. Значи нешто слично, или во полоша состојба од колку што е комуникациската врска меѓу општианта Зелениково и општина Петровец.

Покрај тоа од општина Вратница сите овие населени места што ги напоменав: Јажинце, Рогачево, Старо Село, Беловиште и Вратница за да се стигне до седиштето на општина Јагуневце со која што се припојува оваа општина треба да се помине низ општина Теарце и потоа да се сврти лево на патот Вратница-Тетово за да се дојде до седиштето на општина Јагуновце што ќе претставува навистина големо оптеретување и товар за жителите на овие места.

Покрај тоа, сметаме дека општина Вратница треба да остане иако има само 3563 жители, значи нејзиниот квантум жители што Владаа го псотави минимум 5000 жители е помал, меѓутоа и во претходната дискусија и сега напоменувам дека овој број на жители не е пресуден со оглед на тоа што во новиот предлог за територијална организација Владата има предложено повеќе од 10 или 15 општини кои имаат помалку жители од 5000. Европските искуства говорат, особено француските дека и општини со испод 2000 жители можат да бидат посебни единици на локална самоуправа со што граѓаните ќе бидат многу поблиску до одлучувањето т.е. децентрализацијата на власта навистина ќе биде права децентрализација.

На овој начин на општина Вратница сметам дека ќе им се зголемат маките на граѓаните од општина Вратница за оствaувањето на своите права во областа на локалната самоуправа бидеќи со децентрализацијата голем број од ингеренциите кои што сега овие граѓани ги остваруваат во подрачните единици сега ќе ги остваруваат во

единиците во локалната самоуправа сместени во населеното место Јагуневце како седиште на општина Јагуновце.

Нормално оние подрачни единици кои општината ќе може да ги издржува и кои можеби ќе се обиде согласно законот за локална самоуправа каде што повеќе општини можат одредени функции да здружуваат и една општина да ги обавува функциите во двете.

Исто така значајно е што оваа општина има граничен премин, што значи дека е погранична општина. Согласно развојниот план на Република Македонија, просторниот план граничните општини треба да имаат посебен третман на развој за да можат овие општини да опстојат што повеќе со население покрај границата со било која земја, во конкретниов случај со Косово. Од тој аспект сметам дека исто така оди во прилог на останување на општианта Вратница.

Исто така од економски аспек оваа општина може да остане бидејќи има и стопански капацитети, една фабрика за градежни материјали, за бетон, два раудника за камен, две сепарации за песок. Исто така располага и со голем воден простор, што значи има воден потенцијал, шуми кои најчесто како опозиција ги набројуваме, можеби некој ќе рече сега малку географија кажуваме, меѓутоа треба да разбереме дека не се овие некои афрички земји каде има само песок, туку напротив овие природни богатства со нивното искористување сигурно ќе значат поголем економски потенцијал за овие општини.

Во прилог на тоа јас би го изнел и вчерашното размислување на Министерството за економија во кое вели дека концесиите кои државата ги дава на концесионерите треба да се зголемат за 10 пати. Значи, ако Македонија до сега добивала околу пола милион евра се планира да се добијат 5.000.000 евра. Значи да се зголемат цените на концесиите, затоа што навистина до сега тие беа багателни. Сето тоа, до колку се овие природни богатства децентрализирани т.е. се даваат на управување на концесија барем процент од тоа да добие локалната самоуправа тогаш за општина Вратница тоа ќе значи многу.

Исто така сметам дека со осамостојувањето на општина Вратница како посебна единица за локална самоуправа има многу направено за овие населени места. Јас лично покрај сето останато, потекнувам од една новоформирана општина и сум ги видел

благодетите кои се навистина значајни до колку одредено населено место има посебна општина или до колку не се со некоја градска или друга општина споени. Во овие 8 години направени се водоводи во седум села, од кредитот Карц земен е кредит за канализација, добиен нормално со големо ангажирање на локалната самоуправа. Сето тоа јасно зборува дека општина Вратница треба да биде посебна општина.

Исто така сакам да напоменам дека согласно законот за локална самоуправа до колку оваа општина не може да ги извршува сите надлежности бидејќи е мала општина во тој случај таа ќе може согласно член 14 - начин на извршување на надлежностите и согласно член 24 или тие надлежности заедно со други општини да ги здружат, или тие надлежности што се од јавен интерес да ги довери на извршување на други субјекти. Значи, во законот за локална самоуправа многу флексибилно е дадено, да не мора општината самата да ги извршува сите функции.

Значи, од развоен аспект и од стратешки аспект општината Вратница треба да остане посебна општина, а нормално со тоа и општината Јагуновце, став 2 од овој амандман кој го поднесувам. Тоа ќе значи и општината Јагуновце нема да биде толку голема туку ќе биде во своите рамки како што е напоменато во став 2. Во општина Јагуновце би останале селата Јажинце, Рогачево, Старо Село, Беловиште и Орашје. Тие ќе се бришат од општината Јагуновце и општината Јагуновце ќе остане во постојните рамки.

Тоа значи дека за општината Јагуновце јас тука нема да дискутирам повеќе иако во амандманот е напоменато, бидејќи имаме посебен амандман за општина Јагуновце.Тука ќе го задржам своето право за дискусија и уште еднаш ќе апелирам до претставникот на Владта на Република Македонија  и до парламентарното мнозинство дека општина Вратница би требало да остане посебна општина во рамките на единицата на локална самоуправа во Република Македонија, а нормално со тоа и општина Јагуновце ќе биде посебна општина, како што е сега посебна единица на локална самоуправа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Јанаки Витановски.

ЈАНАКИ ВИТАНОВСКИ:

Мојата реплика се однесува на претходната дискусија на колегата Коце, а и на сите амандмани кои се однесуваат на членот 12 од законот.

Овој амандман, а и сите други амандмани кои се однесуваат на член 12 се ништавни, не предизвикуваат правно дејство односно немаат правен основ бидејќи во членот 10 од законот наброени се кои општини постојат во Република Македонија , а во членот 12 ги набројуваме населените места на постојните општини.

Како колегата може да зборува за населени места од општината Вратница кога таа не постои. Затоа велам дека нема правен основ, па дури и да го усвоиме амандманот. Тоа е исто како да градиме куќа а прво да почнеме да градиме оџак а немаме ни темел ни куќа. Затоа велам дека ова е само опструкција на законот, трошење на време и трошење на пари. До колку вака продолжиме со овие амандмани кои се однесуваат на членот 12 законот нема да го донесеме уште наредните шест месеци. Јас апелирам до колегата Коце и до опозицијата амандманите кои се однесуваат на членот 12, бидејќи се ништавни, не предизвикуваат правни дејствија да ги повлечат, а да одиме на амандманите од суштинско значење.

ЛИЛЈАНА ПОПВСКА:

Има збор пратеникот Коце Трајановски

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас го ценам мислењето на мојот колега, меѓутоа би сакал да го замолам како тој што ме замолува да ги повлечеме амандманите, јас се согласувам ќе ги повлечеме, но јас би замолил ако можат да го повлечат решението за Струга, Кичево и Градот Скопје. Тогаш ние веднаш ќе ги повлечеме сите амандмани на член 12. Мислам дека тогаш можеме брзо да ја завршиме седницата, уште денеска, да прголасиме крај на оваа седница. Мислам дека тоа ќе биде на општо задоволство и на позиција и на опозиција и што е најважно за граѓаните од тие три населени места, како и целокупната јавност на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има г-дин Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван потретседател, колеги пратеници,

Јас во прилог на дискусијата на г-динот Коце Трајановски сакам да дадам свој придонес во поглед на тоа општина Вратница да опстои, поточно амандманот 2 каде што општината Вратница со селата Јажинце, Рогачево, Старо Село, Беловиште и Орашје треба да бидат една општина. Тоа беше досегашно решение и во рамките на она за кое се залагаме како пратеничка група да останат постоечкие две општини со сите аргументи што ги искажавме и претходно и сега.

Во рамките на тоа би сакал на почетокот веднаш да кажам дека до сега опозицијата поднела амандмани согласно Деловникот и тоа што го прави го прави согласон Деловникот, дали е некој амандман ништавен или не, не е наша работа, има за тоа кој да одлучува, наша работа е да си тераме по Деловникот и тука нема никаков спор.

Би им препорачал на пратениците да не ни сугерираат што да правиме. Ако е нешто спротивно на Деловникот можеме да разговараме. За суштински работи не е предмет ова.

Инаку, јас само за запознавање би ја искористил оваа стручна литература со која што, барем младите колеги пратеници би ги запознал со општината Вратница или причината поради која таа настанали и што е тоа што дава белег и што е тоа што јас сметам дека треба да опстои.

Територијата на општина Вратница се наоѓа на крајниот североисточен дел на Долни Полог односно зафаќа простор во северниот и северозападниот дел на Републиката. Таа му припаѓа на сливното подрачје на Реката Вардар, Општината има во основа ридско-планински карактер, бидејќи поголем дел од нејзиниот простор ја зафаќа јужната падина на Шар Планина се до нејзиниот срт.

Поради својата локација има мошне важно значење по својата стратешка положба бидејќи има широк појас и преку еден превлак се поврзува со Србија и Црна Гора односно со Косово. Токму преку неа води регионалниот пат кој има меѓународно значење и тоа Тетово-Косово. Се граничи со општините Теарце, Јагуновце и Кондово, како и со државната граница со Србија и Црна Гора.

Територијата на општина Вратница зафаќа површина од 96 км,2, и се вбројува во малите општини во Републиката. Со оглед на малата населеност просечната густина на населението изнесува 34 жители на  1 км,2.

Во состав на општината се наоѓаат шест населби од кои централно место и седиште на општината е Вратница со 571 жител. Другите населби се Јажинце, Рогачево, Старо Село, Беловиште и Орашје, а од нив најголемо е Орашје со 935 жители.

Во однос на големината на селата, по број на жители тие населби се големи со повеќе од 800 жители. Три села се средни по големина, а само една мала населба се помалку од 300 жители. Во споредба со географските услови четири населби се ритски, едно село е рамнинско и едно е планинско. Во 1994 година во општина Вратница имало 3295 жители односно најмалку во споредба со другите општини во Долни Полог. Во одноа пак на 1961 година кога популацијата изнесувала 4437 жители, бројот на населението се намалил за 1242 жители или за 28%. Така што, оваа општина е една од миграционите во Долни Полог.

Во 1994 година во општината имало 793 домаќинства, а просечно на едно домаќинство му припаѓало по 4,1 член. Во однос на националната структура во две населби живее исклучиво албанско население, а во останатите населби преовладуваат макеоднците. Всушност, во 1994 година албанското население броело 1798 жители или 54,5%, а македонското 1401 жители или 42,5%. Во селото Орогачево живее и српско население со учество од 5,9%. Вкупната аграрна површина на општината Вратница зафаќа 8664 хектари, од неа на обработливо земјиште отпаѓа 1598 хектари или 18,4%, пасиштата заземаат површина од 4034 хектари или 46,5%. Додека на шумите отпаѓаат 3032 хектари или 35,1%. Според тоа во оваа општина се најповолни услови за развој на сточарство, а за некои населби за развој на шумското стопанство.

Сега, сето ова што го прочитав се аргументи кои што и даваат право на оваа општина д аопстојува, а исто така има и други аргументи кои што ги изнесе претходниот говорник, со тоа што и досегашниот период на опстојување на самата општина го покажа тоа.

Би сакал уште да истакнам одредени податоци по однос на самите населби. Така, населбата Јажинце , која што е опфатена во амандманот или селото Јажинце, е на надморска височина од 800 метри, со површина на атарот од 13,2 км., со жители во 1994

година од 886 , со аграрна површина од 1174 м2, со обработлива површина 254 хектари, пасишта 514 и шуми 406 хектари.

Општината Ораше е на надморска височина од 620 метри, површина на атарот е 9,4 км2, жители 935, аграрна површина од 832 хектари, обработливо земјиште 144 хектари, пасишта 365 хектари и шуми 323 хектари.

Селото Рогачево е на надморска височина од 800 метри, површина на атарот од 23,5 км2, жители до 1994 година 355, аграрна површина од 2008 хектари, обраболиво земјиште 262 хектари, пасишта 1024 и шуми 542 хектари,

Село Старо Село, надморска височина 870 метри, површина на атарот 10,3 км2, жители до 1994 година се 235 . За имињата на жителите, Трендафилов кога ќе дојде. Аграрна површина 1003 хектари,обработливо земјиште 173, пасишта 448 хектари и шуми 382 хектари.

Почитувнаи колеги слушам дека сте заинтересирани и за имињата да ви ги кажеме, ние тој напор го направивме во текот на седница г-динот Трендафилов ќе ги донесе списоците на имињата и ќе ви ги исчитаме, бидете трпеливи.

Село Беловиште, надморска височина 720, површина на атарот од 13,6 км2, жители до 1994 година се 313, аграрна пворшина во хектари 1284 , обработливо земјиште 257 хектари, пасишта 262 хектари и шуми 425 хектари. Пропуштив за Јажинце, надморска височина 800, 13,2 километри на атарот, жители 886, аграрна површина 1174 хектари, обработливо земјиште 254 хектари, пасишта 514 хектари и шуми 406 или вкупно општината до 1994 година имала површина од 96 км2, значи атарот во 1994 година 3295 жители вкупно, аграрна површина од 8664 хектари и обработливо земјиште од 1598 хектари, пасишта 4034 хектари, и шуми 3032 хектари. Сето ова претставува една општина која што навистина заслужува д аопстане таква каква што е , а не да се припојува во рамките на некоја друга, затоа што со сето ова богатство што го има, со самата место положба и со самото тоа што како сама, самостојна во рамките на територијалната организација во РМ, во рамките на фискалнат децентрализација, оваа општина има предуслови да бид еи по развиен аи што е најбитно да се запре емиграцијата, поточно да се привлечат и другите жители, односно оваа општина да се зачува. Во селкој случај на овој начин со Прелдогот на Владата нема да се придонесе

оваа општинаилиовој дел , овој регион , како сакате кажете, да ја зачува својата природна убавина и да ги зачува своите жители, туку со припојувањето нејзино може да се изгуби и идентитетот и она што е најбитно помалку грижа за развој на сето ова што сега овде го набројав. Заради тоа, нашиот амандман е таков каков што е и нашите аргументи се такви какви што се, а се друго останува на пратениците да си го кажат својот последен збор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувана потпретседателке, почитувнаи дами и господа,

Би сакала сосема накратко да ве замолам уште еднаш да рзмислите , заради процесот на децентрализација кој што треба да го спроведеме, заради стратешкото значење на општина Вратница, заради зачувување на добриот мултиетнички живот во општината и заеднички искажаната волја на референдум на сите граѓани во општина Вратница, без оглед на нивната етничка и партиска припадност, заради успешниот иден развој на општина Вратница и повторно ќе кажам заради барањетона сите граѓани на општина Вратница јасно искажано преку рефенрендумот. Уште еднаш ќе кажам размислете добро дали општина Вратница треба да постои или не.

Би апелирала пред вас да го имате на ум референдумот, повторно ќе кажам, на сите граѓани на општина Вратница без оглед на нивната етничка и верск априапдност.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 7 гласале за, 47 пратеници гласале против, воздржани нема.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во моментов на гласање.

Јас мислам дека ќе треба да го поништиме гласањето , уште еднаш да гласаме.

Ги молам службите уште еднаш да го утврдат бројот на присутните пратеници, бидјеки имаме нова состојба.

Ги молам сите пратеници да влезат во салата , ќе го повториме гласањето.

Амандманот го ставам на гласање уште еднаш.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 5 гласале за, 54 пратеници гласале против, воздржани нема.

Ги молам службите сега да го утврдат бројот на присутните пратеници во моментов на гласање.

Сега се присутни 63 пратеници, 2 влегоа во моментов, значи 61 пратеник имало во моментот на гласањето, така што гласањето е валидно. Значи, од 59 пратеници кои гласале, 5 пратеници гласале за, а 54 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 за додавање нова точка 13-а по членот 13 и на точка 28, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 14а по точката 14 и на член 12 точка 66, поднесен аод пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за локална самоуправа, г-дин Алекснадар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Од истите причини , бидејки амандманот на госпоѓа Бонева се водеше расправа околу територијалното организирање на општината тетово и одредени општини, кои се предложени од Владата и со амандмани од госпоѓата Бонева, разменивме мислења, ставот на Владата е познат. Затоа, уште еднаш би укажал, без да сугерирам на пратениците да изнесуваат аргументи, расправа се водеше и од тие причини овој амандман не се прифаќа.

Госпоѓо потпретседателке, би сакал заради правилно информирање на јавноста да истакнам , госпоѓо Бонева, во општината Вратница не постоеше референдум, не беше одржан референдум. Имавме средби со голем дел на наши иселеници од Детроит, со

Месната заедница и со структурите таму, но референдум во Вратница немаше. Јас се извинувам, со задоцнување реагирам, но тоа е во интерес на јавноста.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-динер министре.

Дали некој друг бара збор.

За збор е најавена госпоѓа Силвана Бонева, како предлагач на амандманот.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван министре, колеги пратеници,

Веќе еднаш расправавме за дел од амандманите со кои што предлагав една нова територијална организација за регионот Тетово и од тие причини нема повторно да образложувам зошто Голема Речица, Шипковица, Џепчиште и другите општини треба да постојат онакви какви што сметав. Ќе си го задржам правото кога ќе дојде амандманот за општина Тетово, бидјеки тој сеуште не е стигнат, а фактички целокупната организација што ја предлагав , беше со цел општина Тетово да остане градска општина, да остане општина со етнички состав онаков каков што би требало да биде со оваа територијална организација. Токму заради тоа повеќе ќе елаборирам за амандманот, кој што воопшто го немаме разгледувано до сега.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидјеки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставаам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 4 гласале за, 52 пратеници гласале против, воздржани нема.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во моментов на гласање.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Значи , гласањето е валидно. Од 56 пратеници кои гласале, 4 пратеници гласале за, 52 пратеници гласале против, воздржани нема.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 за додавање нова точка 14-а по точката 14 и на член 12 , точка 66 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 12 точка 15 и член 12 точка 41, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа, г-дин Александар Гештаквоски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Госпоѓо потпретседател,

По оовј амандман нема расправано Парламентот, но кога расправаме за организирањето на општината Маврово со Ростуше, сигурно дадовме одредени објаснвуања, бидјеки почитуваниот пратеник Оровчанец тогаш го покрена и ова прашање. Тогаш, објаснивме зошто во делот на новата општина Маврово во која Влегува Маврови Анови и Ростуше, не е Бродец со својата територија, која претставува дел од Националниот парк.  Во селото Бродец во образложението на Оровчанец имаме дека и тоа е делот на револтот на граѓаните , во кој од причините што го навеле да го поднесе овој амандман , би скал да укажам, сигурно на Оровчанец му е познато на пратеникот дека во село Бродец има 7 жители.

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-дине минситре.

Дали некој друг бара збор?

Збор бара г-динот Ѓорѓи Оровчанец, како предлагач на амандманот.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам госпоѓо потпретседател на Собранието.

Околу овој амандман би сакал да нагласам дека минситерот не ја кажа целата вистина и баре не на оној начин на кој што ние знаеме што се случуваше овде.

Што се однесува до амандманот за општината Маврово,каде што се подразбираше за овој сегмент на решението на Бродец во склоп на Маврово да биде решено, морам да кажам дека дискусијата беше прекината , поради таканаречено ненавремено реагирање

на пратениците од десет секунди, единаесеттата секунда претседателот на Собранието ја затвори дискусијата и ние немавме дискусија за Маврово.

За жал, иако гледаме од министерот дека практично ние сме истерале таква дискусија. Јас би се осврнал на еден друг момент кога зборувавме практично за Ростуше во кое што образложението на министерот беше дека е тоа природна целина, дека е тоа практично водотокот на Маврово и на реката Радика и дека тоа претставува една целина која што ние не треба да ја рушиме. Токму со Бродец ние комплетно ја рушиме. Дали има таму три жители, седум жители или не знам колку, ние дефинитивно ја рушиме.

Морам да кажам дека од сите мои амандмани овој е практично последниот. Би се подределе на некој начин така што јас размислував поинаку дека ќе бидат презентирани овде. Со министерот почнавме во една ситуација да кажеме дека нешто е апсурдно, па потоа дека  беше амандманот за општина Ростуше со центар во Ростуше дека тој е сериозен амандман и заради политиката и ставовите на Владата тоа не е така, па да дојдеме до центар Жупа амандманот, кој што за жал министерот тогаш не беше, беше заменик министерот. Јас изразив жалење што тој не е тука, затоа што тоа е пример како Владата ги игнорира сите практично релевантни показатели и критериуми со кои една општина може практично да функционира и треба да функционира и завршуваме со овој амандман за Бродец, во кој што образложението од страна на министерот е дека имало седум жители. По мене ова образложение не стои, затоа што очигледно е дека овде се работи за нешто сосема друго од друга природа. Било што да погледнете, дали да ја погледнете картата, дали да ги погледнете водотеците, дали да ги погледнете патиштата, комуникациите, стратешките позиции и да не набројувам кој друг критериум да го земете, вие Бродец не можете вака да го поставите. Токму поради ваквото сомневање, јас се сомневам дека постојат искрени и добри намери во позицијата во која што сега е ставен Бродец, практично да биде дел од гостиварска општина.

Ако е за волја на вистината, би требало практично Бродец, бидејќи Владата се изјасни и дефинитивен став е дека треба да има една општина Маврово, со центар во Ростуше иако тоа е нелогично да се вика Маврово а центарот да биде во општина Ростуше, или треба друго име да се направи и тн., уште понелогично е Бродец да биде припоен кон општина Гостивар. Треба да кажеме дека ова населено место Бродец има

25 км. од општинскиот центар Маврови Анови, а Гостивар е од оддалечен уште следни 25 км. од Маврови Анови и за да се стигне преку него во Маврови Анови се минува низ селата Врбен, Богдево, Клакотница, кои со новата територијална поделба, ќе бидат дел од новата општина Маврово со Ростуше, како центар на оваа општина. А селото Бродец ќе се припојува кон Гостивар. Колку жители има кажа министерот, тоа е званична статистика, јас не мислам да дискутирам и тоа не го сметам за релевантен фактор овде, битно е дека тој зафаќа површина од 138,2 км2 и го зафаќа изворишното, или сливно подрачје на реката Радика, што беше прв и основен критериум за спојување на Ростуше и Маврови Анови во една општина. Покрај тоа оваа територија е погранична и практично го зафаќа тромеѓето на Косово, Албанија и Македонија. Зошто е потребно ова населено место да припадне на општина Гостивар се прашувам и јас и голем број на луѓе, верувам и пратеници и можеме само да нагаѓаме во овој случај кој што е очигледен пазар за што конкретно практично овде и за каков тип на пазар се работи. По мене би требало барем основните елементи и критериуми да се зачуваат, да се сочува и основната логика на правење на територијалната организација и на тој начин би требало Бродец дефинитивно да го ставиме во општина Маврово. За сега би имал толку, доколку има расположение ќе дадеме и други податоци. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинто Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател, почитуван министре, почитувани пратеници,

За оваа точка до сега не се расправало, гледам по вашиот интерес повторно не сакате да се расправа, но во секој случај, ова е една битна работа, која што можеби поминува така бегло, без објаснување, но со новиот закон за територијална поделба поминува бегло без објаснување од страна на министерот, уште помалку од страна на луѓето кои што преговараа за оваа територијална поелба. Добиваме една ситуација со која што гледаме дека оваа нова територијална поделба, не само што не се базира на никакви социјално економски, географски и историски, културни, или било какви критериуми, туку напротив, во случајот на општината Маврови Анови, тотално ги негира

сите овие критериуми. За што се работи. Дискусијата за општина Маврово едноставно претседателот ја заврши без да се каже ни збор, значи добивме за разлика од првиот предлог кој што беше општина Маврови Анови и сега добиваме предлог за општина Маврово, во која што би биле Маврови Анови и Ростуше и за жал, не знам господине министре зошто и во првиот предлог кој што ни беше доставен во декември 2003 година во општина Гостивар апсолутно селото Бродец не постои, значи Чајле, Балин Дол, Беловиште, Дебреше во овој дел каде што треба да биде претставено Бродец, Бродец е поставено на последно место од она што го имавте како предлог дадено, но од друга страна за сите критериуми кои што вие ги кажувавте дека се изборни и последните што ги слушав дека најмалку 30 минути, т.е. најмногу 30 минути со возило треба да се стигне во било кој центар, кој што треба да ја организира локалната самоуправа, во овој случај без разлика дали се седум луѓе, очигледно дека не се работи за луѓето, се работи за една огромна територија за тромеѓето меѓу Албанија, Косово и Република Македонија, се работи за едно тромеѓе кое во моментот му се доделува на општина Гостивар. Кои се целите и критериумите сигурно знаете вие што преговаравте и ред е мислам дека треба да ги кажете. Политички договор е политички договор, но тука зборуваме за локална самоуправа, зборуваме за нешто што апсолтно не очекував дека токму на овој начин од тргнување на едно село од село општина дека ќе претставува многу подобра реализација на локалната самоуправа и дека овие луѓе ќе имаат можност што подобро да го прават тоа што го правеле и до сега. Затоа господа, овие 35 км. како најоддалечено место односно село од општината Маврови Анови, селото Бродец и селото Тануше, кои сега беа оддалечени 30 км., а најблиските две општини Гостивар и Ростуше се наредни 25 км. до 30, значи 60 до 70 км. од тие патишта апсолутно не ја искажува потребата на граѓаните и тука мислам дека немате можност и немате ни аргументи да ме убедите дека ова е чисто решавање на еден локален проблем, ова е чист ваш договор, партиски договор меѓу ДУИ и СДСМ каде што едноставно му го поклонувате Бродец и тромеѓето Албанија, Косово и Македонија. Зошто е сето ова така мислам дека вие знаете најдобро. Значи не се работи ни за општина Бродец ни за Маврови Анови кои за кои што ќе говориме и понатаму, има уште еден амандман во кој што ќе кажеме дека Маврови Анови и Маврово како национален парк може да опстојува и

мора да опстојува, вклучувајќи го и селото Бродец во својот состав како што бил до сега. Кои се побудите со кои што вие го исфрлате ова село со 138 км2, мислам дека апсолутно немате ни аргументи до сега беше аргументот дека има малку луѓе, но сега тие малку лѓе само ги префрлате во општина каде што има многу повеќе за разлика од општината која што опстојува, која ќе остане за жал, со друго име, со друг центар за разлика од досегашните Маврови Анови општина Маврово, каде што е и Ростуше и мислам дека на тој начин се прави еден конгломерат кој што едноставно го кажува вашиот политички договор. Тука нема критериуми за локална самоуправа, нема апсолутно критериуми за практицирање на локалната власт на ова население, се работи чисто за договор и територија. Затоа одговорноста останува на вас, не би сакале да ја делиме одговорноста со вас, како што неколку пати најавивте затоа што апсолутно ништо од ова што е кажано не прифаќате. Зошто го правите сето тоа нека остане на вас, на пратениците од позицијата, а Владата си е Влада и Владата сигурно дека треба да исполни некои договори кои што биле потпишани многу порано пред да почне да се работи оваа територијална поделба.

Затоа уште еднаш, ако имате доблест, ова мислам дека треба да се прифати и селото Бродец да остане во општината Маврово или Маврови Анови. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи ниој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Јас ги замолувам пратениците да влезат во салата за да можеме да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 9 гласале за, 57 негативно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 точка 15 и на член 12 точка  41, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 21-а по точката 21 и на точката 44, поднесен од пратениците Илија Србиновски и Никола Груевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот, господинот Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Илија Србиновски како предлагач на амандманот.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани пратеници, мислам дека претходниот пат кажав се и сите аргументи аргументи беа искажани за општина Добрушево дека се работи за интересите на граѓаните и мислам дека треба да остане таа општина како општина, бидејќи доста е оддалечено од градот некаде околу 30 до 40 км. а со тоа верувајте дека и селата ќе се испустат доколку не биде таа општина. Затоа, заради интересите на граѓаните, а и развојот на селото, за развој на земјоделието мислам дека оваа општина треба да остане како општина. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке.

Кои се условите оваа општина да опстои. Нејзините 10 села, селата Мусинци, Алинци, Кутунец, Моино, Дебевалци, Ценичани, Ношпал, Будаково и Трап, од нив се четири планински села, кои што во овој момент се многу оддалечени од новата општина Могила и проблемите кои што ќе ги има општината, или како што ги имаше и ги решаваше општината Добрушево, со тоа што се елаборираше минатиот пат во однос на сточниот фонд, во однос на она што има вработенот во општината Добрушево, во РЕК Битола, во

ЗИК Пелагонија, од формирањето на нови претпријатија на овие простори, решавањето на проблемите со осветлувањето, со водоводните мрежи и одпадните мрежи, едноставно, мислам дека општината Могила не ќе може да ги задоволи сите овие потреби и се чувствува селата кои што се наоѓаат во самото подножје на планината не ќе можат и не можат општината Могила со своите ресурси да ги задоволи сите овие побарувања, а можностите за развој на оваа општина се огромни, затоа што тука постоеле и постојат предуслови за огромен број на пасишта, за ситна стока, за крупна стока, така да проблемите што ги има општината Могила се налку поразлични од она што го има Добрушево. Самиот развој, ова што го правело Добрушево до сега и извршената реконструкција и извршените водоводни работи и инфраструктурата во конкретното подрачје, мислам дека покажува дека таа општина и понатаму треба да опстојува и самостојно и дека треба да се направи напор, да се даде можност и понатаму општината Добрушево да остане и она што е до денес. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувам сите пратеници да влезат во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 3 глазале за, 52 негативно.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

Присутни се 64 пратеници, гласањето е во ред.

Констатирам дека гласањето е во ред.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 за додавање нова точка 21-а по точката 21 и точка 44, поднесен од пратениците Илија Србиновски и Никола Груевски.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 25-а по точката 25 и на точката 23, 37 и 38, поднесен од пратениците Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресто по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 3 за, 55 негативно.

Во салата се присутни 64 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 за додавање нова точка 25-а по точката 25 и на точките 23, 37 и 38, поднесен од пратениците Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 25-а по точката 25 и на точките 23 и 37, поднесен од пратениците Блаже Стојановски, Жарко Караџоски и Михајло Георгиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бра збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 5 за, 59 против, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 за додавање нова точка 25-а, по точката 25) и на точките 23 и 37, поднесенод пратениците Блаже Стојаноски, Жарко Караџоски и Михајло Георгиевски.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 25-а по точката 25 и на точките 23, 37 и 38, поднесен од пратениците Илија Китановски, и Никола Груевски и амандманот на член 12 за додавање нова точка 25-а по точката 25 и на точките 23, 37 и 38, поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева и Блаже Стојановски, кои се точки 61 и 62 од списокот на амандманите по редоследот по кој се води претрес се со иста содржина.

Предлагам по нив да водиме единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив одделно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 60 пратеници од кои 59 за, нема воздржани, 1 против.

Молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во моментот на гласањето биле присутни 67 пратеници и ова гласање е валидно.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманите на член 12 за додавање нова точка 25-а по точката 25 и на точките 23, 37 и 38, поднесени од пратениците Илија Китановски, и Никола Груевски и од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева и Блаже Стојановски

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманите не се прифаќаат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој бра збор?

Г-динот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам, потпретседателке,

Сметам дека овие амандмани кои се поднесени и самиот број на амандмани кои се поднесени по однос на опстојувањето на општина Житоше го истакнува значењето на ова прашање и затоа не треба да помине така бегло, како што можеби некој сака.

Што сакам да кажам?

Се работи за следното: Со опстојувањето на општина Житоше опстојува и општина Долнени. Со опстојувањето на општина Житоше се овозможува користење на правото за употреба на својот јазик на бошњаците кои се над 20% во општината Житоше. На овој начин со опстојувањето на општината Житоше, истовремено се поттикнува мултикултурното живеење во оваа општина.

Истовремено импликациите кои ги има прифаќањето на овој амандман значат опстојување на општина Долнени што значи дека на овој начин ќе се овозможи целосно почитување на еден хармоничен соживот кој владее во оваа општина и апсолутно на овој начин ќе се види дека целта која ја има Владата по однос на овие предлози кои се однесуваат на општините Житоше и Долнени не е само етничкио пристап односно етничкиот принцип создавањето на некакви вештачки мнозинства или влијанија, туку напротив опстојување на она што се покажало квалитетно и успешно во досегашното постоење на општината Долнени и на општината Житоше.

Сметам дека апсолутно не држи аргументот со кој Владата настапува дека општината Житоше не можела да опстои, затоа што имала нешто под пет илјади жители затоа што се виде дека специфичностите кои ги имаат одредени општини, а кои имаат под пет илјади жители како еден од основните критериуми кои се трудеше Владата да ги имплементира во Предлогот на закон за територијална поделба апсолутно значи дека кон општина Житоше треба да се примени истиот принцип на отстапување од бројот на жителите со тоа што на тој начин ќе се овозможи една функционална целина и остварување во целост на потребите и сите оние надлежности кои треба да ги истваруваат локалните власти во иднина.

Фактот што етничкиот пристап во овој дел треба да биде токму во насока на создавање на мултинационална целина која ќе значи остварување на правата и на турците и на бошњаците и на албанците, меѓутоа, и зачувување импликациите кои ќе значат зачувување на општина Долнени во сегашните граници навистина е нешто што е

неопходно во овој момент, многу долго се дискутираше во однос на првичниот амандман што се однесуваше на спојувањето на општина Долнени со Прилеп и предлогот кој беше доставен од Владата за спојување на општина Долнени со општина Житоше, потоа се отвори прашањето околу тоа дали е подобро да оди Долнени со Житоше или е подобро Долнени да се припои со општината Прилеп или општината Долнени да опстои како самостојна општина во сегашните граници.

Сметам дека индиферентниот однос кон овие прашања создава многу големи можности за нарушување на меѓуетничките релации и наместо да се зачува она што се покажало како квалитет, како добри релации помеѓу различните етнички групации во оваа општина и односите кои се однесуваат во однос на самото функционирање на општината Житоше, затоа што, уште еднаш сакам да повторам дека седиштето на општина Житоше е во селото Житоше, седиштето на општина Долнени е во селото Долнени. За да се пристигне од Житоше до општинската зграда во Долнени потребно е да се оди од Житоше до Ропотово, па од Ропотово накај Прилеп за да се стаса до Долнени кој претставува една оддалеченост која апсолутно нема никаков логичен аргумент за да се прифати Долнени како центар на општина Житоше. Или обратно, жителите на општина Житоше можат да одат до Долнени ако поминат преку општините Кривогаштани преку Прилеп, па да стасаат на патот Прилеп Македонски Брод до Долнени.

Предлогот што го има дадено Владата не се однесува на реалното остварување на локалните интереси на жителите на овие општини, туку се работи за мотивација која не произлегува од нивните потреби, туку некаков критериум кој претставува апсолутно непретставува критериум, туку чист договор со цел вештачко окрупнување или вештачко нарушување на балансот помеѓу различните етнички групи кои живеат на тие простори.

Истовремено имајќи ги во предвид културно-историските традиции, имајќи ја во предвид бројноста на селата кои потпаѓаат под општината Долнени, имајќи го во предвид досегашното искуство во однос на функционирањето на општината Житоше каде навистина има реализирано поголем број на активности, кои се однесуваат и на локалната инфраструктура, зборувам за енергетско напојување, зборувам за патни правци, оспособување на училиштето во Житоше и други активности кои беа реализирани во претходниот период.

Истовремено менувањето на етничката структура, факт е дека драстично ќе се зголеми присуството или бројот на една етничка заедница на сметка на други етнички заедници, фактот што на овој начин се оневозможува на бошњаците да зборуваат на својот мајчин јазик, како единствена општина каде постои таква можност, а тоа е оваа општина Житоше. Фактот што ова директно се судира со интересите на турската заедница која живее на овие подрачја не покажува ништо друго туку дека овој закон е кроен како закон кој треба да ги задоволи интересите на етничките албанци со тоа што оние што треба да ја прифатат реализацијата на нивните интереси се македонците, а останатите етнички заедници остануваат на страна од целиот овој процес на децентрализација и од реализацијата на нивните потреби за употреба на нивниот мајчин јазик и воопшто за еден третман на Република Македонија како мултиетничка држава во која граѓанинот ќе биде центар на индивидуалните права и слободи кои произлегуваат од него и кои треба директно да се однесуваат на него.

Значи, кога се зборува за општината Житоше напротив, прв аргумент или прв чекор кој може и треба да го покаже Владата на Република Македонија е со прифаќањето на овој амандман да покаже дека на Република Македонија не гледа како на бинационална држава, туку како на унитарна држава, во која преку процесот на децентрализзација сите етнички заедници кои живеат во Република Македонија заедно со Македонскиот народ, вклучувајќи ја и албанската етничка заедница да можат да ги остваруваат во целост своите индивидуални права и слободи имајќи ги во предвид нивните културно историски традиции или традиционални вредности кои сакаат да ги искажуваат и потребите кои треба да ги реализираат преку остварувањето на овој процес на децентрализација во Република Македонија.

Ако веќе се зборува за етнички пристап при конципирањето на границите и на општина Житоше и на општина Долнени и на општина Крушево па и на општина Пласница која се граничи, која има 4 илјади жители навистина аргументите не можат да бидат поинакви освен да се согласиме со едно дека критериумите не се почитувани, туку секоја општина и границите на секоја посебна општина се цртани согласно некакви потреби дали од политички карактер или незнам каков или заради некакви притисоци кои беа вршени од страна на овие општини.

Овој начин, начинот преку амандманска расправа, преку поднесувањето на амандани да се надминат тензиите кои можат да произлезат со укинувањето на одредени општини како и со вештачкото припојување на едни општини кон други, притоа неземајќи ги во предвид реалните критериуми, реалните аргументи од кои треба да тргне цртањерто на општинските граници, навистина не значи ништо друго, туку долевање масло на огинот, затоа што жителите на сите овие општини имаат специфични интереси, тие сакаат на легитимен, законски начин преку амандманска расправа, преку прифаќањето на нивните предлози од страна на Владата да ги остварат нивните интенции за зачувување на сопствените општини или за припојување на соодветните општини со други општини, меѓутоа, на начин кој ќе значи подобрување на нивниот живот, подобрување на реализацијата на нивните потреби во однос на локалната самоуправа односно директното учество на граѓаните во решавањето на проблемите и во остварувањето на ингеренциите кои ги имаат локалните власти.

Затоа сметам дека игноранскиот однос кон сите наши амандмани и ставањето а/а на сето она што е договорено од страна на политичките партии во власта и целосното игнорирање на опозиционите предлози и на потребите кои ги искажуваат граѓаните или ги искажаа преку референдуми, меѓутоа, видовме дека постепено се радикализираат начините на кои сакаат да ги реализираат нивните барања незначи ништо друго, туку дополнително зголемување на тензиите по однос на донесувањето или по однос на процесот на територијалната поделба на Република Македонија која признавајќи дека етничкиот критериум е највалиден критериум заедно со политичките договарања што се во контекст на идните случувања што треба да бидат во регионот навистина сметам дека Владата не треба на овој начин да се однесува со опозицијата, меѓутоа, најмногу заради граѓаните на кои најмногу се повикува власта.

Инаку, имав прилика пред некој период да читам некои споредби во однос на начинот на кој била прифаќања општината од страна на жителите од тие општини за времето пред 1991 година, и слично се случува и сега, затоа што тогаш локалната власт, била сватена како нешто што треба да владее со жителите на тие општини која треба да кажува, а жителите да слушаат, а ова што се случува сега со овој закон за територијална поделба на Република Македонија не се случува ништо друго, туку власта кажува,

граѓаните не го прифаќаат, но тие се принудени да слушаат, а ако реагираат на тоа тогаш се употребуваат насилни средства.

Затоа апелирам преку собраниска расправа, преку прифаќање на аргументите кои ги дава опозицијата со поднесувањето на овие амандмани, со почитувањето на добар дел од она што го искажаа жителите на различни општини на Република Македонија да се покаже дека во Република Македонија демократијата има шанса, дека навистина овде разговараме врз основа на реалните потреби на граѓаните, а не врз основа на целите кои треба а се остварат и во контекст на решавањето на албанското прашање во регионот и во контекст на иднината на Република Македонија.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор е јавен министерот за локална самоуправа, а потоа г-динот Прешовски со реплика.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Стојаноски, незнам како се однесува позицијата према опозицијата. Читате километри, па се подготвувате и имиња да читате, а не читате факти. На граѓаните треба да им објасниме. Зборувате за етнички критериуми, предлагате етнички критериум на сметка на некоја заедница. Припадници на граѓани на определена заедница. На кои граѓани, во чија корист се прави обединување на општината Долнени и Житоше?

На сите пратеници и до јавноста доставивме целосен увид, покрај вкупното население, националната структура. Требаше да кажете и за пратениците и за јавноста да видиме што значи тој дел што сакате да кажете, во делот на зголемување, ќе повторам, на определена етничка заедница или на одредени граѓани кои припаѓаат на една одредена заедница.

Општината Долнени имаше 41% македонци, 21% албанци, 14% бошњаци. Во општината Житоше постоеја 1,56% македонци, 58% албанци, и 37% бошњаци.

Што добиваме со новата општина г-дине Стојаноски?

Со обединување на сите припадници на зедниците добиваме една мултиетничка, мултикултурна општина во која бројот на македонците е 36%, бројот на албанците 26%, бројот на бошњаците 17,54%.

Кое зголемување на кои припадници на етничките заедници, да, точно е во делот на бошњаците кои остваруваат право во општината Житоше, а не кажавте дека општина Житоше има 1900 жители и затоа во Уставот и Законот за локална самоуправа амандманот 5, дава можност. Во една ваква мултиетничка и мултикултурна и мултиконфесионална општина нема да има никаков проблем за врзување на процентите од 20%. Во оваа општина и бошњачкиот јазик е службен јазик на првата конститутивна седница.

Немојте да префрлуваме и меѓу редови да пренесуваме дека намерно се прави окрупнување. Во двете општини живеат и Бошњаци и Албанци и Македонци. Со тоа што Житоше е чисто етничка во основа, дел на Албанци и Бошњаци, ви кажав дека во Житоше има 1% Македонци.

Сега да ви кажам, на вашето искажување, изгледа не можеме добро да се разбереме, нашите објаснувања, во целото мое објаснување на концептот, на критериумите и пристапот на територијалното организирање на Република Македонија, укажувавме не дека малите општини не се добри, туку дека малите општини немаат одредени добри елементи, пред се на развој на живата врска помеѓу граѓаните и локалните авторитети, меѓу претседателот, па советот и слично. Не дека немаат подобро информирање на граѓаните или некое поголемо учество за одредени прашања, но во овој период на развој на Република Македонија, кога особено е важен економскиот развој, затоа правиме групирање на одредени општини, како што е општината за која зборуваме. Тоа е делот на Долнени со 11.500 жители и Житоше со 1.900 жители.

Што добиваме со тоа, сигурно вие знаете, живеете таму. Добиваме поголеми капацитети за остварување на јавните функции, што е сигурно, бидејќи ги знаете капацитетите во Житоше, подобри и поквалитетни услуги, помала зависност од трансверите, бидејќи оваа општина и другите општини немаат изворни приходи. Мораме

да ги зголемиме изворните приходи за сите граѓани, бидејќи нема повеќе чекање на трансвери, донации, грантови од државата.

Го имате законот и целокупниот пакет, особено на делот на финансирањето на општината со изворните приходи. Во тој дел, сигурно Долнени и Житоше прават поголема економска база и ќе прават пониски трошоци на услугите. Почнувајќи од администрацијата, со тоа што сакам да укажам дека и во Житоше и понатаму ќе продолжи да функционира локалната администрација за потреби за задоволување на правата на граѓаните како месна самоуправа. Сигурно, на овој реон ќе има поголемо лоцирање на средства за развој како изворни приходи и учество со дел на изворните приходи. Сигурно ќе има поголеми капацитети во делот на задоволување на општествените потреби.

Тоа е принципот што целосно го укажуваме, а вие изгледа, од други причини, а овој случај е типичен, кога самите велите да, не се почитувани, треба да се почитуваат. Во делот во кој што зборува Рамковниот договор, во делот во кој што зборува Уставот на Република Македонија и согласно критериумите, се почитуваат. Дури и етичките аспекти. Ова е типичен случај, повторувам типичен случај за што сакате обратно да покажете дека се прави нешто во интерес на одредена заедница или на Албанците. Ова се факти, ова се показатели, ова е принципот.

Јас, ја сваќам вашата намера, меѓутоа не би сакал да коментирам и да читам мисли од кој аспект е. Ова се факти доставени пред вас.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре.

Господинот Блаже Стојаноски има реплика на господинот министер.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Господине министре,

Јас не се сомневам дека вашите намери како министер се да направите пофункционална и подобра локална самоуправа. Меѓутоа, факт е дека вие сте заложник на некои политички договарања што постојат меѓу политичките партии од власта, со цел да биде поддржан овој закон, како што и самите владини претставници изјавија, основен

услов за да се донесе овој закон е за него да гласаат и мнозинството на албанската етничка заедница. Што значи дека тоа е условувањето за донесувањето на овој закон.

Меѓутоа, независно од тоа, вие не ми одговоривте на прашањето зошто Општинскиот центар Долнени може да биде подобар од овој општински центар и дека преку Општинскиот центар, населено место Долнени, жителите на општина Житоше ќе можат да ги реализираат сопствените права, како жители на таа општина?

Во однос на првата конститутивна седница на советот, навистина со тоа што велите дека на првата конститутивна седница ќе биде прифатен босанскиот јазик како службен јазик, бидејќи го зборуваат под 20% од населението, тоа е 17% согласно новиот предлог, апсолутно не држи, затоа што на тој начин, вие, како Влада прејудицирате одлуки на совет што сеуште не е избран. Што значи дека не можете да настапите со такво тврдење.

Во однос на капацитетите за функционирање на општина Долнени, пак би се вратил на тоа што е претходно дискутирано, односно спојувањето на општина Долнени со Прилеп, што не е можно, иако таа произлезе од општина Прилеп. Од друга страна, принципот на припојување на селските општини кон градските општини се прифаќа таму каде што има потреба заради етнички потреби за реализација на барањата на албанските политички фактори.

Од овие причини сметам дека доследноста на Владата на Република Македонија ја нема по однос на овие прашања.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Одговор на репликата има министерот за локална самоуправа, господинот Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Стојановски,

Ако ги гледате фактите, имаме Житоше со доминантно албанско население 60%. Во комбинирањето со Долнени во тој дел од Житоше, од 60% ги сведуваме на 26%

припадници на албанската заедница. Која е логиката, која е вашата логика и која е логиката на групирање кога имаме доминантно население, општина со припадници на граѓани на албанската заедница, ја спојуваме и од 60% ја сведуваме на 26%. Обратно е. Обратно. Во тој дел правиме мултиетничка. Не да доминира, туку да се намалува. Од 60% на 26%. Тоа е првиот факт што вие го кажувате и не држи.

Второто ваше прашање, вие добро знаете и јас знам зошто е седиштето во Долнени, иако е едно од помалите села. Долнени према Црнилиште, према Дебреншта кои се 3-4 пати поголеми, знаете дека Дебрани е одбрано како центар во тој дел што во основа и Житоше би припаѓало и што во основа на поранешниот ЗИК знаете дека се планира да се гради центар на сите тие села, во кои што сигурно би имало проблем доколку се лоцира. Не да немавме барање да е во Црнилиште, не да немавме за Дебреште, останавме, докажавме дека Долнени е центар и најдобро е, иако е мало село.

На крајот на краиштата, врз основа на вашите искажувања што се залагавте за Бошњаците дека треба да имаат службен јазик, бидејќи вие сте претставник на најголемата опозициона партија, сигурно претставниците на албанските партии не би имале ништо, тоа се ДУИ и ДПА, ДУИ е помоќната и СДСМ како моќна партија сигурно ќе го добијат советот на новата општина Долнени и нема да има никаков проблем да донесат одлука. Вие, како претставник на ВМРО-ДПМНЕ се изјаснивте дека изрично се залагате, а ќе ве држиме за збор, вашите советници на првата конститутивна седница ќе гласаат сигурно во општината Долнени да се определи службен јазик покрај македонскиот и неговото кирилско писмо, покрај албанскиот да биде и бошњачкиот.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Муминовиќ вие барате збор за реплика на дискусијата на господинот министер? (Да).

Повелете, имате право на 3 минути.

РАФЕТ МУМИНОВИЌ:

Јас, како легитимен и единствен претставник на Бошњаците му се заблагодарувам и на министерот и на сите колеги кога гледам колку се заинтересирани за

нас Бошњаците. Но, би било коректно, кога се Бошњацците во прашање, бидејќи јас лично имам поднесено амандман како е најдобро за нас Бошњаците во општина Долнени или Житоше, би ги молел само да ме поддржат во тоа што ние го имаме доставено како предлог, и во тој случај ќе сметам дека имаат искрени и чесни намери и министерот и опозицијава. Мислам дека сепак, ние самите најдобро знаеме како најдобро ни одговара дали општина Житоше или општина Долнени, каква е поставеноста.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господинот Коста Прешовски има реплика на почетната дискусија на господинот Блаже Стојановски.

Повелете, имате право на три минути.

КОСТА ПРЕШОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке,

На почетокот да кажам дека сум за опстојување на оваа општина во такви граници што барем приближно, ако не во целост ги задоволува критериумите за функционирање на општината. Инаку, во образложението на амандманите што ги дава господинот Стојановски кога станува збор за општина Житоше. Скоро секаде тој уште во почетокот на сите амандмани стои дека оваа општина од своето осамостојување повеќе пати ги оправда сите предвидени критериуми за нејзино опстојување. Вие, господине Стојановски, при образложувањето на еден од овие амандмани ги прочитавте скори сите критериуми и по кои се раководеше Владата при предлогот на овој закон, денеска зборувате цело време само за некој етнички принцип или критериум.

Од друга страна често се повикувате на референдумско изјаснување на населението во соодветни населени места. Во точка 37 велите општина Кривогаштани зборот “Подвис” се брише. Да кажам дали знаете дека жителите на село Подвис имаа референдум со кој тие во целост се изјаснија дека не сакаат да припаѓаат на општина Житоше односно на сега новата општина Долнени. Ако е така, тогаш би требало и ова да се земе во предвид, да го афирмирате, да кажете дека и Владата зема, дел од тие референдуми кои што се принципиелни, во обзир. Да кажам дека природно и географски

ова село што е на 1км од Кривогаштани му припаѓа на општината Кривогаштани.
За интерес на вистината, да го кажам и следното дека изјаснувањето на овие жители не беше за припојување кон Кривогаштани туку кон општина Крушево. Но сепак им е излезено во пресрет и тие се сложуваат Подвис да припадне на општина Кривогаштани.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Само нека одговори за контра репликата господинот Блаже Стојановски, ве молам.

Добро, процедурално господинот Есад Рахиќ.

Повелете.

ЕСАД РАХИЌ:

Благодарам потпретседателке, почитувани колеги,

Сега процедурално да укажам на господинот Рафет Муминовиќ кој што е мој колега пратеник во Собранието. Членување во партија не дава за право да се претстави како единствен легитимен претставник на Бошњаците во Република Македонија. Покрај него во Парламентот има уште еден, тоа сум јас. И, јас би сакал да апелирам до сите парламентарци и од опозицијата и од позицијата да во делот кога ќе расправаме за амандманот на господинот Рафет Муминовиќ, а може и сега доколку сме заинтересирани да го поддржиме барањето да Бошњаците во Република Македонија да добијат право да зборуваат на свој јазик. Тука посебно би апелирал до моите колеги...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Рахиќ, јас се извинувам...

ЕСАД РАХИЌ:

Дозволете, тоа беше процедурално.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ова не беше процедурално,  ова беше како дискусија.

ЕСАД РАХИЌ:

Во право сте, но не давам за право никој да каже кој е легитимен и нелегитимен претставник на одредена група.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да, но можевте сепак за дискусија да се јавите.

За господинот Блаже Стојановски контра реплика една минута, повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке,

Јас сум многу задоволен што слушам вакви дискусии од пратеници од парламентарното мнозинство. Целосно се согласувам дека треба да се почитува волјата на жителите на селото Подвис и сите заедно тоа треба да го решиме на начин како што тие бараат.

Она што претставува предлог што е доставен и што се кажува вака или онака се однесува на опстојување на општината Житоше во границите во кои опстојувала досега. Доколку се отвори принципот на почитување на волјата на жителите на одделни населени места кои сакаат да припаѓаат во друга општина, јас целосно се согласувам и еве давам поддршка на вашето укажување селото Подвис да биде припоено кон општина Кривогаштани или општина Крушево, онаму каде што сакаат неговите жители.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Амандманот на член 12 за додавање нова точка 25-а по точката 25 и на точките 23, 37 и 38, поднесен од пратениците Илија Китановски и Никола Груевски го ставам на гласање.

Пред тоа ги молам колегите пратеници да влезат во собраниската сала.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 52 пратеници, 6 пратеници гласаа за, 46 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на пратениците што бил во моментот на гласање.

63 пратеници биле присутни во моментот на гласање, што значи гласањето е валидно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 за додавање нова точка 25-а по точка 25 и на точките 23, 37 и 38, поднесен од пратениците Илија Китановски и Никола Груевски.

Одиме на гласање по другиот амандман за кој заеднички водевме расправа.

Амандманот на член 12 за додавање нова точка 25-а по точката 25 и на точките 23, 37 и 38, поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева и Блаже Стојановски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници од присутни 64, за амандманот гласале 6 пратеници, 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 за додавање нова точка 25-а по точката 25 и на точките 23, 37 и 38, поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева и Блаже Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 25-б по точката 25 и на точките 23 и 37, поднесен од пратениците Блаже Стојановски и Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа, господинот Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

И овој амандман е сличен, се однесува за групирање на општината Житоше и како што кажа почитуваниот пратеник, тука е и Подвис и доколку не го повлече предлагачот, амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Овој амандман е сличен со претходниот и со другите амандмани кои не беа прифатени од парламентарното мнозинство. Во однос на претходниот амандман ги кажав

сите аргументи кои се однесуваа на причините поради кои тој е поднесен и затоа мислам дека нема смисла да се гласа за овој амандман и како еден од предлагачите го повлекувам, меѓутоа, согласно Деловникот треба двајца и пак ќе треба да се гласа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 6 пратеници гласале за, 54 против, во моментот се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 за додавање нова точка 25-б по точката 25 и на точките 23 и 37, поднесен од пратениците Блаже Стојановски и Жарко Караџоски.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање на нова точка 26-а по точката 26 и на точка 34, поднесен од пратениците Ванчо Стаменков и Михајло Георгиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот на се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓа Марија Којзеклиска.

Повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам потпретседателке.

Кога беше амандманот И, јас зборував за општина Зрновци и сега ќе зборувам за општина Зрновци. Можеби така ќе го убедам министерот или парламентарното мнозинство да гласа за опстојување на оваа општина.

Јас сакав прво да кажам сите амандмани кои се поднесени од страна на опозицијата се за опстојување на постојните 123 општини во Република Македонија. Значи тоа е единствената причина поради која опозицијата ги поднесе сите овие амандмани.

Тоа го кажав и во првата фаза кога беше Предлогот за донесување на закон за територијална поделба . Единствено средство кое ни остана за да ја убедиме Владата и парламентарното мнозинство за опстојување на сите 123 општини е поднесување на амандманите. Конкретно се работи за опстојување на општина Зрновци која од 1996 година, заедно со општина Оризари беа самостојни општини, а со предлогот на законот за територијалната поделба на Република Македонија и Оризари и Зрновци стануваат составен дел на општина Кочани. И минатиот пат реков, кратко ќе повторам во однос на критериумите кои ги даде Министерството за локална самоуправа за формирање на новите општини согласно новата територијална поделба, значи демографската големина, економксата одржливост, објекти од општествен стандард, инфраструктурна опременост на општинскиот центар, природни и геогравски услови и специфичните критериуми. Овие се критериумите според кои Министерството за локална самоуправа го даде ваквиот предлог за територијална поделба на Република Македонија .

Конкретно за општина Зрновци, самата општина брои 3264 жители, опфаќа три населени места како што е наведено и во амандманот: Видовиште, Мородвис и Зрновци каде што досега беше и општинскиот центар. Сите населени места во оваа општина се инфраструктурно поврзани со асфалтни патишта со општинскиот центар и со можност за приклучување кон општина Зрновци на околните населени места. На подрачјето на општина Зрновци има основно училиште, има експозитура Јавното претпријатие за поштенски сообраќај Македонски пошти, имаме две подрачни училишта кои се реновирани и тоа едното од овие подрачни училишта е во село Мородвис кое е реновирано од страна на средства од Швајцарската амбасада, домови на култура во село Зрновци, Видовиште и Мородвис, значи сите три села кои ја сочинуваат општина Зрновци, исто така се целосно реновирани и модернизирани. Во општинскиот центар имаме здравствена амбуланта, постои еколошко друштво, а од стопанскиот сегмент на општина Зрновци има капацитети и тоа од капацитети три конфекции, приватизирана

земјоделска задруга “Зрновка” , погон за преработка и конзервирање на градинарски култури со капацитет од 1200 тони со над 100 вработени, понатаму во село Мородвис има погон за производство на фина дрвена дрвенарија , “Струмица Табак” има погон во село Видовиште со 42 вработени. Општината Зрновци располага со обработлива површина која изнесува 1700 хектари од кои 300 хектари се во државна сопственост. 57% од вкупните 100% се шумски ресурси, 32% се обработливо земјиште и определен број на сточен фонд. Населението во оваа општина Зрновци се занимава со земјоделство и тоа градинарство, производство на тутун, ориз, пченица, јачмен.р'ж, афион овоштарство, лозарство со модернизирани средства за обработка, значи имаме маргинализирање и сведување на минимум на примитивниот начин на работа. Во општина Зрновци постои хидроцентрала на Реката Зрновка која произведува електрична енергија. Постои јавно комунално претпријатие кое се грижи за комуналниот ред во општината . Сите овие инвестиции и проекти кои се завршени како што е наведено и во образложението на амандманот сигурно се директна заслуга на органите на локалната самоуправа во општина Зрновци затоа што никој нема да дојде и да побара од вас и да ви даде она што вие го сакате. Значи, вие морате да барате, за да можете да добиете од некој нешто.

Јас сега би сакала само да кажам дека оние материјали кои беа доставени до пратениците во првата фаза во Предлогот за донесување на закон за територијална поделба, можеби пратениците не успеале да видат, меѓутоа за општина Зрновци постои една нацрт верзија за развојот на општина Зрновци до 2020 година, која е изготвена од научен тим .Општина Зрновци до 2020 година, со оваа програма е предвидено тој регион да стане препознатлив по еколошки здравата и чиста средина , пред се со сменување, или промена на односот на луѓето кон животната средина преку елиминирање на загадувањето, преку санација на дивите депонии, квалитетна вода за пиење, зелени површини, повеќе пошумени подрачја со што Зрновци доколку се разбира остане како општина, затоа што оваа нацрт програма е сепак предвидена како нацрт верзија за постојната општина Зрновци, тогаш Зрновци треба да биде место на чиста и на здрава животна средина. Јас навистина не верувам дека општина Кочани и органите на локалната самоуправа во општина Кочани одкако ќе мине оваа територијална поделба,

ако воопшто мине, дали градоначалникот и органите на локална самоуправа на Кочани ќе ги интересира до каде воопшто стигнала оваа нацрт верзија која е изготвена од научен тим за општина Кочани. Не верувам дека ќе ги интересира, значи, тоа си останува за Зрновци, ќе се стопира до таму каде што е стигнато и натаму Зрновци ќе остане во милост и немилост на Кочани. Меѓутоа, за ова малце подоцна. Значи, во досегашниот развој кој го има општина Зрновци од основањето 1996 година па до денес секако дека и министерот ќе се сложи дека успеала да ги зачува своите вредности кои ги има, својот идентитет, природата, традиционалното агропроизводство, својот фолклор, религија, традиции и останати вредности.

Она што сакам да го укажам, или да се надоврзам на мојата претходна дискусија е негативното искуство кое го имаат генерално сите општини во Република Македонија кои не беа општини до 1996 година, а тоа е незаинтересираноста и слухот во конкретниот случај од општина Кочани кој ќе го има за потребите и на Оризари и на Зрновци кои влегуваат во состав на новата општина Кочани. Сметам дека таков индолентен однос кој постоеше до 1996 година ќе продолжи доколку секако се разбира се донесе овој закон за територијална поделба на Република Македонија . Не верувам дека жителие ниту на Оризари, ниту на Зрновци за кои се однесува и овој амандман ќе можат да уживаат некои благодети кои ги уживале од 1996 година до донесувањето на овој закон. Секако мораат да бидат пофалени општината Зрновци за досега покажаниот позитивен тренд во развојот на сите аспекти на својата општина и нивното активно ангачирање во привлекувањето на определени инвестиции се со цел подобрување на условите за живот во општина Зрновци. Оваа општина имаше референдум со кој референдум 99,5% од населението во општина Зрновци бараше оваа општина да си остане во границите во кои постои , без да се припојува кон општина Кочани. Меѓутоа министерот за локална самоуправа и Министерството за локална самоуправа очигледно ги интересира само оние референдуми во кои општиние велат, не, ние неможеме сами да опстоиме, затоа бараме да бидеме приклучени кон некоја друга подобра општина. Овие останати референдуми меѓу кои е и референдумот за општина Зрновци, сметам дека воопшто не го земале во предвид при предлагањето на овој закон. Ако основна интенција на вака предложената територијална поделба од Владата на Република Македонија е

задоволување на интересите на населението во општините и овозможување на подобри услови за нивно нормално функционирање, неможам да разберам зошто тогаш тие референдуми не беа прифатени од страна на Министерството за локална самоуправа и покрај постојните 5, 6 критериуми кои ги има Министерството за локална самоуправа дадено како основ од кој се тргнувало при оваа предложена територијална поделба. А од друга страна, ќе повторам, незнам минатиот пат дали министерот за локална самоуправа беше присутен, мислам дека замина на седница на Влада, а на седницата беШе присутен заминик министерот. Кога прашував дали ваквата територијална поделба дава можност да формираме гломазни, нефункционални општини, или со еден збор мегалополиси, затоа што во конкретниот случај, Кочани е центар на општина Кочани. Досега општински центар за општина Зрновци беше Зрновци, за општина Оризари беше Оризари. Што мислите вие, дали граѓаните на општина Зрновци ќе останат да живеат во општина Зрновци, дали жителите на Оризари ќе останат да живеат таму, или сите ќе се концентрираат кон општина Кочани со што ние ќе имаме ситуација како што имавме и во минатото ситуација, замрување на сите села, замрување на развојот, на тие луѓе што досега учествуваа во изградбата на својата општина и Зрновци и Облешево и кој беше вашиот основен мотив покрај овие критериуми кои ги наведовте вака да се формираат големи општини. Ние и во првата фаза, ќе ве потсетам, кога беше предлогот за донесување на закон за територијалната поделба имавме споредба и со Република Словенија. Вие велите дека Република Македонија неможе да ги издржи овие 123 општини. Таму имаше 190, во Република Словенија има 190 општини. Јас неможам да ви кажам точно колку е територијата, колкава е разликата во км,2, Македонија и Словенија, меѓутоа, сепак се работи за два различни закони. Значи имаме територијална поделба на Република Македонија и имаме децентрализација. Ние повторно почитуван министре имаме експеримент. Дали децентрализација не треба да се спроведе на постојните 123 општини како што ви кажав дека и сите амандмани поднесени од опозицијата се однесуваат на постоењето на овие 123 општини. А територијалната поделба да ја оставиме за некои други времиња, ако веќе сакаме фактички да се концентрираме на децентрализацијата на власта. Ние сега имаме два експеримента во исто време и тертиторијална организација, окрупнување н аопштините, замрување на селата,

концентрирање на жителите во градовите, а од друга страна имаме уништување на она што досега барем од 1996 година до сега постоело во тие помали развиени општини. Од овие причини барам од колегите пратеници од позицијата, со оглед на тоа што министерот се изјасни дека не го прифаќа амандманот, уште еднаш да размислат, да ги анализираат состојбите, причините и потребата од ваквата територијална поделба во чиј концепт се и Зрновци и кога ќе дојде на ред гласањето, да гласаат за опстојување на општина Зрновци.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Г-ѓо Којзеклиска,

Прво би сакал да ве уверам , бидејќи овој амандман е беспредметен и во рамките на можностите во врска со вашите аргументи пред Владата ќе бидат уште еднаш најсериозно разгледани со сите оние приоритети на типична општина во делот на организирањето за разлика на делот за кој зборувавте со исти критериуми. Бидејќи јас кажав, секоја општина е различна. Делот на Оризари кој знаете дека преставува дел на деталeн урбанистички план, а со оглед дека овие општини Зрновци во делот на самото населено место околу 2000 и ви ветувам дека најсериозно за Зрновци ќе бидат разгледани од аспект на Министерството, на луѓето и до Владата во делот на разгледување на дискусиите. Јас ќе потенцирам, секоја општина преставува своја специфика и неможеме да ги споредуваме истите специфики меѓу овие две општини, меѓу Зрновци и Оризари. Оризари има други предности. Кочани, знаете има детален урбанистички план .

На вашите укажувања дека со предлогот на Владата на Република Македонија за територијална организација се прават мегаполиси, сигурно не би требало да се согласиме, затоа што и вие ги имате таквите. Со овој предлог до 5000 жители имаме 13 општини, или од 80 знаете колкав е процентот. Од пет до 10 илјади жители имаме 14 општини. Од 10 до 20 илјади имаме 20 општини, од 20 до 50 илјади имаме 14 општини и од 50 до 100 илјади жители имаме осум општини, над 1100 илјади жители имаме една општина-Куманово.

Не е можно постоечките 34-40 кои целосно гиисполнуваат  условите поинаку да бидат организирани освен една или две општини во тој дел и делот на компонирањето на неизбежниот дел на приклучување кон градовите. Сигурно ќе се согласите доколку , сигурнои вие знаете, која е просечната општина во Европа, врсз основа и на типот, некој од колегите рече Франција има , незнам колку можеби 100 -2 илјади општини, 40 илјади општини, многу е битен типот на општината, дали е монотипна, дали е едностепена, двостепена и тростепена и знаете во тој дел, како одат ингиренциите на делот на второстепеноста и во кој што ние имаме таков тип, што многу тешко не ограничува. Знаете, не можете да ги имате овие, Оризаре, Зрновце, Блатец, овие надлежности,доколку имавме една можност да имаме политипни општини. Општини само со комунални дејности и општинисо градски или оние кои имаат капацитет и во тој дел .

Не би сакал да ви читам за делот на големината на европските општини. Инаку, сигурно го знаете особено во одредени држави кои се во транзиција, кои правеле, кои  го поминале овој дел, една Литванија има 66 илјади просечна големина на општина, во Полска е 16 илјади, во Романија е околу 8, во Данска 20, Португалија 36.

Би скал да коментирам еден дел во кој често во РМ па и одредени стручњаци кои се експерти повеќе за други дејности, за локалната самоуправа ја посочуваат Република Словенија, територијалната организација на Република Словенија која имаоколу 190 и нешто општини. Мислам дека во РМ пратениците дојдоа до едно интересно списание кое го издава Центарот за економски анализи кое ви е достапно, па доколку го имате не би сакал да го цитирам, најновите согледувања на професорот Оплотник и на Брезовник за делот на големината на единиците на локалната самоуправа во Словенија, најновите анализи кои велат:”Словенија е мала централно европска земја со гоелма демографска и географска распространетост. За време на реформите функционалните, финансиските и регионалните елементи беа игнорирани како резултат на различните политички интереси”.

Воспоставување на  “фиктивни” општини од општинит ешто претходно беа пренаселени и во тој дел и регионализацијата која е во степен. И, вели: “покрај тоа што законот налага изрично 5 илјади жители за формирање на општина вомоментов 95 општини не успеаа да го  исполнат овој основен критериум. Многу од нив беа политички

принудени и создадени врз основа на други критериуми”. И во тој дел овие двајца еминентни стручњаци укажуваат дека територијалната организација во Словенија врз основа на таканаречен нормативен принцип не е во ред и не ги задоволува потребит ена граѓаните.

Сигурно ние не правиме експерименти, јас кажав што е предноста на малата општина и што е потреба на граѓаните на Републиката и во делот на локалниот економси развој.

Правиме општини во рамките на зголемвување на капацитетите и во рамките на функционално поврзување онолку колку што е можно. И, сметам дека врз основа на овие податоци оптималниот број врз основа на сите експерти, мораме да кажеме во оваа прилика, секој има свои гледања во делот на надлежностите од членот 22. Одредени политички партии во своите согледувања, во своите анализи сметаат дека 34 општини би биле оптималниот број и оној најдобриот број во кој би се остварувала вака организираната уставна локална самоуправа, тоа е коалициониот партнер ДУИ кој цело време го истакнува тоа. Исто така ДПА во тој делкако опозицијона партија изрично опстојува на тој дел.

Во меѓувреме имаме одредени трансформации кај опозиционата партија ВМРО-ДПМНЕ која територијалната организација од 123 општини ја осудуваше како сега исто што ја осудува, јас можам да ви ја донесам целокупната документација бидејки не беа во Парламентот, она што изјавуваа луѓето задолжени за локална самоуправа, што ќе доведело со 123 општини во РМ какви продажби, национални, етнички општини, тоа го има , тогашнит еможеби беа “Нова Македонија”, “Вечер”, немаше толкав плурализам, но можам да ви ги доставам, еминентните стручњаци кои сега можеби се во ВМРО или не се но во тој период беа тука.

Оптимално организирање, можеби ова не е најдоброто во РМ, јас ви укажав на неколку пати и во самите контакти во предлогот кој долго беше очекуван од опозиционата партија, вашата ВМРО-ДПМНЕ кој никогаш не беше обелоденет беше и во разговорите 83, 85, 86 и она што го затекнавме во Министерството. Вашето опстојвување на 123 општини, јас сакам да ве уверам врз основа на овие надлежности во РМ нема да имаме локална самоуправа во која граѓаните ќе одлучуваат за прашања од локално значење и

ќе добиваат подобри услови. Во никој случај одредени општини кои во дадениов момент се сведуваат на околу 35. 40, ги знаете немаат капацитети. И, ништо не се губи со нивното припојување кон одредена слична општина. Нема ни мегамополиси, не создаваме, или вештачко пренесување и прекројување врз основа на етничките критериуми, го почитуваме етничкио таспект врз основа на она што едоговорено за одреден дел на општините. И, кога ќе дојдеме целокупниот дел и вашето однесување во овој дел јас мислам дека Зрновци исполнува одредени,тоа би скал да го укажам, и затоа реков дека целосно ќе го разгледаем, а другите ваши амандмани и укажувања за одржување, околу клучните забелешки и на опозицијата и на граѓаните се знае кое е Скопје, тоа се Струга и Кичево кои сигурно врз основа на аргументи и една констутивна расправа ќе ги отвориме.

Затоа, ако може да се укаже во делот на моето воведно излагање би скал во дел на поконструктивното, а не деловничко изигрување или методот на прелажување во дел на деловник и читање.

Да, вакви аргументи помагаат, сигурно Владата на крајот врз основа на дискусијата ќе согледува.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-дине министре.

За реплика на г-динот минситер јавена е госпоѓа Марија Којзеклиска.

Повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван минситре,

Јас не можам да се убедам, а не можам да ве убедам вас, меѓутоа вие од искуство сигурно знаете дека кога селата и општините кои досега беа како општини, а стауваат составен дел на определен општински центар или град каде што се концентрира најголемиот број на  население од искуство знаете дека демографската или миграцијата секако ќе оди кон она место каде што има повеќе пари. Затоа сметам дека тие можеби мегалополиси не е соодветен збор, меѓутоа ќе имаме страшна концентрација на население во градските места од оние општини кои се укинуваат. Никој не сака да се

врати на село, верувајте. Ако вака, оваа територијална поделба помине тогаш ние ќе останеме без села и ќе го дотаманиме селото кое досега барем некако живуркаше.

И самите во вашето образложение кажавте споредбени податоци со Словенија, Франција. Можеби инајбезболното решение ќе беше, г-дине министре, ако ние предложевме или вие измена и дополнување на Законот за локална самоуправа каде што ќе имаме двостепеност на локалната самоуправа. Тоа можеби ќе беше нај безболното решение и соодветно на тоа и друга територијална поделба, па тогаш ќе можевме и вашите аргументи да ги разбереме и на етнички принцип и на демографска големина и на економска одржливост на општините и на објекти од општествен стандард. Значи, решението било тука пред нас. Ако е веќе така тогаш можевте да предложите измена и дополнување на Законот за локална самоуправа, да направиме двостепена локална самоуправа.

Благодарам.

ЛИЛЈНА ПОПОВСКА:

Благодарам,

Господинот Гештаковкси контра реплика.

Повелете.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Само треба да се присетиме зошто не е направена двостепената и зошто предлагачите и доминатниот дел на Владата во кој сигурно учествуваше во тој дел во 2002 година и СДСМ,не предложи. И, да се присетите во тој дел на уставните решенија и на Законто за локална самоуправа кој беше донесен со политички консензус и расправата во Паралментот околу делот на админситративното обединување, соработката и околу расправите во одреден член. Јас би ви посочил да ги прочитате стенограмите од таа седница во делот на политичкото организирање на двостепената локална самоуправа, кој беше ставот на ВМРО-ДПМНЕ. И тука би завршил. Да ги земете тие стенограми од февруари 2002 година, од Парламентот.

Би скал да ви укажам дека 2004 година не е 1965 година, дека Оризари не е она што беше во тој период, особено делот пренесување и преминување од Оризари во Кочани. Токму обратно. Имаме селски населби кои се приклучуваат, многу подобро

уредени, асфалтирани и во кој сигурно ќе се вклопат и бидете сигурни наша цел е да ги враќаме луѓето , кои останаа без работа во градовите, на своите имоти. Во овој период се враќаат пензионери, почнуваат со мали бизниси и денешното време на глобализација е многу кратко, човекот ќе оди да живее и во Оризари и во Блатец каде што ќе го остварува својот дел на животот. Нема повеќе индустрилизација, нема повеќе вработување и во тој дел на овие населби , вие знаете, зборуваме за Кочани убеден сум дека ни еден нема да се пресели да живее во Кочани, токму обратно.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Прво завршуваме со репликите на дискусијата на г-динот минситер. Јавен е за реплика г-динот Спиро Мавровски.

Повелете, три минути.

Само да разјасниме, Којзеклиска имаше дискусија, а по неја бевте пријавен за реплика на нејзината дискусија (му се обраќа на пратеникот Макрадули) за реплика беа приајвени неколку души.

Меѓутоа се јави г-динот министер и немаше реплика, туку дискусија имаше. Имаше дискусија надвор од три минути, имаше долга дискусија. Така што сите што сега се јавуваат на неговата дискусија како реплика. (Реакција)

Не, не, Марија имаше реплика на дискусијата и минситерот сега реплика на Марија. А, истовремено беше пријавен за реплика на дискусијата на г-динот минситер и Спиро Мавровски. Затоа сега со тоа завршуваме и потоа одиме со репликите на дискусијата на Марија Којзеклиска, како што секогаш правиме.

Господине Мавровски, повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке,

Почитуван министер неколку пати говориме и се обидувате да ни објасните дека Европската Унија со своите локални самоуправи и просечноста од 66 илјади како што кажавте до 15 илјади во Полска, со таа просечност и РМ со овие 80 општини има некаде 25 илјади просечно општина, по бројот на жители. Но, забораваме една друга работа

говорејки за Холандија, говорејки за Данска, за Франција дека апсолутно не станува збор за инфраструктурни проблеми како штоние овде говориме за нашите рурални средини кои што воопшто сеуште не се заживеани и можеме со овие закони целосно да ги уништиме и она што може нешто да заживее ние сакаме да го уништиме.

За разлика од нас Европската Унија, денеска да бидете жител на Париз скоро е невозможно, а верувајте дека во Данска, во Холандија многу ретко ќе се одлучи некој од тие селски средини кои што ги имаат средно сите работи да се префрли во поголем град. Мислам дека тука е таа голема разлика, едноставно сакаме да пресликаме нешто што не се пресликува и да правиме спореба со работи со кој едноставно нее тоа што сакаме да го направиме кај нас. Затоа што, со овие закони , 29 закони, пакетот што вие го нудите и што треба да го изгласаме тука во Собрание, нашата локална самоуправа нема да добива толку ингиренции, добива толку обврски и права што апсолутно мислам дека многу ретко некоја држава во ЕУ локалната самоуправа да ги има сите овие права, а бидејки ние не сме виделе ништо, добро кажавте, 2001, 2002 година имаше преговори, разговори јас очекував дека ќе се направат некои пилот општини и дека вие сега ќе излезете со една финансиска конструкција за нас на пратениците да ни биде полесно при одлучувањето да кажеме дека оваа општина може, оваа општина не може. Тква работа апсолутно не добивме.

Гледајки ингиренциите во здравството, во полицијата,оснвоното образование , културата, спортот јас мислам дека и на ниво на држава во овој момент сме многу тенки дека тука имаме големи проблеми како државна ситуација и закони кои што ги носиме на државно ниво, а за локалната самоуправа едноставно се сомневам дека ќе можеме да го направиме.

Словенија во моментов има 192 општини, пред 4 години ги имаше некаде околу 160. По барање на локалната самоуправа тој број се зголеми за повеќе од 30 повикувајки се на референдумите и барањата на граѓаните на Република Словенија.

По бројот на жители Република Словенија е како кај нас. Словенија во моментов е во ЕУ, а ние сме пред некои врати на ЕУ, кои врати сеуште незнам, но ќе причекаме сигурно уште 10 години. Можеби дотогаш Словенија ќе има и 250 општини.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Министерот за локална самоуправа, повелте,

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Мавровски, целокупнио тпакет од 29 закони и 6 кои се усвоени е синхронизиран и координиран врз основ ана целокупниот дел. Ни еден закон не претставува дел на издвојвуање. И, дозволете ми во една, пак ќе речам конструктивна расправа да дојдеме до тие закони, да дојдеме особено до законот за финансирање каде надлежниот министер ќе ви ги предочат и симулациите и можностите и издржливоста. Затоа да одиме цел пакет да го погледаме како целосен пакет кој мора да профункционира на 1.01.2005 година со буџетската година, доколку Парламентот ги одобри сите 29 закони.

Имаме и пилот општини, вие добро знаете,имаме пилот општини во финансиската сфера, имаме пилот општини во управување во социјалната сфера, имаме голем дел на работилници, имаме сервис центри, имаме центи во дел на граѓаните на испитувањето и со огромен дел на меѓународни организации , јакнење на јавната администрација, но сето тоа мораме да го заокружиме и да почнеме да ги создадеме тие услови , база во сите сфери, особено во делот на економските услови.

Вие самите зборувате во секоја од овие општини има или од Карц програмата кое е во огромен износ или од други донации. Но во тој дел би сакал да укажам, врз основа на новото финансирање општините мора да продуцираат сопствени изворниприходи.

Благодарам.

ЛИЛЈНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-дине минситре.

Со тоа завршивме со репликите на дискусијата на г-динот министер.

Се враќаме на репликите на дискусијата на госпоѓата Марија Којзеклиска.

Прв е приајвен г-динот јани Макрадули.

Повелете.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Благодарам, потпретседателке,

Дел од мојата забелешка особено на двостепеноста ја искажа и министерот, значи да не ја даваме Словенија за пример за број на општини бидјеки таму сеистемот е поинаку организиран и таму има двостепена локална самоуправа и не може да ги споредуваме овие две работи.

Јас сакам да укажамна еден аргумент штопостојано опозицијата гоистекнува, а тоа е дека тие се залагаат за 123 општини. Во интерес на јавноста сакам да истакнам, доколку тие се залагаат за 123 општини тоа ќе го прифатев ако имаа поднесено амандмани за сите 123 општини да опстојат. Но, бидејки немаат амандмани за 11 општини, Царпари, Лозово, Клечовце, Орашец, Боговиње, Неготино Полошко, Арачиново, Долна Бањица, Србиново, Вруток и Чегране ми укажув ана тоа дека не се искрени во нивните заложби за 123 општини бидјеки очигледно ако сакале тоа да го направат ќе го направеле со поднесување на амандмани.

Затоа, да не се манипулира јавноста, значи ни опозицијата воовој момент не се залага за 123 општини и да си играме или да не им даваме лажна надеж на некои граѓани што живеат во тие општини.

Второ, ингиренциите и новит еможности што се дадени на локалната самоуправа и општините не се дадени со овој пакет на закони, со овој пакет на закони се имплементираат, а зголемениот број на надлежности се дадени со законот за локална самоуправа, измените на законот за локална самоуправа во февруари 2002 година.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Процедурално, г-динот Даневски, повелете.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Почитувана потпретседателке, дами и господа пратеници,

Мојата процедурална интервенција е затоа што станува збор за општина Лозово. Јас на време поднесов амандман, но Собранието односно претседателот не го прифати од технички карактер, затоа што кажа дека не се исполнети условите и на самата

седница, иако се работеше за итна постапка, не сакаа да го прифатат. Амандманот беше ставен, но не го прифати претседателот на Собранието амандманот за општина Лозово.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Даневски, ви благодарам за информацијата. Јас можам само да проверам за што се работи, ова прв пат го слушам од вас.

Реплика на репликата има госпоѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас само кратко ќе му кажам на почитуваниот колега Јани Макрадули. До пред малку колегата Јанаке Витановски велеше да се повлече бројот на амандманите, тие биле беспредметни, биле вакви, такви, а од друга страна велите дека ќе сте ја прифателе постојната територијална поделба доколку имало амандмани за 123 општини, за кои бараме ние. (Реакција со зборовите: не). Да, да, вие рековте ќе се заложите за постојната организација доколку сме поднеле амандмани за сите 123 општини. Ние имаме поднесено амандмани толку колку што имаме поднесено, во првата фаза кажувавме и сега за овој предлог на закон ќе кажуваме за опстојување на 123 општини, па ве молам да го поддржите предлогот да постојат постојните 123 општини.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следна реплика на дискусијата на госпоѓата Марија Којзеклиска има господиное Јанаке Витановски.

ЈАНАКЕ ВИТАНОВСКИ:

Почитувана колешке Марија, сакам да ми одговорите на моите две дилеми по амандманот. Јас ќе зборувам исклучиво по амандманот, иако тој е поднесен од колегата Ванчо Стаменков. Со амандманот барате да се бришат населените места Видовиште, Зрновци и Муродвис. Каде ќе ги носите тие, повеќе нема да постојат. Со амандманот предлагате овие населени места да одат во непостоечка општина Зрновци. Како тоа го замислувате доколку се усвои амандманот? Прво ќе ги избришеме населените места од картата на Република Македонија и тоа Видовиште, Зрновци и Муродвис, а овие исти населени места кои ќе одат во општина Зрновци која не постои, тие ќе висат во воздух, бидејќи општината не постои во членот 10 од законот. Според мене ова е само

демагогија, трошење на време и пари и кобајаги се грижиме за граѓаните од тие населени места, вие предлагате да ги избришеме од карта. Затоа, уште еднаш велам дека амандманите кои се однесуваат на членот 12 се беспредметни и треба да ги повлечеме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Една минута контра реплика за госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Многу почитуван колега Јанаке Витановски, пред неколку дена имавме амандман 1, во кој баравме во член 10 под б) во точката 46 да се додаде нова точка 46-а која гласи: “Општина Зрновци со седиште во општина Зрновци”. Тоа е ваша вина почитуван колега што не е усвоен амандманот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам колеги.

Нема повеќе реплики.

За дискусија е пријавен господинот Ванчо Стаменков, но со оглед на времето објавувам пауза до 14,00 часот.

(Пауза од 12,40 до 14,00).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да продолжиме со работа.

Дали некој бара збор по амандманот?

Има збор пратеникот Ванчо Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Амандманот кој го поднесов за општина Зрновци се однесува општината Зрновци да остане општина, а не да се укине како што е предложено со новиот закон. Се доби лош впечаток дека овој амандман веќе помина, па сега повторно ќе се зборува а тоа е поради тоа што се  поделени амандманите на членот 10 и на членот 12. Инаку, фактички се работи за еден амандман кој требаше да се разгледува заедно, така што немаше да имаме вакви проблеми.

Инаку, господинот пратеник од Неготино Јанаке Витановски спомна, ако сега се усвои амандманот на член 12, овие населени места ќе се избришат од картата на Македонија и нема да постојат. Тоа не е точно, бидејќи ако се усвои сега овој амандман 2, фактички Владата ќе може да интервенира и да се измени и членот 10. Знаеме дека според Деловникот на Собранието Владата може до самото гласање по Предлог-законот да интервенира со амандман и да се среди работата.

Сакам да кажам некои општи работи. Повторно не би зборувал за аргументите зошто општина Зрновци треба да опстои. Во врска со тоа многу се кажа и многу се зборуваше. Сакам да кажам дека овој закон што сега го имаме како нов закон можеби беше подобро да оди како закон за изменување на територијалната организација од 1996 година и тогаш убаво ќе се видеше дека со овој закон се укинуваат општините. Сега излегува обратна работата дека ние сакаме да направиме нови општини, иако тие веќе постојат. Тогаш во таа измена Владата ќе предложеше укинување на некои општини или она што е предвидено со Рамковниот договор, ревизија на општинските граници во Република Македонија. Таа ревизија е фактички измената на законот што ќе се понудеше и немаше да имаме вакви промени какви што имаме сега. Јас сум сосема свесен дека пратениците сакаат да одат на одмор, а излегува дека ние ги задржуваме во таа намера и дека навистина се изморени, цела година се работи, па треба седум или 10 дена да се одморат. Но бидејќи темата е толку сериозна и толку е сериозен законот, се работи за општините во Република Македонија, за локалната самоуправа која е од суштинско значење за развојот на државата во сите сфери, оваа сериозност ни дава за право што повеќе да зборуваме на оваа тема и што повеќе аргументи да искажеме во овој пратенички дом.

Сакам уште еднаш да кажам дека како пратеник кога сум го поднел овој амандман сум ја почитувал волјата на граните од село Зрновце, бидејќи доаѓам од изборната единица број 3, или поточно од кочанскиот крај каде што припаѓа и оваа општина. Граѓаните на Зрновци на референдум по слободна волја, непринудени од никој излегоа и кажаа дека се за тоа нивната општина Зрновци да остане како што е сега со населените места Видовиште, Мородвис и центарот Зрновци. Тие сметаат дека имаат можност и сила да ја задржат општината со сите надлежности што ќе дојдат со новиот закон за

локална самоуправа. Овој референдум според бројката што ја доби на излезените граѓани на гласање покажува дека не гласале само припадниците на ВМРО-ДПМНЕ и други политички партии, туку гласале сите граѓани, односно бројката на 90% излезеност покажува дека таму постои едногласност во размислувањата дека на нив им е потребна општината за да можат да ги остваруваат своите права како граѓани. Сигурно тоа го заклучиле врз основа на практиката од осум години, од 1996 година до денес сигурно имале разбирање со локалните власти во нивната општина, односно подобро ги остварувале своите права пропишани со закон, отколку во периодот до 1996 година кога биле во состав на општината Кочани. Тие луѓе нема да излезат на референдум ако не им е подобро сега. Сега да тврдиме дека на граѓаните од Зрновци ќе им биде подобро со Кочани е погрешно. Не можеме тоа да го тврдиме кога тие луѓе излегле на референдум и кажале дека на нив им е подобро да бидат организирани како сега во нивната општина Зрновци. Затоа, непочитувањето на гласот на народот е грубо кршење на човековите права, грубо кршење на позитивните законски прописи во државата, односно ратификуваната Спогодба за локална самоуправа на ЕУ. Таа спогодба требаше порано да ја ставиме во нашите законски прописи и да биде составен дел од нив, а не сега со новиот закон за територијална организација да интервенираме. Не можеме спогодба односно закон кој е ратификуван во овој Парламент да не го почитуваме, ако кажуваме дека сме за Европа и затоа ги усогласуваме законските прописи според европските.

Затоа, молам уште еднаш да се преиспитате и вакво грубо кршење на законските прописи во Република Македонија  не води кон ништо добро. Од два аспекти ги нарушуваме работите. Прво, кршиме еден закон кој е ратификуван тука, не го почитуваме и второ, не го почитуваме гласот на народот. Гласот на народот е јасен. Ако Владата односно министерот или некој друг кој ја укинува општина Зрновци смета  дека имало проблеми со тој референдум, тоа може да провери на нов референдум и да каже, еве, и ние ќе учествуваме во тој нов референдум заедно со локалните власти за да го видиме вистинското мислење на граѓаните.

Инаку, немаме сознание дали граѓаните на општина Кочани сакаат Зрновци да биде со нив. Јас мислам дека и тие не сакаат, бидејќи си имаат доволно свои проблеми и доволно свои нерешени прашања за да се занимаваат со поблемите и нерешените

прашања на граѓаните од општина Зрновци. Тие луѓе, односно граѓаните на Кочани ниту имаат пари ниту имаат можности, а и тој градоначалник кој ќе дојде, односно целата локална власт после новите избори сигурен сум дека нема да има ниту време ниту средства што треба да ги издвои за проблемите во сегашната општина Зрновци. Повеќе пати спомнав дека граѓаните на општина Кочани, посебно на градот Кочани, односно локалната власт што ќе ја изберат не можат да се грижат за селата од околината. Тоа го покажаа и во изминатите 8 години, бидејќи знаеме дека во составот на општина Кочани останаа некои села, особено во низинскиот дел како што се Грдовци, Мојанци, Горни и Долни Подлог, Тркање, за кои градоначалникот на Кочани односно локалната власт не можеше ништо да направи. Ништо не е направено во изминатите 8 години, а сега со припојување на уште повеќе села ќе биде успешен и ќе сработи нешто! Мислам дека е апсурдно да се размислува така, а јас бев градоначалник и тоа го знам, градоначалникот на поголемо населено место, центар да се грижи со успех за ридско планинските подрачја од општината, бидејќи тие влегуваат под Бирото за неразвиени подрачја, додека центрите не можат да користат средства за неразвиени подрачја. Општина Кочани, односно Градот Кочани јас сум сигурен дека добро ќе се грижи за планинскиот дел од општината, како што се Нивичани, Пантелеј, Полаки и во изминатите години се покажа дека добро се грижи за тие населени места. Тие треба да му ги оставиме на Градот Кочани, а оние села од низинскиот дел треба да ги организираме во рурални општини. Само така ќе имаме успех во тој дел за кој зборував.

Општината Зрновци треба да опстои, треба да опстојат и многу други општини каде е спроведен референдум, на кој што граѓаните јасно и гласно кажаа дека сакаат нивните општини да опстанат.

Ќе ве молам уште еднаш да ги почитувате референдумите кои се одржани во овие населени места во овие општини.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Стаменков.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Бидејќи претресот е заклучен по амандманот, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 61 пратеник.

6 гласале за амандманот, нема воздржани и 53 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање на нова точка 26-а по точка 26 и на точката 50 поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Никола Груевски, Михајло Георгиевски, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Коце Трајановски и Слободан Чашуле.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа господинот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Трајановски, имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Значи, иако е овој втор амандман, значи на член 12 и на член 10, тој на член 10 не е помина, значи ќе се обидам уште еднаш да го убедам претставникот на Владата и парламентарното мнозинство за потребата од останување на општина Зелениково и понатака како и досега во посебна општина во рамките на единиците на локална самоуправа во Република Македонија. Имено, амандманот гласи: значи во член 12 по точката 26 се додава нова точка 26-а која гласи: “Општина Зелениково со селата Вражале, Градовци, Гумалево, Дејковец, Добрино, Зелениково, Ново Село, Орешани, Пакошево, Палиград, Смесница, Страхојадица и Таор”. Додека во точка 50 која се однесува на општина Петровец, овие исти села значи Вражале, Градовци, Гумалево,

Дејковец, да не ги набројувам до крај, треба да се бришат. И што предвидува амандманот?

Амандманот предвидува од Предлогот за една нова општина, општина Петровец, во која што би потпаднала и општина Зелениково, со амандманот се бара да општина Петровец остане како посебна општина, во постојните рамки со селата кои што се во општина Петровец, значи Петровец, Р'жаничино, Огњанци, Катланово, Средно, Долно, Горно Коњаре, Сушица, Дивље и селата кои што се околу катлановскиот регион, а во општина Зелениково да останат селата кои што сега ги напоменав. Зошто го барам ова? Пред се го барам ова поради тоа што жителите на општина Зелениково на референдум одлучија, или побараа од власта да општина Зелениково остане во постојните рамки.

Имено, Советот на општина Зелениково на 30.12. распиша референдум по Предлогот на Владата за донесување на Законот за територијална организација на локалната самоуправа. Референдумот беше закажан и одржан на 17.01.2004 година и истиот беше избран преку органи од Советот на општината.

Во селата околу општината сите партии без исклучок дали се од позиција или од опозиција од ВМРО-ДПМНЕ, од Социјалдемократскиот сојуз и сите други кои што имаат свои советници, едногласно побараа општина Зелениково да биде посебна општина во постојните рамки, т.е. да биде издвоена од постојниот предлог и да не биде заедно со општина Петровец, туку двете да бидат независно, посебни општини во Република Македонија.

Во сите населени места во кои што се гласаше гласањето помина мирно, без инциденти, што јасно зборува дека волјата на народот е почитувана и сето ова е правено, овој референдум е правен согласно на Европската повелба за локална самоуправа, каде во членот 5 кој што значи заштита на границите на единиците на локална самоуправа, децидно стои дека границите на територијата на кои се простира надлежноста на локалните власти, не смеат, значи ќе потенцирам не смеат тие граници на таа територија да се менуваат без претходно консултирање на локалната заедница што се во прашање, значи на нејзината територија и доколку е тоа можно по пат на референдум.

Ова во општина Зелениково е остварено, значи направен е референдумот, на кој што граѓаните се изјасниле за останување на оваа општина Зелениково во постојните

граници и притоа од вкупно 3365 гласачи, гласале 2320, од кој што за гласале 2248.

Или во проценти искажано вкупно гласале 69% од запишаните гласачи, и од тие што излегле 69% за предлогот да општината Зелениково остане во постојните граници како посебна единица на локална самоуправа, независна од општина Петровец, се изјасниле 96,8%. Значи вака високиот процент на искажување на желбата на граѓаните, на жителите на овие 15 населени места од кој што само од Палиград се нема гласано, во сите останати се има гласано за референдумот, јасно искажува дека вољата на овие жители е да има своја општина.

Инаку, значи зошто овие граѓани, овие жители на овие 15 или 14 населени места, се залагаат ил сакаат да општина Зелениково биде во постојните граници. Сигурно, а не така случајно, туку напротив тоа е плод, резултат на постигнувањето кој што ги има општина Зелениково како посебна општина, која што опстојува од 1.01.1997 година, значи од тогаш па до денеска, или до неизгласувањето на овој амандман, или до прогласувањето на овој закон, оваа општина значи опстојува скоро 8 години и значи за овие 8 години во овие населени места, навистина жителите на овие населени места кој што ги набројав да не ги читам поново, значи јасно зборува дека овие жители ги имаат почуствувано благодетите од посебна локална самоуправа. И не само од тогаш, значи би сакал да напоменам дека општина Зелениково како посебен општински центар опстојува од 1914 до 1955 година кога се припојува кон општинскиот центар Драчево.

Значи сепак се работи за една територија која што има искуство и која што била општински центар, во минатото, во блиското минато, а и во подалечното минато.

Општината претставува природна географска целина, значи со сите 15 населени места, значи кој што јас ги набројав и поради тоа оваа општина го исполнува и еден од основните критериуми, значи да биде географска целина. Исто така, сакам да кажам дека општината Зелениково од градот Скопје, значи центарот на општината е оддалечен 25 километри, значи не е голема таа далечина и зафаќа површина од 175, отприлика 175 километри квадратни, што зборува за една општина со средна големина во рамките на општините во Република Македонија. Селата му се и рамничарски и планински, значи од мешан карактер се, и се наоѓаат на надморска висина од 200 до 400 метри. Преку

општината протекува Кадина Река, значи десната притока на Вардар. Општината се граничи со општина Студеничани, општина Петровец и општина Велес.

Сакам да кажам дека националната структура на општината Зелениково е таква што е од мешан етнички карактер, македонци се 61%, албанци 30%, власи 0,02, роми 2,26% и бошњаци 4,68, срби 1,1% и останатите 0,47%.

Значи се работи за една општина со мешан етнички состав во кој што граѓаните независно од нивната етничка припадност ги остваруваат своите права, и како што кажав на референдумот јасно искажуваат дека и понатака сакаат да живеат во оваа општина заеднички, што јасно зборува за еден етнички соживот кој што со новиот предлог да општина Зелениково се припои кон општина Петровец, може да настане, етничките односи да бидат разнишани.

Во општина Зелениково постојат седум месни заедници, кој што месни заедници практично се во подолен степен на одлучување, во селата Зелениково, Орешани, Ново Село, Пакошево…

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски вие имате амандман за овој член, а не за месни заедници. Ве молам држете се до амандманот.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, овие населени места што ќе ги кажам се во рамките на општина Зелениково кои што имаат некој степен на свое одлучување како месни заедници. Некои имаат, некои немаат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кажете ги кои имаат, кои немаат.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Еве ќе ви ги набројам. Месна заедница Наде Здравковски, станица Зелениково, Месна заедница Трпе Божиновски село Зелениково, Месна заедница село Орешани, Месна заедница село Ново Село, Месна заедница село Пакошево, Месна заедница село Гумалево и Месна заедница село Таор.

Значи, од овие 15 населени места кои што ги напоменав во општина Зелениково дел имаат месни заедници, поголемите, а дел од нив немаат.

Од инфраструктурни објекти овде постојат повеќе приватни фабрики, пошта, здравствена станица, централно училиште во станица Зелениково, така да сите населени места се асфалтирани, електрификцирани и постои комуникација помеѓу нив.

Населбите Орешани, Зелениково и станица Зелениково со Скопје се поврзани со регионален пат, а постои и автобуски превоз, што значи дека постои комуникација помеѓу градот Скопје и седиштето или центарот на општинскиот центар во станица Зелениково.

Асфалтен пат исто така има до селата Пакошево, Ново Село, Таор, Страхојадници, Вражалец, Палиград, дел од патот до село Градманци, до селото Смесница и Гумалево е делумно асфалтиран, а останатите села како што се Добрино, Дејковец и Тисовица само е тампониран а не и асфалтиран.

Значи, со отпочнување на општината да биде како посебна општина во рамките на единиците на локална самоуправа во Република Македонија од 1997 година, па се до денес, како што кажав и на референдумот дека не случајно е волку голем процент 96,8% изјазнети во сите населени места, јас ги имам и процентите од секое населено место, но не би сакал да го замарам аудиториумот бидејќи скоро сите се над 70% изјаснети за опстојување на овие населени места во рамките на општина Зелениково а не во рамките на општина Петровец.

Значи, од 1997 година наваму приоритет на општината за овие населени места беше да се доизградат и започнат цевководите за поврзување на локалните водоводи во овие населени места, така да изработени се и реализирани се проекти за водовод на населените места Таор, Пакошево, Ново Село и Страхојадица.

Има и други инфраструктурни зафати кои што се доста значајни и кои што се изградени од страна на општината која постои како самостојна и поради што овие населени места и понатаму бараат да бидат во рамките на таа општина. Сметаат дека доколку бидат префрлени во општина Петровец ќе бидат далеку од општинскиот центар Петровец и нивните проблеми ќе бида многу, многу потешко решавани, дури и не знаат дали ќе бидат решени. Значи, покрај собирањето, покрај водоводот, покрај електрификацијата на селата извршен е и генерален урбанистички план за седиштето на општината и направена е урбанистичка документација, бидејќи тоа е за селата. Во

урбанистичката документација за населено место Таор, за село Орешани, Пакошево и други села.

Поставени се исто така нова телефонска централа, поврзани се со телефонска мрежа сите населени места и сегашната состојба со телефонски приклучоци во населените места од постојната општина Зелениково е релативно добра. Освен селата Добрино, Дејковец, Гумалево, Палиград, Кисовица, Вражале и Градманци кои немаат телефонски приклучоци сите останати населени места имаат телефонски приклучок. Тоа е благодарение на ангажирањето на единицата на локалната самоуправа.

Значи општина Зелениково, населените места, селото Таор во кое што се наоѓа и археолошки локалитет и се претпоставувa дека тука е роден римскиот император Јустинијан, исто така може да биде во иднина еден од изворите на опстојувње на оваа општина, така да сметаме дека и ова е еден од факторите поради кои сметаме општина Зелениково може да биде посебна општина и да опстојува како таква.

И некои можности кои што би се промениле со новиот закон за локална самопурава.

Има повеќе од 550 викенд куќи во кои што всушност луѓето кои што живеат во овие куќи се со постојано место на живеење во овие викенд куќи, само со личните карти се во Скопје, така да физички се таму, ја користат целокупната инфраструктура која што ја има изградено и ја гради општината. Дури се претпоставува дека доколку општината остане како посебна општина Зелениково жителите од овие викенд куќи би извадиле лични карти на постојната општина Зелениково, така да бројот на жителите би се зголемил и би го надминал бројот од 5.000 жители, што е како еден од условите кој не е вклучен, меѓутоа значаен според Министерството за локална самоуправа за опстојување на постојната општина.

Исто така, со оглед на тоа што опфаќа огромна територија и има големи природни богатства, сметаме дека со новиот закон за локална сасмоуправа и неговата измена, доколку се даде пренесувањето на правото да се издава потконцесија да издава општината, а не ресорните министерства, сметаме дека општината би имала сериозен прилив, на финансиски средства со кој ќе може нормално да работи и во услови на

целосна примена на Законот за децентрализација. Значи, тотална фискална децентрализација.

Со предлогот со кој се предлага и во прва фаза и сега во втора фаза значи општина Зелениково, се предлага овие населени места од општина Зелениково значи да подпаднат под општина Петровец, што сметаме во директна спротивност со член 17 од Законот за локална самоуправа, затоа што населените места од Зелениково немаат никаква комуникација, комуникациска врска со општинскиот центар во Петровец, знаеме дека тука ги дели реката Вардар и меѓу општина Зелениково т.е. селото Таор како најблиску село до општина Петровец, и селото 'Ржаничино, најблиското село од општина Петровец нема ниту асвалтен пат. Така да доколку сакаат жителите од овие населени места од Орешани од Зелениково, од Таор од  Вражале и останатите села од општина Зелениково да ги остваруваат своите права во новиот општински центар во Петровец, ќе мораат да отидат во Студеничани, да поминат преку Студеничани, како општина Студеничани општина Кисела Вода, општина Гази Баба и потоа да дојдат во општина Петровец и повторно назад да се вратат што доколку го сметаме и најодалеченото село од општина Зелениково, тоа би значело поминување на пат од повеќе од 100-тина км., што јасно зборува дека на овој начин не би имале ние децентрализација, туку, напротив би имале центализација, и поради тоа току голем број на граѓани од овие населени места имаат излезено на референдумот, и толку голем процент го имаат дадено гласот за Зелениково, да биде посебна општина со овие населени места кои што сега ги кажав и кои што треба да подпаднат под ова.

Значи, со ова сметмаме дека и општина Петровец и општина Зелениково можат самостојно да опстојуваат и понатака со населените места кои што ги има во нив. Затоа со овој амандман и баравме да овие населени места кои што ги набројавме бидат припоени или да формираат општина Зелениково, а истите да бидат во точката 50 кај што е општина Петровец, да бидат избришани од општината Петровец, бидејќи тие се таму додадени како предлог за една новоформирана општина. Значи, сето ова јасно зборува дека направен е еден неприроден предлог, бидејќи го нема основното ниту комуникација.

Со оглед на тоа дека оваа општина е малечка, помала од 5 илјади жители, како што кажаа и претходно имаат околу 13 општини во новиот предлог, од втората фаза која што исто така има помалку од пет илјади жители, а сепак се предложени да бидат како самостојни општини во рамките на Република Македонија. Дека не е пресудно доколку општината малечка за да има своја општина, јас би го прочитал, членот 14 од Законот за локална самоуправа каде што вели: “меѓуопштинска сорајботка”. Значи овие населени места кои што се во оваа општина, можат да здружуваат средства и да формираат заеднички јавни служби со населените места од другите општини. знажи не мора општината да биде голема, и за да ги има овие заеднички јавни служби. Исто така можат со здружување на средства општините исто така да формираат административни тела за одредени области, во согладсност со законот. Значи ова јасно зборува дека не мора општината да е голема и да ги има сите административни тела и сите заеднички јавни служби. Исто така, во овој контекст, зборува и членот 24 од Законот за локална самоуправа, каде што е опишан начинот за извршување на надлежностите, каде што вели дека општината може да го делигира во ставот 2 од членот 24, општината може да го делигира вршењето на одредени работи од јавен интерес од локално значење на други правни или физички лица, врз основа на договор за извршување на работи од јавен интерес, во согласност со Законот.

Значи, овие два члена од Законот за локална самоуправа многу јасно зборуваат дека овие населени места, кога би опстанале и ја формирале општината Зелениково, значи можат да имат и заеднички јавни служби, и може да делегираат одредени работи од јавен интерес на други физички лица, со што би било поекономично функционирањето на оваа општина. Исто така, сакам да напоменам дека со оглед на тоа што се вели дека финансирањето или економсксата оправданост за постоењето на одредена општина е клучно, имаше многу општини кои што јас не би сакал да ги злоупотребувам нивните имиња, меѓутоа се толку малечки и без никакви стопански субјекти, а сепак во втората фаза од овој закон се предложени да бидат како посебни општини. Што значи принципот е вака селективно применет и доаѓа до сомнение дека воопшто нема некој принцип, туку напротив ова е само од политички и од етнички аспект, правена е новата територијална организација. Инаку, од аспект на финансирање, како што кажав воопшто нема. За ниту

една од постојните 123 општини, колку тие согласно на новите закони за финансиска деценрализација, значи за финансирањето на единиците на локалната самоуправа за данок на имот, за данок на наследство, за административни такси и сл., колку од овие 120 секоја по одделно би собирала и колку би и недостасувале, доколку би постанале како постојна општина, од една страна и од друга страна за овие 80 ново фирмирани, прдлогот за 80 новоформирани општини по сите овие закони од економски апскет. Значи, законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Законот за данок на имот, данок на наследство, административни такси, и сл., колку тие 80 општини би се собрале значи од овие населени места поединечно и стопанските субјекти кои што се наоѓаат во овие населени места, значи исклучително на Зелениково, и ние како пратеници да би можеле многу релевантно значи со едно компаративни податоци да кажеме да. Навистина оваа општина може или не може да опстане. Меѓутоа има еден податок кој што во финансирањето на единиците на локалната самоуправа, вели дека тоа ќе биде со трансфери об Буџетот.

Тогаш, зошто за овие населени места од општина Зелениково, да не важи тој трансфер за финансирање, а да важи за некои населени места од друга општина која што исто така според наше мнение и според наши анализи навистина исто така нема доволен број на средства за да можат тие населени места да опстојуваат како посебна општина. Сепак, пак сакам да напоменувам, се работи за еден селективен пристап, се работи за еден принцип кој што на едно место се применува на другиот не се применува и на крајот сакам да кажам дека на овој начин ќе се направи голема неправда општина зелениково да не постои како посебна општина. Исто така, голема неправда, према сите овие населени места. Јас уште еднаш би ги прочитал само, значи село Вражалец, село Грабовци, село Гумалево, село Дејковец, село Добрино, село Зелениково, Ново Село, Орешани, Кошево, Палиград, Смесница, Страхојадица и Таор, за да стигне до општинскиот центар Петровец, треба да поминуваат некои од повеќе од 50 километри, а некој повеќе од 100 километри, притоа, поминувајќи 4 општини.

И, тоа што исто така, е интересно и индикативно е тоа што овие две општини кои што сега формираат една општина, општина Зелениково и општина Петровец, во новата општина Петровец, што тие двете припаѓаат на две различни големи скопски општини.

Значи ако биле тие имале нешто блискост тогаш тие би требало да бидат во една општина уште кога до 1996 кога постоеја големите општини во Скопје. Сето ова јасно зборува дека на жителите од овие населени места, наместо да им се подобрат условите на живот, намето да им се подобри комуникацијата со општината, сметам дека таа многу ќе се усложни, и на некој начин ќе биде во спротивност со основната определба дека локалната самоуправа со новиот предлог закон на теиторијална организација ќе биде поблиску до граѓаните на овие населени места.

Значи уште еднаш апелирам и до претставникот на Владата, и до Парламентарното мнозинство, да го подржи овој амандман и општина Зелениково да остане како посебна општина во рамките на единиците на локална самоуправа во Република Македонија. Исто така, и Петровец да остане посебна општина.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАОВСКИ:

Благодрам, г-дине Трајановски.

Збор има г-динот Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Благодарам, г-дине пртседател, почитувани колеги, г-дине министер и г-да од Министерството.

Се јавувам за збор од многу едноставна причина. Принципиелно се држам до ставот што го изразив уште во време на расправата во комисиите дека не толку добриот начин на организирање на локалната самоуправа во 1996 година, е подобар од овој што сега се нуди. Но, главната причина поради што се јавив и како предлагач и како говорник сега, на амандманот за Зелениково, е што сметам дека најнапред ние пратениците или барем јас така ги чувствувам работите, треба да ја почитуваме изразената волја на граѓаните. Ние од овде го уредуваме нивниот живот, а тие преку референдумот рекоа дека вака како што е им е добро. Меѓутоа, главната причина поради која сметам дека Зелениково е пример кој што треба да се дочува, е фактор што оваа општина е на границата на популациониот критериум. Но, според сите свои перформанси досега покажува дека е кадарна не само да опстане, туку и да се развива.

На крајот мислам дека од причините поради кои се јавив за збор, сосема конструктивно, мислам дека на Зелениково можеме сите да напрвиме еден навистина демократски гест и да го прифатиме овој амандман и сметам дека располагам со неколку аргументи, покрај сите оние што ги кажа колегата Трајановски во своето исцрпно излагање, ќе ве убедам како мнозинство во овој парламент, да го поддржите.

Зелениково е општина која ја познавам од поодамна. Повеќе пати сум престојувал во Орешани, а своевремено кога имаше младински акции, бев горд да учествувам во станицата Зелениково. Тоа е дел од минатото на кое со носталгија и со гордост се сеќавам. Станица Зелениково и Орешани, според моите скромни знаења од економијата, се полови за развој во таа општина. Орешани, меѓу другото ако сакате своевремено го направи првиот македонски исчекор во информатиката, кога луѓето таму почнаа, што навистина беше чудо за малкумина, да произведуваат печатени плочи. Орешани како населено метсо во општина Зелениково, исто така, своевремено развиваше индустрија за мебел и на себе врзуваше еден поголем број на жители. Станица Зелениково и Орешани, според сите параметри и од статистиката и од нивното искажување, на кое јас верувам исто толку коку и на бројките, се во состојба на сите други населени места да им го овозможат оној природен и прекупотребен развој што граѓаните од оваа градска општина на Скопје го заслучуваат. Тоа се гледа и од досегашната работа на локалната саоуправа, која успеа од една општина и ако погледнете сега од општина центар, можеби некому ќе му прилега на селска општина, на рурална општина, меѓутоа, тие успеаја да изведат со домаќинско работење, со вешто располагање со средствата, со соработка со онаа малку индустрија што се развива, во соработка со луѓето кои таму имаат свои куќи за време престој, да ја урбанизираат општината. Оваа општина, се разбира, далеку е од тоа да биде Европска по својата урбанизација, ако го земеме европско сватено како некои извонредно високи критериуми, но, отскокнува од многу други во Македонија, а особено од општината со која сакаме да ја поврземе, ако помине Предлогот на законот за општината Петровец.

Она што ме мотивираше навистина да земам збор е фактот што општина Зелениково може да биде и пилот, и модел, за мултикутлура во Македонија. Затоа и ги зедов овие хартии со мене, ценет министре тоа е вашиот закон, каде стои една

извонредна избалансирана ситуација, која со придодавањето на Петровец нема да се измени, ниту во Зелениково, ниту во Петровец. Но, ако остане вака и ако е да се суди според искажаната волја на сите граѓани таму, очигледно е дека постои една позитивна енергија, која сака за постигнатото за овие осум години потпрено на тадицијата од памтивека до 1955 година, да продолжи да го гради. Значи, моето пледоае до вас е, прво, да го почитуваме референдумот, тоа е волјата на граѓаните таму.

Второ е да прифатиме дека оваа општина ги исполнува сите критериуми, освен популациониот.

Трето е да прифатиме дека на еден дел во непосредна околина на Скопје, во близина на општини каде што сме имале секакви проблеми, од развојни до односи меѓу заедниците, да ја сочуваме оваа општина како модел, таа ги има сите тие претпоставки. Инаку, ако се работи само за тие 930 жители, или нешто помалку, што и недостигаат за да го исполни цензусот од пет илјади жители, ако продолжиме ака да ја развиваме, а очекувам дека и со Македонски железници долгорочно во перспектива гледано дека развојно ќе го решиме нивниот проблем, нивната егзистенција, тогаш станица Зелениково, како една од важните патемни товарни и патнички станици ќе овозможи дополнителен развој и закрепнување на дополнително население во оваа општина. Ако кон тоа додадеме дека тенденција е веќе, а наскоро ќе биде доминантно во најурбаните општини во Македонија Центар и Карпош луѓето да одат во околината на Скопје, каде што еколошките и други услови за живот се подобри, тогаш е за логично очекување дека тие 500-тини луѓе што веќе сега имаат таму куќи со една геометска прогресија при еден прогнозиран развој, како што параметрите на општината сега го прикажуваат и би се доселиле и така таа општина би го исполните и тој критериум.

Мислам дека Зелениково е пример на кој ние безболно можеме да постигнеме политички договор и да обезбедиме една општина која има надеж да докаже дека сме биле во право.

Меѓутоа, зарем не сваќате дека сега човек од општина Центар се залага за една нему една далечна општина , не само би сакал, ако ми дозволите дека е редно, бидејќо пва сепак е мислење на локалната самоуправа ние градиме во случајот ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас незнам дали вие не бевте тука кога расправавме за амандманот 1 кога повторно се дефинираше да постои општина Зелениково. Сега го имаме амандманот 2 каде се назначени селата.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Јас само сакам да кажам дека не е случајно селата што г-динот Трајановски ги кажа. Мислам дека очекувате од мене не да ги повторам, туку да се потпрам на кажаното и да продолжам понатаму да ја изведам аргументацијата која ми ја кажавте. Инаку, г-дине претседател ако сакам да манипулирам со времето, ќе го земам списокот и ќе седнеме и ќе ги читаме имињата. Мене тоа не ми е намерата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие водите општа расправа за амандманот 1.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Водам расправа за тоа зошто општина Зелениково со овие села треба да остане самостојна и сакам да го кажам следново: Со потпишан документ, со меморандум печат и со исказот на својата личност, избраниот претставник на локалната самоуправа вели дека општина Зелениково ги има сите потребни услови , ги задоволува сите критериуми на Министерството и дека може вака со овие села како што е и со новиот закон кој ќе го усвоиме за финансирање на локалната самоуправа и натаму да опстои. Ви велам, дајте да покажеме дека  во овој Парламент не можеме да изградиме консензус, макар за едно прашање, а селата во општина Зелениково, ќе бараме тука да остане општината единствено се добар пример.  И да ви кажам уште нешто, ако ми дозволите. Животот и природата ги решаваат работите на најефикасен начин. Историски гледано Петровец сегогаш припаѓал на друга општина Гази Баба, во она време кога се правеле поинакви модели, Зелениково припаѓало на друга општина. Ние не сме најпаметната генерација и ќе направиме грешки, како што ќе направиме паметни работи. И другите генерации правеле и распоредувале општини. Но ова е прв пат овие две општини да се спојат. И уште нешто што ќе треба експертите да го објаснат што овие села не ја задржале општината, ние додаваме една општина со извонредно пропулзиран развој и перспектива, од околу 4070 население кон друга општина која е двојно поголема и

оправдано е стравувањето на луѓето од селата што сакаат да опстанат во општината Зелениково, дека ќе бидат некаде запоставени.

И на крајот, ние создаваме општина во која имаме еден проблем, градот, државата и локалната самоуправа во фазата кога ќе треба ако се усвои законот да се консолидира, значи таа општина со овие села споени со Петровец, ние ќе треба да вложиме дополнителен напор да се изгради комуникацијата меѓу Петровец и Станица Зелениково. Ако ова вака функционира како што функционираше до сега, тогаш не гледам причина зошто би требало да го менуваме. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам г-дине претседателе,

Претходните говорници многу јасно ги предочија критериумите кои ги исполнува општина Зелениково за опстој понатаму со сите оние села кои припаѓаат на општина Зелениково, со центар во Зелениково, бидејќи во предлогот на Владата припојувањето на општината Зелениково кон Петровец за мене е најнеприродно припојување на една општина кон друга. Зошто беше кажано веќе, меѓутоа, јас ќе повторам затоа што нема поврзаност со пат и со била каква инфраструктура општината Зелениково кон Петровец. Со ваквото припојување на општината Зелениково кон Петровец, навистина ќе направиме голема грешка пред се, што оваа општина има иднина , тоа е веќе јасно.

Друго, ние ја погазивме Еворпската повелба за локална самоуправа членот 5 во кој толку многу се зборуваше, верувајте дури и врапците го знаат не само луѓето, само Владата не сака да го разбере, а со тоа што ја припојуваме општината Зелениково кон Петровец, ние ги повредуваме и човековите права на граѓаните кои живеат во општина Зелениково, затоа што наместо да им ја направиме по достапна локалната самоуправа, ние им ја правиме така далечна, затоа што овие граѓани, не ќе можат така лесно да дојдат во општинскиот центар кој сега се предлага. Меѓутоа, мислам дека за да дојдат до Петровец преку Скопје треба да поминат некаде над 70 км. Тоа не е во функција на децентрализација и секако тоа не е во функција во интерес на граѓаните кои живеат на територијата на сегашната општина Зелениково.

Јас мислам дека пратениците треба подобро да размислат во каква положба ќе ги ставиме жителите на сегашната општина Зелениково со неприфаќањето на амандманот кој е предложен. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Г-дине претседателе, дами и г-да пратеници, г-дин министре,

И јас се приклучувам кон колегите пратеници кои дадоа амандман за да се задржи општината Зелениково во постојните граници. Ние водиме некоја расправа повеќе денови. Малку ја буниме и јавноста во Република Македонија  со тоа што иако Владата зазема еден став дека изгласаните референдуми не се обврзувачки за Владата , што значи не почитување на волјата на граѓаните. Имено, за што станува збор. Во конкретниов случај за оштина Зелениково, знаеме дека има референдум, дека граѓаните се изјасниле позитивно да го задржат статусот на општината , така како во постоечките граници и сега се наметнува едно не пишано правило ние да ги спојуваме со друга општина, а и не сме ја прашале и не знаеме дали Петровец една општина која е мултиетничка и која во периодот претставува еден конгломерат, дали тие сакаат општина Зелениково да биде во состав на новата општина, или старата општина Петровец. Ова го зборувам затоа што не постои објаснување, не можеме да им објасниме на граѓаните, ако нема некоја природна врска на комуникација.  Луѓето или треба да го препливаат Вардар или да летаат преку Вардар, за да можат да дојдат да ги задоволат најминималните барања на права, она што значи да извадат лист на родените, лист на умрените, она што е неопходна потреба на најсоновното, како тие ќе комуницираат. Дали ќе треба да вртат преку Волково за да дојдат до Петровец. Нема никакво објаснување. Било кое објаснување да го каже министерот дека овие од Орешани, или од Зелениково ќе можат да дојдат да комуницираат во најкраток можен пат. Најкраткиот омжен пат е сигурно 40-тина км. Која е сега интенцијата, што сака да постигне законодавецот. Што сака Владата или министерот. Во конкретниот случај што се постига ако остане општина Зелениково. Апосолутно ништо. Што нарушува? Ако знаеме дека 60% се македонци таму а 30% албанци, дека има и Власи . има и Роми. Сите оние критериуми што ги бараме, се

повикуваме на Рамковен договор, овие општини ги исполнуваат сите услови. Не постои да кажеме, физичко спојување во однос на она етничко, туку природно би останале како општини кои со онвата децентрализација за која се залага владиното мнозинство ги исполнува сите критериуми. Сега зошто би ги споиле луѓето. Има ли причина зошто ги спојуваме? Ако има објаснување на пример да кажеме село Орешени каде инензивно се градат викендици, имаме вложување, имаме информации дека таму работи фабрика за мебел "Бујото" која добро работи, имаме информации дека работат повеќе капацитети, имаме информации дека се бараат нови плацеви и изградба, инфраструктура, тие ги ставаме во една неприродна средина, каде што не припаѓаат. Би го прашал министерот, што е интенцијата? Зошто овие луѓе ги казнуваме. Дали треба да бидат казнети и по кој основ ги казнуваме. Како тие луѓе ќе комуницираат. Како од општина Зелениково како ќе дојдат во општина Петровец. Дали ќе пливаат или би требало да ја изместиме реката Вардар и пругата. Барам министерот да ми објасни како тие луѓе ќе комуницираат. Или треба да летаат или да ги научиме сите да пливаат. Јас го прашувам министерот како тие луѓе ќе комуницираат. Мислам дека ова е нон сенс. Ова објаснување тие во мариовскиот крај биле 300 луѓе од кои најмладиот бил 80 години, да кажеме дека и тоа држи. Ајде објаснете ни на нас, посебно на луѓето од Зелениково што е сега, како тие луѓе природно ќе комуницираат. Барам министерот да ми објасни како тие луѓе ќе ги остваруваат најелементарните права за живот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Г-дине Дамевски ти не си бил таму, само зборуваш, па затоа луѓето таму кога бев и кога разговарав и со градоначалникот и разговарав за територијалната организација врз основа на новите надлежности, ја гледаат и својата визија иако поешко на поврзаноста со мостот и макадам пат се поврзуваат. Има комуникација јас кажав на првата расправа, која треба да се надградува и доградува. Во првите разговори од првиот предлог, бидејќи во предлогот за донесување на закон, целосно бевме во контакт со претставниците на власта во Зелениково во нивното организирање. Референдумот е нивна желба во делот

на општото настојување и тенденциите кои се развиваат, општини кои ги исполнуваат условите да можат да опстанат и понатаму.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате една минута г-дине Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Во континуитет слушаме дека министерот е во постојан контакт со градоначалниците и не убедува нас пратениците дека во контакт со градоначалниците тие даваат позитивно мислење. Јас го немам тоа чувство и такво неслушање од градоначалникот на Струга и градоначалникот на Кичево. Така да, оваа констатација не држи дека сте вие во контакт. Ако стои нешто издржано, тоа е референдумот. Рефертендумското пизјаснување тоа е најелементарно граѓанско право на граѓаните да одлучуваат дали ќе живеат, дали нема да живеат. Бидејќи е направен референдум и бидејќи позитивно заврши референдумот со големо мнозинство, граѓаните од општина Зелениково се изјаснија дека не сакаат да се приклучат кон општина Петровец. И ако градоначалникот го има тоа право да одлучува во име на граѓаните тоа е апсолутна грешка. Оваа констатација г-дине министре апсолутно не држи. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе,

Јас уште еднаш се јавив, меѓутоа кратко ќе биде . Јас би сакал да напоменам, со оглед на тоа што во првата дискусија не напомнав дека во досегашниот период од работењето на општината, општината покажала солидни резултати и од апсект на финансиското работење. Значи никогаш немало проблем со блокирање на буџетската сметка на општината, што многу често во досегашните расправи по амандманите наши беше потенцирано. Значи, бидејќи оваа општина и досега финансиски добро работела, нема проблеми понатаму да работи.

Инаку, она што се однесува до поврзувањето на овие места со општинскиот центар Петровец, бидејќи автобуски превоз има само со бројот 67 кој што од Зекениково преку

Студеничани, Драчево, Кисела Вода, доаѓа до приградската населба, а одтаму со бројот 52 треба да отидат до населеното место Петровец како општински центар. Значи поминуваат повеќе од пет-шест општини за да можат да отидат во општинскиот центар било во кои од овие населени места. Инаку, нив патот ги води Зелениково, Студеничани, Драчево, Скопје. Воопшто немаат никаква природна врска со овие населени места преку Петровец. И да се изгради тој пат кој што сметаат дека ќе биде комуникаицјата, асфалтен пат до овие населени места, сметам дека ќе биде само во исклучителни случаи, или стриктно сум заради потребата која што ја имаат за да отидат во Петровец. Инаку воопшто не им е на патот кој што треба да води на местото на кој што тие секојдневно работат. Значи треба да се потенцира исто така на населението сите свои вработувања ги остваруваат во Градот Скопје. И би требало општинскиот центар да биде што поблиску или најблиску населено место до тие населени места, вклучително и двете општини кои што ги гледаме, зборувам за сите населени места до Градот Скопје. Меѓутоа тоа не е случај и затоа ќе треба малку вештачки или стиктно или намерно да се прават екстра трошоци за да може да се оствари одредено право, кое што треба да го остварат жителите на овие 15 населени места во општинскиот центар во Петровец. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓа Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, дами и г-да пратеници,

Сосема накратко сакам повторно да го замолам министерот навистина да размисли дали има можност да се интервенира и амандмански од нивна страна за останување на општина Зелениково, бидејќи многу јасон е дека критериумите кои што Владата сама ги постави пред себе најдрастично, посебно во однос на инфраструктурата е прекршен критериумот и природно географскиот, меѓутоа и инфраструктурното поврзување на општина Зелениково со другите општини и овде бидејќи имаме еден типичен пример на централизација, на место на децентрализација, типичен пример на наметнување на уште поголема мака на граѓаните, наместо да им се олесни живеењето и достапноста на општинскиот центар, односно центарот што ќе им биде во Петровец, онаму каде што ќе биде сместена општината за граѓаните на општина Зелениково ќе биде

навистина далечен и овој процес што вие го нарекувате децентрализација за нив навистина ќе биде централизација. 70 км. тие треба да поминат за да стигнат до општина Петровец и не е ништо друго освен централизација. Затоа уште еднаш ќе го замолам г-динот министер, бидејќи претходниот пат кога дискутирав за општина Зелениково немавме точен одговор кога и воопшто се мисли да се направи тој пат што ќе ги поврзува двете сегашни општини, а во иднина една општина односно граѓаните од општина Зелениково со центар во општина Петровец и бидејќи ми беше кажано дека министерот не е министер за транспорт и врски, кој што е одговорен за тоа и дека најверојатно ќе се изгради тој пат, меѓутоа сметам дека треба да се размисли сериозно, затоа што од 1.01.2005 година тие луѓе ќе бидат подложени на големи маки. Токму заради тоа колегите пред мене зборуваа и за демогравскиот критериум и за економскиот критериум, за потенцијалите за развој на општина Зелениково. Мислам дека постојат сериозни услови и аргументи за опстанок на оваа општина и затоа повторно би го замолила г-динот министер да размисли за опстојувањето на општина Зелениково.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, треба да пристапиме кон гласање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да ги заземат своите места.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника , од кои 8 за, 3 воздржано, 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Процедурално г-динот Каме Петров.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Почитуван претседателе, интервенирам деловнички ,

Стерилната неконструктивна и не ефикасна расправа на Собранието продолжува и денеска. Затоа, барем малку да ја оправдаме оваа неефикасност од маратонските дискусии

барам подршка од 10 пратеника оваа расправа на денешната сесија да продолжи и по 17,00 часот.

Предлогот е заснован на членот 64 став 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија и доколку добијам подршка предлагам барањето да биде ставено на усвојување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да видам 10 пратеника (благодарам).

Да завршиме со редоследот.

Предлогот на г-динот Каме Петров да се работи по 17,00 часот, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 59 пратеника од кои 56 за, нема воздржан, 3 против.

Молам службите да го утврдат бројот на присутните .

(Во салата се присутни 68 пратеника).

Во времето кога се гласаше беа присутни 67 пратеика, бидејки една пратеничка дојде по гласањето.

Предлогот е усвоен.

Повелете г-дине Трајановски имате процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, ова е процедурално или поконкретно деловнички, се однесува на кршење на Деловникот на Собранието на РМ во членот 92 став 3 кој вели:

“Претседателот на Собранието го соопштува бројот на пратеници што гласале за, против или воздржано, како и бројот на пратеници што се присутни, а не гласале”.

Вие, при ова гласање, не кажавте кои пратеници се присутни, бројот на пратеници што се присутни, а не гласале. Имаме деловничко право да го знаеме тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, земете го стенограмот, јас мислам дека прочитав колку гласале, колку биле воздржани, колку против. Бидејки немаше над 61 го утврдив бројот на присутните.

Г-дине Караџоски барате процедурално. Вклучете го г-динот Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, согласно членот 92 став 2, јас незнам дали вие гледате пред вас во екранот, ние гледаме на оној екран кога е објавено гласањето . Таму стои на прво место

присутни 96, гласале 61 од нив за, воздржан и против. Тоа е реакцијата, дозволете ми да завршам , тоа е забелешката согласно Деловникот.

Соогled да во Собранието се појавуваат картички 96, а гласаат 61 од кои за , против и воздржан, заради тоа е деловничката забелешка од г-динот координатор зошто и дали има присутни или се само картичките.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Затоа реков службите да го утврдат бројот...

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Треба да кажете дека има присутни, а не гласале.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Затоа реков службите да гоутврдат бројот, бидјеки немаше над 61.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 26-а по точката 26 и на точката 54, поднесен од пратениците Ѓорѓи Трендафилов и Никола Груевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Г-дине Трендафилов имате збор.

Ги молам службите да ги извадат картичките и да ги донесат овде на маса и кој како доаѓа нека си ги побара.

(Службите ги собираат картичките од неприсутните пратеници).

Не сакам картичките да бидат оставени на местата каде што се седи, туку ќе бидат ставени овде на маса пред мене и кој ќе дојде ќе сија побара.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Сакам да потсетам дека во Просторниот план на Република Македонија во подзаглавието-Основни цели и претпоставки на планот пишува:

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам господа пратеници седнете или излезете.

Продолжете г-дине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Една од целите на овој План е развојот на селските  населби и подрачја како повеќе функционални, производни, социјални и културни простори и зајакнување на економската моќ на селските домаќинства заради тоа што целта на порамномерниот развој на просторот на РМ може да се оствари само со квалитетните промени на селските подрачја.

Општината Зелениково, за жал, е можеби типичен пример за нерамномерниот развој во РМ ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За што зборувате за Зелениково или за Злеетово?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

За Злетово,особено карактеристичен за ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам господа се случуваат и такви грешки.

Повелете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Точно е се случуваат такви грешки затоа што имаме доста амандмани поднесено, кај вас не може да се случи грешка затоа што немате поднесено ни еден амандман.

Значи, општината Злетово не го исполнува основниот демографски услов затоа што населението кое живее во тоа пасивно подрачје не ја надминува бројката од 2,5 илјади луѓе. За жал, како и повеќето места во Источна Македонија можат да се набројат кои не можат да се пофалат дека во последните 20 или 30 години РМ целисходно ги насочувала своите ресурси за развој и ревитализација на тие подрачја и ова што го читав од Основните цели на Просторниот план на РМ го читав од едноставна причина што можеби Министерството за локална самоуправа, ги знаеме сите недостатоци кои ги има општината Злетово, малку население, можностите се за индивидуалните земјоделци воглавно насочени кон , сега за сега, за жал, скромни услови за развој на сточарството и ова што го читав од Основните цели на Просторниот план на РМ го прочитав со едноставна причина дека можеби треба да размислиме да има дадеме можност на овие подрачја , една генерална максима која преовладуваше за

повеќето амандмани кои се однесуваа на општини или група на населени места
кои припаѓаат во карактерот на рурални или недоволно развиени подрачја на Република Македонија.

Би сакале да размислиме во таа насока, верувам дека ќе најдеме некои погодности да дадеме можност на тие 2,5 илјади луѓе затоа што бројката не би требало да биде ограничувачки фактор, напротив, бројката понекогаш може да биде предност токму за овие недоволно развиени подрачја за да започнат состојби за постепено обновување затоа што и во Просторниот план на Република Македонија е потенцирано посебно обрнување внимание на овие недоволно развиени подрачја во РМ со една јасна државна политика, една од целите која треба да се потикне е тоа да се поттикне и демографското заживување на регионите и нивните предности во смисла на развој на индивидуалното земјоделство или воопшто на индивидуалната иницијатива без оглед дали станвуа збор во делот на производството или на делот на услугите.

Мислам дека припојувањето на општина Злетово кон општина Пробиштип можеби на министерот за локална самоуправа му изгледа природно, можеби навистина има причини зошто го дал овој предлог, но сепак не можеме да очекуваме дека нешто драстично ќе се промени на планот на децентрализацијата и особено , јас не инсистирам толку на децентрализацијата колку на заживување на овие региони затоа што и општината Пробиштип исто како и општината Злетово, без оглед што Пробиштип е поголема по број на жители не можат да се пофалат дека во овојмомент имаат многу шанси за подобрување на својата економска сосотјба и во општината и во поширокиот регион на нивното опкружување. Има неколку низински села, 5, 6 се планински, но , за жал, мислам дека оваа општина би заслужила внимание затоа што на тој начин би покажале дека РМ постепеного менува својот однос кон регионите во Источна Македонија затоа што и инфраструктурно во секој поглед регионот на Источна Македонија особено кажано сојазикот на изборите изборниот регион број 3, за жал, може да се забележи дека има апсолутно нерамномерен развој без оглед дали станува збор за градови во изборната единица 3 како што се Велес и Штип кои сепак имаат поинаква традиција и поголеми можности како се движиме повеќе на исток се забележува се поголема пасивност и се поголема апатија кај нашите граѓани.

Ова бројка од околу 2,5 илјади луѓе , би искористил една стара поговорка која вели дека повеќе од  шестмина не можат да се договорат каде да вечераат, а не да направат нешто попаметно не треба да биде хендикеп за ова население и не само за ова население, туку и за други општини кои се под 5 илјади жители.

Мислам дека ако дадеме можност на општината Злетово нешто што би било рамно на научна фантастика во овој законодавен дом сега ние на граѓаните од Источна Македонија можеби ќе почнеме да им изгледаме сериозно дека РМ ќе се погрижи и ќе ги остварува самата обврските кои овој законодавен дом ги има потврдено, а тоа се основните цели и претпоставки кои треба да се спроведат со Просторниот план на РМ инаку ние во спротивно само ќе можеме да ги собереме на десетина години сите просторни планови кои сме ги носеле, без оглед во како в систем и какво значење имал Парламентот на РМ и да ги забележиме како една празна формална работа која , според обврските, сме должни да ја донесеме без притоа да ги прифаќаме содржински нештата кои се содржани во тој план и кои треба на граѓаните на РМ да им дадат можност, се разбира, таму каде треба со подршка на државните институции да си ја поправат својата економска ситуација и постепено на тој начин децентрализацијата да ја има својата содржинска функција луѓето да можат да решаваат за оснвоните-елементарни потреби кои ги третираат прашањата од секојдневниот живот како за нив така и за нивните семејства.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Земете си ги картичките за да не ги вадиме и ставаме ваму, ве молам.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Пратениците од опозицијата ја напуштаат салата).

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни.

Службите ги пребројуваат пратениците.

Во салата има 59 пратеника.

(Во меѓувреме во салата влегоа пратеници доволно за да се изврши гласањето).

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ве молам да ги земете картичките.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 60 пратеници, 1 гласал за амандманот,нема воздржани, 59 против.

Молам службите да утврдат колку се присутни.

Воиднина ве молам да ги земате картичките со себе кога ќе излегувате, инаку ги земаме и ги ставаме овде на маса.

(Службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници).

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ: (продолжение)

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 27-а по точката 27 и на точка 67, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

Повелете господине Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Бидејќи со господинот Трендафилов разменивме гледишта кога се расправаше по членот 10, од тие причини амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Трендафилов, имате збор.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Општината Извор спаѓа, како Злетово, во општини за кои што се согласивме со министерот дека, според бројот на населението не го исполнува условот да стане самостојна, иако тоа не мора да биде основниот критериум. Кога зборувавме за оваа општина, што, спореде прдложените измени на законот за територијална организација треба да биде во состав на новоформираната општина Чашка, како едно размислување до министерот за локална самоуправа беше упатено размислувањето дека можеби

општината Извор треба да биде во состав на веќе непостоечката општина Богомила, затоа што тие две општини воглавном го опфаќаат регионот познат како Азот. И, дека тие општини, доколку би функционирале, доколку постои можност да функционираат и понатаму самостојно, имаат услови да закрепнат, затоа што особено општината Богомила во овие години на постоење како независна општина што постоела до 60-тите години даде видливи резултати.

Инаку, кога зборувавме за регионот на Азот јас го спомнав селото Папрадиште, селото на Чуповски, селото на Андреј Дамјанов и спомнав дека до тогаш, иако во селото има околу 100 куќи, претежно новоизградени, дека само еден жител е регистриран. На жалење на сите оние кои, околу пола година минуваат во Папрадиште сакам да го известам министерот дека и последниот жител на селото Папрадиште, регистриран со место на живеење, почина за време на илинденските празници. Таа расправа се поклопи тогаш кога зборувавме за Мариово како една целина и на забелешка на еден од нашите колеги во Собранието...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов, овде станува збор за општина Извор. Ниту Папрадишта има овде напишано или спомнато. Ве молам за општина Извор, за амандманот.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ

Правам паралела, дека тоа што се случи, тоа што се случува...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Паралелите се во ред. Сега зборуваме за амандманот 2, каде што е општина Извор во прашање.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас споредувам и очекувам дека ќе бидеме сведоци за неколку години и оние скромни ресурси што постојат сега, во една исклучително питомо географско и климатско опкружување, нема да постојат во скора иднина, иако претпоставувам, знаете дека и инфраструктурно тој крај може да се поврзе и со општините јужно од велешките општини или од општините што произлегоа од општината Велес.

Уште еднаш само ќе потсетам, нема да ви го читам оној дел што ние како Собрание сме се согласиле дека Република Македонија ќе се грижи за рамномерен развој

на сите региони во Република Македонија, на руралните, на градските средини и во целите што ние сме ги поставиле како држава, за среќа, што претпоставувам дека оди можеби како скромен аргумент во прилог на она што го говорам, не се спомнати никакви бројки, туку едноставно се зборува дека Република Македонија ќе се грижи за рамномерен развој во целост, на целата територија на Република Македонија.

Од тие причини, амандманите што ги поднесовме а се однесуваат на три општини, вклучувајќи ја и општината Извор, како размислување во претходниот амандман што се однесуваше на општината Извор, понудивме како размислување дека можеби општината Извор треба да биде и понатаму самостојна локална самоуправна единица, заедно со веќе непостоечката општина Богомила.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Стојановски, имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Само накратко сакам да дадам поддршка на овој амандман, со тоа што она што го кажуваат податоците, што се однесуваат на селата што влегуваат во општина Извор, зборува за сите оние потенцијали што можат да дадат придонес за заживување на овој регион, на оваа територија што ја опфаќа општината Извор. Фактот на специфичната структура на селата што се претежно ридско планински, значи дека навистина оддалеченоста што ја имаат од општинскиот центар и можностите што се неопходни за тие села да функционираат, согласно со актуелната фактичка состојба и со бројот на населението, меѓутоа и со обработливото земјиште, со пасишатата, со шумите што ги имаат на располагање. Треба да се направи еден напор да им се даде шанса да опстојат како општина и на тој начин да можат самите да одлучуваат за сопствените потреби и сопствените работи.

Фактот што општината Извор се наоѓа на една многу битна локација, што од една страна се граничи со Чашка и Богомила, потоа на еден тесен дел се граничи со општината Долнени, потоа Прилеп, па еден тесен дел исто така со Кавадарци и Росоман,

како и Градско, значи исто така преминот "Присап" на Бабуна кој што директно го поврзува овој регион со Прилеп, со неговото обновување, навистина опстојувањето на оваа општина и во поглед на иницијативите што таа треба да ги покренува како општина и во поглед на специфичните потреби на населението кое живее таму, како што спомна и претходниот дискутант господинот Трендафилов, се работи за села како Извор, Владиловци, Долно Врановци, Крмнино, Мартолци, Оморани, Поменово, Попадија, Смиловци, Стари Град, Степанци и тн. кои што навистина, ако се земе само бројката од 2.066 ха шуми или 353 ха пасишта, како и вкупната аграрна површина од 2.764 ха, навистина дава солидна основа за опстојување на оваа држава како можност за идно зачувување на онаа состојба што ја има сега. Меѓутоа, создавање и на една реална основа за учество на самите жители на оваа општина во одлучувањето за сопствените потреби и сопствените работи.

Тргнувајќи од ставовите што до сега ги искажа Владата по однос на овие прашања што значат пред се дефинирање на општините, не согласно реалните податоци што ќе значат битка за опстојување на оние општини што зафаќаат релативно голема територија, меѓутоа бројот на населението, со оглед на слабата населеност на овие простори е многу помал во однос на некои други општини кои што зафаќат помала територија, меѓутоа се со поголем број на жители. Сметам дека е директно спротивно со политиката за развој на недоволно развиените подрачја и за посебна заштита на овие подрачја, затоа што со укинувањето на ваквиот вид општини директно се поттикнува и процесот на раселување од овие подрачја. Фактички, преку самото стареење на постојното население во сите овие населени места, како и со неможноста за било каква иницијативност на овие подрачја од страна на субјектот што ќе биде надлежен како општинска власт или како месна самоуправа што ќе даде придонес во решавањето на тековните потреби на ова население. Имајќи го предвид и тоа што беше кажано во поглед на Мариово и мариовскиот дел каде што, кога како споредба, кога се работи за 1/5 на територијата од Република Македонија и во однос на општината Извор каде што се работи за сразмерно помала територија, јас сум свесен дека Владата нема да ги прифати овие наши сугестии.

Меѓутоа, не сакаме и овој пат, преку собраниската говорница да укажеме дека со ваков вид на укинување на општините, како што е укинувањето на општина Извор и сите овие населени места што припаѓаат на општината Извор ќе ги снајде судбината на Степанци, каде што во 1994 година имало само 4 жители, сигурно сега нема ниту еден или некои други населени места кои што драстично значат целосно замирање на овој крај, а на тој начин оставање на простор за една демографска дисхармонија во однос на овие пространстав и во поглед на едни други пространства што се на мал простор населени многу густо.

Од тие причини сметам дека треба да се поддржи овој амандман и дека почитувањето на правото на граѓаните да одлучуваат за сопствените потреби и почитувајќи ги пред се специфичните потреби што ги имаат селата во општината Извор, јас сакав да искажам една поддршка на опозицијата, на пратениците од опозицијата и барам од Владата во однос на овој закон да направи максимални напори за да се овозможи селата, општините што имаат ваков карактер да можат да опстојат и на тој начин да се спречи целосното нивно замирање.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Претпоставувам дека на Владата и е јасно дека тие, без оглед на тоа што од три општини прават една, дека никогаш од општина Чашка од населбата Чашка нема да успеат да направат град. Претпоставувам дека се свесни и тоа сите сме го виделе во изминатите години со исчезнувањето или со укинувањето на одреден административен статус на населено место, неговото природно опаѓање и во популацијата и во економската моќ ги опфаќа и помалите населени места што природно гравитирале и во одредена мерка зависеле од економскиот развој на тој административен центар.

Ние сега, на овој начин само ќе ги исцрпиме ресурсите во овие три општини што сега треба да бидат во една општина. Нормално ќе биде концентрирано се во населбата Чашка и верувам дека ќе биде уште подарежлива Република Македонија, затоа што ќе

станува збор за двојазична општина. Додека, како Извор, така и Богомила и населените места кои природно гравитираат во нивниот правец, постепено ќе почнат да одумираат.

За жал, постарите, повозрасните, претпоставувам дека подобро го знаат развојот на населените места, не само во овој регион туку и пошироко или воопшто во Република Македонија  и последиците од тоа што некои општини престанале да егзистираат како административни центри во 60-тите години, како тоа се одразило на целокупниот развој на Република Македонија. И, господине Томиќ, филозофијата дека “ние ја градиме пругата а пругата не гради нас” повеќе не важи. Верувајте дека овие населени места за кои што сега ние зборуваме, прашање е само на време кога ќе одумрат. Без оглед што во изминатиот период се постигнати резултати во смисла на тоа дека имаат минимум можности да егзистираат училишта, здравствена услуга, администрација што треба да им ги олесни работите на месното население, за пет до шест години, за жал и од овој крај ние ќе се обидеме да направиме сениште и така, кога  ќе читаме следниот пат за Азот и за селата таму, ќе се потсетиме дека читавме некролози и за мариовскиот регион каде прочитавме шеесетина имиња на населени места, но тоа се само сеништа од минатото.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат.

Но, да бидам правичен, ги молам и тие кои сакаат да излезат да излезат, за да нема блиска средба на влезот во салата.

Уште еднаш ги молам пратениците да влезат.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Реков, ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 1 гласал за амандманот, нема воздржани, 57 пратеници се против.

(Некои пратеници сега влегуваат во салата).

Се извинувам господо, вие сега кои дојдовте, застанете таму бидејќи сакам да се пребројат пратениците во салата за време на гласањето.

Молам службите да ги избројат пратениците.

(Службите ги бројат пратениците).

Во моментот на гласањето во салата се присутни 62 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Повелете господине Караџоски баравте збор процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, ако денеска, кога ја почнавме седницата навистина можеби беше достадна, стана интересна откако вие почнавте да ја водите.

Јас би сакал да ви обрнам внимание дека деловнички немате право да ги коментирате постапките на ниту еден пратеник овде. Уште помалку имате право, претседателе, да ги коментирате говорите на пратениците. Вие, ако не забележувате, еве јас ја користам можноста да ви обрнам внимание дека, навистина, претерувате со коментирањето. Не е ваша работа, вие можете ако некој пратеник не се држи до точка на дневен ред, бега од тема, да го опоменете, до три пати да го исклуите, меѓутоа во никој случај да ги коментирате сите постапки на пратениците. Дали од позицијата ќе излезат на блиски средби или на далечни, не доликува како претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Јас мислев се најдобро, да не настанат некои проблеми, но ако така мислите вие јас нема да коментирам ништо.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 12 точка 28 поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Мислам почитуваниот пратеник ќе го повлече овој амандман бидејќи претходно разговаравме за истиот дел, се однесува за општина Јегуновце и Вратница. Негово право е, не би сакал да сугерирам, но немаме што повеќе да додадеме во тој дел што укажавме.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас знаев дека амандманот нема да биде прифатен. Меѓутоа, со оглед на тоа што ова е последно зборување, последен амандман околу новоформираната општина Јегуновце во чиј што состав сега по предлогот на Владата на Република Македонија влегува и општината Вратница. Значи, со овој амандман во членот 12 во точка 28 каде што постои општина Јегоновце зборовите: Јажинце, Рогачево, Старо Село, Беловиште и Орашје, се бришат. На овој начин општина Јегуновце останува во постојните граници, значи онака како што егзистира од 1996 година наваму. А овие населени места кои што сега се бришат, значи доколку се прифати амандманот и доколку Владата смета дека навистина треба да остане Јегуновце во своите рамки и Вратница како нова општина, во тој случај пак ќе напоменам, би требало амаднмански да реагира во рамки на претресот по текстот на Предлогот на законот.

Инаку, сакам да напоменам дека општина Јегуновце во сегашните рамки е компактна природна целина и овие населени места кои што припаѓаат во нејзиниот состав и со припојувањето на општина Вратница, а ние со овој амандман бараме да не биде припојување, ќе доведе до негативни ефекти кои што ќе произлезат понатаму во развојот на општина Јегуновце. Сакам да напоменам дека општината Јегуновце ги има сите параметри да егзистира како посебна општина и се што имаат изградено досега додека не биле посебна општина, изградено е со средства од самопридонес и водовод и телефонските приклучоци и останато. Значи, потребата општината Јегуновце доколку овие села кои што сега ги набројав останат во нејзини рамки, сметаме дека општината ќе

биде погломазна и овие населени места кои што сега треба да се бришат од општина Јегуновце се оддалечени од 17 до 25 километри од општинскиот центар Јегуновце и единствен пат е патот П-405 кој ги поврзува двете општини низ трета општина Теарце како што напомнав кога беше расправата по Предлогот за општината Вратница. Значи, сметам дека тие немаат реална природна целовитост овие две општини за да бидат споени во една општина. Исто така од етнички аспект, значи доколку овие населени места како што се Јажинце, Рогачево, Старо Село, Беловиште и Орашје не бидат избришани од општина Јегуновце, значи постојниот сооднос меѓу македонското и албанското население кое што е 64% македонци, 34% албанци во општина Јегоновце, значи ќе се промени етничкиот состав со додавањето на овие села од општина Вратница во општина Јегуновце соодносот ќе биде 55% македонци, 43% албанци, што сметам дека ќе влијае на етничките тензии на населението во овие населени места. Затоа би било добро да се прифати овој амандман, да остане состојбата со соодносот на процентите на националностите, на македонскиот народ и националностите во него како што е, што сметам дека ќе биде и еден фактор повеќе за стабилноста на овој регион. Инаку, со придодавањето на овие општини и на овие населени места кон општината Јегуновце сигурно ќе се оптовари овој општински центар Јегуновце кој за разлика од претходниот период значи пред 1996 година кога не беше посебна општина па се до денеска изградени се многу работи кои што заслужуваат без овие населени места општината Јегуновце да биде во постојните граници. Изградени се трафостаници, амбуланти, реконструирани се школи, инсталирани се нови цевководи, изградени се пумпни станици, така што во општина Јегуновце, значи без овие населени места кои што сега ги напомнав, значи кога би останало во постојни рамки и со стопанскиот капацитет “Силмак” со 1000 вработени, сметам дека има голема економска оправданост и има реални аргументи да биде посебна општина како општина Јегуновце. Покрај тоа има и други стопански објекти кои исто така ја зголемуваат економската моќ на општината. Бидејќи се наоѓа покрај реката Вардар, има многу плодно земјиште од околу 500 хектари. Така што сето тоа јасно зборува дека општината Јегуновце е организирана општина и има аргументи без овие населени места да постои како посебна општина. Значи тука функционираат три амбуланти, две централни и осум подрачни училишта, така што општината Јегуновце која

што и досега успешно опстојува без фиансиски проблеми во буџетот на општината може успешно да опстојува и понатаму.

Како што кажа министерот, проблем ќе биде доколку се прифати овој амандман, мислам дека е тоа само привидно бидејќи доколку се прифати реалноста дека општина Јегуновце треба навистина да биде посебна општина која што би ги опфатила населените места Раотинце, Копанце, Подбреѓе, Јанчиште, Прељубиште, Туденце, Сиричино, Шемшево, Жилче и Ратае, значи би била една посебна географска целина која што и сега успешно функционира и со тоа на некој начин би се продолжило со успешното функционирање на оваа општина. И затоа сметам дека треба да се прифати овој амандман со кој што и општина Јегуновце ќе остане како постојна општина и општина Вратница би останала како посебна општина единица на локална самоуправа во овој регион на Тетово.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, и јас се приклучувм кон дискусијата на господинот Коце Трајановски со основна цел и основна намера општина Јегуновце како што е предложена со амандманот да остане како посебна општина. Дозволете ми да дадам еден опис за самата општина кои населени места ги има и тн. за да ни биде појасно зошто ја базираме тезата на тоа дека таа општина треба да остане. Ќе почнам претседателе, географски, а ќе завршам со економските аспекти.

Територијата на општина Јегуновце која се наоѓа на Долни Полог, зафаќа простор на неговата источна и североисточна страна, всушност морфолошки таа се наоѓа меѓу западната падина на варовничката планина Жеден и пространата алувијална рамнина на Вардар. Според тоа, во овој најнизок дел на Долни Полог реката Вардар протечува речиси на средишниот дел на општина Јегуновце навлегувајќи во североисточниот правец во Жеденската или Дервенската клисура. Таа се граничи со општините Желино, на тесен простор со Џепчиште, Теарце, Вратница, Кондово и Сарај. Преку неа не води некој главен пат, значи не води главен пат, туку само локални патчиња, но затоа овде води железничка линија Скопје - Тетово - Кичево. Територијата на општина Јегуновце

зафаќа површина од 78 километри квадратни  и се вбројува во малите општини во Републиката.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски, општина Јегуновце си постои и по тој амандман ние ќе дојдеме да зборуваме, амандман каде што одредени општини од Јегуновце се бришат, одредени села. Затоа зборувајте за тоа, а не за општина Јегуновце испаѓа ако да не постои. Зборувајте зошто сметате дека Јажинце, Рогачево, Старо Село, Беловиште и Орашје треба да се бришат.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе, ќе кажам што ќе остане. Тоа што предлагаме се брише, е едно, а јас зборувам што ќе остане. Значи, во неа се наоѓаат 11 населени места од кое централно седиште е Јегуновце со 856 жители. А другите населби се Жилче, Јанчиште, Копанце, Подбреѓе, Прељубиште, Раотинце, Ратае, Сиричино, Шемшево, Туденце. Од нив најголема населба е Шемшево со 1634 жители. Значи, ние тоа предлагаме  да остане. Во однос на големината на селата според бројот на жителите три села се големи со повеќе од 800 жители. Седум села се средни по големина а само една населба е мала со помалку од 300 жители. Што значи дека населеноста на селата е мошне поволна. Интересно е дека сите 11 населени места можат да се сметаат како рамничарски. Поточно до 1994 година во општина Јегуновце имало 7127 жители што значи во однос на 1961 година кога имало 7198 жители, бројот на жителите не е значително сменет. Во 1994 година во општината имало 1502 домаќинства а просечно на едно домаќинство се паѓало по 4,7 члена. Грото во оваа општина го сочинува македонско население бидејќи од вкупно 11 населби, во 8 села учествувале повеќе од 90%, значи учеството на македонскиот народ. Во две населби преовладува албанско население, но тие се во етнички мешани населби. Во десет села живее српско население но со минимално процентуално учество од 0,1 до 7,5%. Всушност македонци имало 4755 жиели, или 66,7%, албанци 2068 жители или 29%, срби имало 107 жители, роми 54, и само 2 лица биле турци. Вкупната аграрна површина на општината Јегуновце зафаќа 7220 хектари. Од неа на обработливо земјиште отпаѓа 3181 хектар, или 44%, шумите заземаат површина 3919 хектари, или 54,3%, додека на пасишта отпаѓа симболична површина од 150, односно 115 хектари.

Сепак и покрај ваквата аграрна структура во оваа општина најповолни се можностите за развој на поледелството особено на алувијалната рамнина на реката Вардар.Сега кога сме кај населените места, дозволете ми за секое од нив да кажам одредени податоци во контекст на амандманот кој што го предлагаме, или како што инсистира претседателот на Собранието. И во таа смисла за секое од овие населени места ќе ги кажам оние основни податоци кои што сметам дека треба да се знаат и кои што сметам дека заедно би сочинувале една ваква општина за која што ние предлагаме да опстои и за која што сметаме дека ги има сите предуслови за да опстои. Ќе почнам со ред.

Значи, населба Јегуновце на надоморска висина од 396 метри, со површина на атарот 9,9 километри квадратни, жители, значи податоци до 1994 година, 856. Аграрната структура изнесува 901 хектар вкупна аграрна површина, обработливо земјиште 235 хектари, пасишта само 1 хектар и шуми 605.

Населба Жилче, се наоѓа на надморска висина од 410 метри со површина на атарот од 4,9 километри квадратни, жители 650, вкупна аграрна површина 476 хектари, обработливо земјиште од 460 хектари, пасишта 7 хектари и шуми 9 хектари.

Населба Јанчиште, надморска висина од 396 метри со површина 5,1 километар квадратен, жители 619, вкупна аграрна површина 484 хектари, обработлива површина, односно земјиште 325 хектари, пасишта 16 хектари и шуми 73 хектари.

Населба Копанце, надморска висина од 392 метри, површина на атарот од 10,4 километри квадратни, жители до 1994 година 909, вкупна аграрна површина од 1019 хектари, обработливо земјиште 237 хектари, пасишта 11, и шуми 771 хектар.

Населба Подбреге, надморска висина од 395 метри, површина на атарот 2,2 километри квадратни, жители 177, аграрна вкупна површина од 210 хектари, обработливо земјиште 195 хектари, пасишта 6 хектари и шуми 9 хектари.

Населба Прељубиште, надморска висина од 400 метри, површина на атарот од 4,1 километар квадратен, жители 346, аграрна структура вкупно од 398 хектари, обработливо земјиште 338 хектари, пасишта 33 хектари и шуми 27 хектари.

Почитувана потпретседателке, изгледа министерот не го интересираат овие податоци.

Населба Раотинце, надморска висина од 390 метри, површина на атарот е 15,8 километри квадратни, жители 649, вкупна аграрна површина е 1382 што јасно се гледа дека има најголема аграрна површина, обработливо земјиште од 191 хектар, пасишта 10 хектари, и шуми 1181 хектари.

Јасно зборува за какво населено место станува збор.

Значи, однапред да кажам дека самата населба Раотинци 390 метри надморска височина, површина на атарот од 15,8 км2, жители во 1994 година 649, вкупно аграрна површина 1382 хектара, обработливо земјиште 191, пасишта 10 ха и шуми 1181.

Ратае, ова е познато населено место, по некои други работи, надморска висина на Ратае 435 метри, површина на атарот само 3,2 км2, жители до 1994 година се 400, денеска не знам колку се, вкупна аграрна површина 291 ха, обработливо земјиште сето, значи 291 ха, пасишта има 6 ха и шуми 8.

Населба Сиричино, надморска висина од 390 метри, површина на атарот 10,2 км2; жители до 1994 година 444; вкупна аграрна површина 850 ха; обработливо земјиште 257 ха; пасишта 14 и шуми 579 ха.

Населено место Туденце, надморска висина 385 метри; површина на атарот 8,7 км2; жители исто како и Сиричино 444; вкупна аграрна површина 723; обработливо земјиште 134 ха; пасишта 2 и шуми 587.

Шемшево, исто така познато населено место, надморска висина од 405 метри; површина на атарот 3,1 км2; жители 1634 што значи дека е најголемо населено место; вкупна аграрна површиан 298; обработливо земјиште 285; пасишта 7 и шуми 6. И сега вкупно за целата општина, значи површина на атарот 78 км2; жители 7120; вкупна аграрна површина 6976; обработливо земјиште 2948; пасишта 113 ха вкупно и шуми 3915 ха.

И, сега некој ќе праша зошто ги читам овие податоци, можеби ви е јасно, ако не ви е јасно и ако сметате дека е ова начин на кјој што само сакаме да пролонгираме, не е така, затоа што од многуте критериуми по кои верувам дека Владата се определила по кои ги правела, кога ја правела оваа територијална организација и кога го предлагала овој закон, ова е географскиот или економскиот или не знам како да ги наречам другите,

покрај етничкиот кој беше главно мото, требало да го земе во предвид и затоа ги читам сите податоци од надморска висина, па се до шумски пасишта, ливади итн. И затоа кога се крои општинската карта, кога се прават општините треба да се земат во предвид сите критериуми. Јас верувам дека покрај етничкиот Владата зела некои критериуми, меѓутоа се надевам дека барем со нашите дискусии по овои амандмани и самото предлагање на амандманите ако ништо друго барем ќе ги запознаеме населените места. И не е лошо и не е ништо страшно да се прочитаат сите податоци кои што ги имаме за да ја запознаеме Македонија во целина, а од друга страна за да ги оправдаме аргументите со кои што овде настапуваме.

Имајќи ги во предвид сите овие факти кои што ги набројуваме и кажуваме, а имајши го во предвид и досегашното искуство на постоечките општини, нашето мислење и моето е дека таквите општини можат да опстојуваат во рамките онака како што сме предложиле, самостојно без да ги мешаме со одредени рурални, со урбани итн, и без да правиме некое влијание на некоја поголема општина да ја амнестира помалата, со тоа да го кочи нејзиниот развој.

Од сите овие причини сметам дека амандманот треба да биде прифатен и да биде изгласан од мнозинството.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика се јави господин Абдулаќим Адеми.

Повелете.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател,

Сакам да реплицирам со господинот Караџоски и да му кажам дека нема ни најмалку информации или не рече ништо вистинито за овие села и не говореше за амандманот што го имаат предложено тие. Амандманот се однесува на бришењето на населените места на општина Вратница од општината која се предлага Јегуновце и не кажа ништо, не кажа образложение зошто тие села треба да се избришат. Но, говореше за сите населени места на општина Јегуновце.

Господине Караџоски, немате воопшто сознанија за оваа општина за да го докажете ова што го велам јас ќе спомнам само еден факт дека вие сите имиња на населените места што ги спомнавте на таа општина ги кажавте со погрешни поими. Тие што ви ги дале информациите ве излажале и вас и преку ова вие рековте многу невистини и во однос на јавноста. Кажавте само површни информации, колкава е една општина, колкава површина има, но не кажавате ништо во однос на инфраструктурата на тие села.

Јас ќе ви кажам, таа општина е многу сиромашна и можеби е од општините со помалку инвестиции. Инвестициите направени во таа општина сите се од невладините организации и од други меѓународни организации, како и од самопридонесот на жителите. Но, овде се поставува прашањето, додека вие бевте во Владата што направивте за тие села и за тие жители. Јас би рекол кратко дека вие не направивте ништо во таа насока или подобро да кажам направивте една голема работа, ја затворивте единствената фабрика во таа општина и од 2.500 вработени во таа фабрика, прифатени се само 1000, додека 1500 работници ги оставивте на улица. Ова најдобро го знаат жителите на таа општина и на тоа подрачје и попусто се трудите да образложите зошто треба да продолжи да функционира оваа општина итн.

Уште еднаш да резимирам вие не кажавте ништо во однос на амандманот кој сте го предложиле и дадовте неколку површни информации за општина Јегуновце.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Контра реплика господин Жарко Караџоски, повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Бидејќи имам само една минута невозможно е се да се одговори. Ќе се задржам само на еден дел. Што направивме ние, мисли веројатно на Владата на ВМРО-ДПМНЕ е небитна работа, битно е што направивте вие колега овие две години откако сте на власт конкретно за истата општина за која правите вие муабет и што пак правите сега. Мислите дека со овој закон кој што сега го предлагате нешто ќе го подобрите животот во

овие општини? Освен што ја цртате картата на Илирида, јас друго не гледам што правите овде.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Процедурално господин Талат Џафери, повелете.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател,

Мислев дека ќе изреагирате, меѓутоа гледам дека тоа не го направивте. Ние имаме предлог закон и пакет закони кои што се поврзани со територијалната организација на Република Македонија и без никакво разграничување на некои мапи на Илирида или не знам што друго, господине Караџоски водите сметка за тоа што изјавувате тука затоа што имате парламентарна одговорност, ги претставувате граѓаните.

Затоа уште еднаш ви се обраќам вас госпоѓо потпретседател, треба да реагирате на вакви прашања дека нема цртање или поставување на граници околу тоа што го спомна господинот Караџоски, туку говориме за пакет закони. Ако тие немаат за што друго да говорат, тогаш е подобро да ја прекинат оваа игра која ја играат, која би рекол, не знаат како да ја играат. Едноставно опасни се тие дискусии, тие изјави кои се даваат за ова прашање.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Џафери, ја прифаќам вашата забелешка, не го слушнав тоа, простете.

Во ред, одиме понатаму. Ова беше процедурална забелешка до мене, јас го прифаќам и ако сакате можете да се јавите за дискусија во врска со амандманот, да реагирате.

Процедурално господин Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Морам да реагирам затоа што господинот Џафери овде изнесе некои работи како да се однесуваме со нашата одговорност како пратеници, дека ја замајуваме јавноста итн, итн, дека играме игри. Јас реагирам, еве вака, процедурално, дека не е

точно дека играме игри, значи она што ние го правиме поднесуваме амандмани и дискутираме по нив. Она што некој се прави слеп и не сака да види нешто што е очигледно затоа што очигледно тоа си е негова работа, а не наша.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Завлегувате во дискусија, добро, кратко беше.

Одиме понатаму со пријавени по амандманот. Пријавен е господинот Блаже Стојановски. Јас него не го гледам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклужувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги молам колегите пратеници да влезат во салата.

Уште еднаш ги замолувам колегите пратеници да влезат во салата.

Процедурално повелете, госпоѓо Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Госпоѓо потпретседателке, ве молам да ми објасните, зошто нас ни се земаат картичките и им се даваат на службата што ја води техниката, а на пратениците кои сега влегуваат картичките цело време стојат вклучени во системот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колешке колку што јас знам сугестија на претседателот беше секој што излегува со себе да си ги носи картичките така што мислам дека тука нема подвојување по една или по друга основа.

Во ред колеги, амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласате.

Гласале 50 пратеници, сите негативно.

Го поништувам гласањето и ги молам колегите пратеници да гласаат за амандманот уште еднаш.

Гласале 56 пратеници, 1 за, 1 воздржан, 54 гласале против.

Ве молам службите да го утврдат бројот на присутните во моментот на гласање.

Јас се извинувам, меѓутоа ќе мора уште еднаш да го поништиме гласањето. Сега верувам дека ќе можеме да гласаме, сега ќе имаме 61 пратеник.

Ве молам уште еднаш да го повториме гласањето.

Гласале 58 пратеници, 1 воздржан, 57 против, во салата се присутни 61 пратеник.

Колегата Коце Трајановски излезе, влезе Рафет Муминовиќ, а претходно претседателот Јордановски. Имаме кворум.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 точка 20 на точка 28 поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 32-а по точката 32 и на точката 29 поднесен од пратениците Ѓорѓи Трендафилов и Никола Груевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Господинот Спиро Мавровски.

Повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам.

Овој мислам дека е еден од амандманите за кој што долго расправавме и кој што ја покажува цела специфика во Република Македонија точно во овие три рурални средини, три рурални општини, општината Конопиште, општината Витолиште и општината Старавина.

Општината Конопиште во границите во кои што се наоѓаше граничеше со Гевгелија, Миравци, општина Демир Капија, Кавадарци, Витолиште и Прилеп. Сега со ова што ние го добивме како предлог и посебно тоа е општината Конопиште преминува во општина Кавадарци и токму поради тоа се поднесува овој амандман на член 12 по точката 32 и бараме да се додаде нова точка 32-а која гласи: “Општина Конопиште,

селата Бојанчиште, Бохула, Бунарче, Горна Бошава, Долна Бошава, Клиново, Крњево, Куманичево, Мајден, Мрежичко, Равње, Рожден, Р'жаново, Страгово и Чемерско". Овие останувaат во општината Конопиште, а се бришат од општина Кавадарци. Зошто е сето ова кажавме, затоа што општината Конопиште во овие последни неколку години ги покажа сите добродети на постоењето на локалната самоуправа и последните резултати се гледаат токму деновиве.

Инаку, оваа општина е една од најспецифичните во републиката во однос на населеноста, на површината, аграргната структура и другите природно географски сегменти што ќе видиме од она што го имаме за општина Конопиште и предложените податоци.

Некои оваа општина ја нарекуваат како Бошавско-Рожденски регион, всушност подрачјето на оваа општина се наоѓа во јужниот дел на републиката, но по својата релјефна структура претставува ридско-планинска област бидејќи лежи меѓу планините Кожув на исток и Козјак на запад, а меѓу нив се издига дел од висорамнината Витачево.

Овој простор им припаѓа на две речни слива и тоа на Црноречкиот и Бошавичкиот. Тоа се граничи како што кажав, со општините Гевгелија, Демир Капија, Кавадарци и Витолиште, а на јужната страна она за што говоревме за сите овие три општини дека претставува погранично место, значи ја има државната граница на Република Македонија со Република Грција.

Во оваа општина во ова време од  1996 година наваму се направени повеќе патишта, се изградени повеќе објекти, кои почнаа да функционираат и обезбедуваат нешто што ќе значи живот на општината Конопиште.

Територијата на општина Конопиште е една од најголемите по површина и зафаќа некаде околу 433 км2; токму поради тоа и поради мошне слабата населеност просечната густина на населението изнесува негде помалку од еден жител на еден км2 односно оваа општина има најмала просечна густина на населеност од сите општини во републиката.

Во составот кажавме дека се овие 15 населби, од кои 14 се постојани, а само едно село е потполно раселено, тоа е селото Рамна. За одбележување е и тоа дека ова е единствена општина во Републиката каде што сите 14 села се мали населби и дури сите

се со помаклу од 100 жители, што несомнено сериозно го наметнува прашањето за поактивна популациска ревитализација на општините.

Во однос на орографските услови општината е интересна поради тоа што во неа нема ниту едно рамничарско село, туку 5 населби се ридски, а 9 се планински. Тоа ги отежнува можностите за поефикасно спроведување и уредување на инфраструктурата. Во 1994 година општината Конопиште имала само 543 жители и таа бројка во моментов е намалена на 350, за разлика од 1961 година кога бројот на населението бил околу 4094 жители или вкупен број на населението од 1961 до 1996 година кога се укинати општините се намалил за поеќе од 88%. Вкупното аграрно земјитеште зафаќа пворшина од 389 илјади хектари, од него обработливи се 4000 хектари или 10,5% , пасишта има окиолу 18% и најголем простор заземаат шумите, 27 илјади или 71%. Според овие услови општина Конопиште има најдобри услови за развој на сточарството, особено од шумскто стопанство. Тука е рудникот Алшар, рудникот 'Ржаново, и општината Конопиште вака како што сега се префрла повторно во општината Кавадарци, бидејќи ја знаеме структурата на населението, луѓето кои живеат, нивната старосна структура, мислам дека апсолутно ги носиме во една неприродна ситуација, во ситуација каде оваа општина за многу кратко време и ќе ја нема на картата на Република Македонија. Знаејќи што направила општината Кавадарци во овие години, колку може ова аграрно подрачје, со една огромна површина од 440 $км^{2,}$ општината Кавадарци и ова што го говореше г-динот министер колкави ќе бидат тие средства што таа општина ќе може да ги оддели за да може оваа инфраструктура да се направи, да се отвори граничниот премин кон Република Грција и она што го говоревме за целото ова подрачје, за целото Мариово, да се постигне оној развој кој го гледаме од другата страна од Р.Грција, каде што последните години доживува процут и каде што можеме да се потпреме бидејќи има многу малку жители, да направиме напори овие места повторно да се населат, затоа што гледајши ја и структурата на луѓето што се тука, едноставно со ова што ќе префрлиме општината да биде во Кавадарци ќе дојдеме во ситуација никој да не обрнува внимание ниту за Конопиште, ниту за Витолиште, а уште помалку за Старавина. Мислам дека овие села и досега во овие неколку години, за одбележување е и ова последното што го прочитавме во текот на вчерашниот ден, отворањето на нов асвалтиран пат во должина од 6 км., од

Мушов Гроб до Конопиште, покажува што направила оваа локална самоуправа од 1996 година па наваму, значи последниве некоклу години. Тоа е една ситуација за која треба да бидеме свесни, за која државата признаваше дека во претходните 40 години, апсолутно не направила ништо, освен овие четири илјади луѓе, кои добро живееле на овие простори да ги повлече во Кавадарци, Гевгелија и Дојран. Еве, ситуацијата е таква што тие стопански објекти кои некогаш носеле и работеле во Република Македонија во моментов не функционираат воопшто. Имаме 400 илјади невработени и природни богатства кои така стојат во моментов и каде што ние како Влада и Собрание, поминуваме преку некои работи. Некогаш тоа е демографскиот фактор, некогаш е просторниот фактор, површината, но во секој случај, општината Конопиште, Витолиште, и Старавина како Мариово, мислам дека требаше да се изнајде начин како овие општини како рурални средини во Република Македонија ќе можат да опстојуваат. Голем дел од она што значат права на локалната самоуправа кои треба да се пренесат на општините за граѓаните на општина Конопиште едноставно не ќе има потреба да го праат тоа. Финансиските средства кои ќе треба да се потрошат на овие подрачја ќе бидат многу помали. Граѓаните сигурно ќе бидат многу позадоволни доколку општинскиот центар Конопиште стигнува до него и таму да ги остваруваат своите права, отколку да стигнуваат до Кавадарци за најобични документи кои треба да ги извадат, или воопшто да не ги извадат и да не можат да ги извадат. Затоа, како што кажа и г-динот Трендафилов, за пребројувањето во одредени села, после недели откако ќе ги нема и последните граѓани кои живеат во тие села.

Уште еднаш апелирам за општината Конопиште ова што го кажавме, значи локалната самоуправа кога државата не била способна да го направи тоа со нивни средства, донации и извори направиле пат од шест километри и што е уште пострашно уште една вест која дојде е за поморот на рибите во реката Бошавица, повеќе од 1 тон. Сега кога ќе кажеме дека воопшто нема население, воопшто никој не живее а се случуваат вакви еколошки трагедии, тоа покажува колкју државата треба да посвети внимание токму на ова подрачје, затоа што се сомневам дека општина Кавадарци ќе има можности, сили и средства да може да го одржи ова подрачје и да може да ги гледа сите останати работи кои ќе придонесат општината Конопиште понатаму да се развива. Овој

простор кој нуди многу минерални суровини за кои остнавме изненадени сите, но тоа е регистрирано во Просторниот план на Република Македонија или се направени перспективни размисли кога тие рудници ќе бидат вклучени, дали тоа ќе биде после 5 или 10 гоидни, но во секој случај во скора иднина, мислам дека тие мора да проработат, мора да профункционира и дека точно селата Бојанчиште, Бокула, Бунарче, Горна Бошава, Долна Бошава, Клиново, Крњево, Куманичево, Мајден, Мрежичко, Радња, Рожден, Р'жаново, Страгово и Чемерско ќе ги примат граѓаните, дали тоа ќе бидат нивните иселени граѓани кои во тие 30 години на немање на локална самоуправа и вербата во македонското стопанство ги напуштиле овие прлостори, дека тие ќе бидат вратени или луѓето кои допрва ќе бараат свои вработувања и свое место во овој простор на Република Македонија, едноставно со законот треба да го обезбедиме сето тоа. Ако општината Конопиште ја ставиме во општина Кавадарци, ако општината Витолиште биде во општина Прилеп и општината Старавина во општина Новаци, тоа се три погранични општини кои зафаќаат можеби повеќе од 40% од граничната линија на Република Македонија и токму затоа Република Македонија треба да поведе многу повеќе сметка за овие природни богатства, за нивното искористување, за земањето на доста кредити од ЕУ, кои ќе бидат за развој на Република Македонија и токму тие средства да бидат инвестирани во овие подрачја, затоа што ова е чисто еколошко и очекуваме дека овие производи од Мариовскиот крај ќе бидат првите производи во ЕУ кои ќе го носат знакот на еколошки здрава храна, која во моментов недостасува во ЕУ. Тоа го знаеме, но, да не дојдеме во состојба еколошки здравата храна да нема кој да ја произведе во Конопиште и во целиот дел на Маријово, значи да немаме луѓе. Со ваквите закони, со префрлувањето како одобрување на локалната самоуправа на граѓаните од општина Конопиште да ја остваруваат во општина Кавадарци, апсолутно мислам дека ниедно правило од она што значеше територијална поделба или како што сакате да ја нарекувате теиторијална организација на Република Македонија, граѓаните ни по еден закон од тие 29, а мислам дека во повеќе од 20 нема да учествуваат затоа што апсолутно не ги тангираат овие луѓе што се наоѓаат таму, правиме голема грешка и државата треба да изнајде сили токму овие подрачја понатаму да се развиваат за да можеме да ги вратиме луѓето и овие луѓе

да бидат тие кои ќе донесат за Република Македонија нови производни капацитети со кои ќе се гледаме во Европската Унија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете г-дине Коце Трајановски, имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Се работи за амандман 2 со архивски број 58, во кој селата од постојната општина Конопиште практично се бришат од општина Кавадарци и со тоа се формира во членот 12 од Законот за територијална организација, нова општина Конопиште.

Сакам да напоменам дека општината Конопиште е една од најголемите општини во Република Македонија, со приближно 630 км2, и со богати природни ресурси. Оваа општина практично е жив пример како во Република Македонија од ослободувањето панаваму, знажи од Втората светска војна нава, се одвивала миграцијата и опустошувањето  или иселувањето нашите села и мигрирањето на жителите од тие села кон градовите, во конкретниот случај кон градот Кавадарци. Инаку, се работи за селата Јанчиште, Бохула, Бунарче, Горна Бошава, Долна Бошава,  Клиново, Куманичево, Мајден, Мрежичко, Радња, Рожден, Р'жаново, Страгово и Чемерско. Сакам да кажам дека овие населени места пред 1941 година имале повеќе од 7,5 ипол илјади жители, меѓутоа, со концентрирањето на индустријата во големите градови, а не дисперзирано по населените места како општините, бидејќи тогаш постоела оваа општина и концентрирањето на индустријата и стопанските субјекти таму,настанала голема концентрација на населението во градовите, така што со тоа иселување со пописот во 1991 година, општината Конопиште која имала повеќе од 7,5 илјади жители пред  војната сега има 619 жители и тоа претежно стари лица. Неправдата која што е направена со несоодветната или неправилна развојна политика, која ја прави Република Македонија од ослободувањето наваму, значи од 1945 година па навамју, делумно се поправа 1996 година кога овие населени места што ги набројав стануваат дел од општина Конопиште, така што со оваа општина како општина за овие населени места со општински центар Конопиште почнува делумно заживување на овие населени мета и почнува враќањето,

иако симболично, на населението во овие населени места или почнува заживувањето на овие села.

Инаку, овие села формирајќи општина можат да го издржат финансиското оптоварување кое треба да го има општината. Иако во моментов не се доволно тие финансиски средства што се прибираат од населените места за опстојување на општината, меѓутоа долгорочно и развојно гледано сметам дека овие населени места треба да бидат во рамките на една општина со општински центар Конопиште, бидејќи во овие 7 години од постоење евидентни се резултатите кои се постигнати во овие населени места.

За да се задржам на амандманот, ќе се обидам да кажам што е направено во одредени населени места од формирањето на општината во 1996 година, до денес.

Во село Страгово имаме изградба на водовод од главен довод Лука до село Страгово, кој продолжува до селата Крњево и Долна Бошава. Изграден е, главен резервоар од 20 метри кубни и пред комора со комплетна улична водоводна мрежа. Санација на пат, Долно Долче, Страгово и село Крњево со павер елементи.

Во село Крњево имаме реновирање и изградба на амбуланта со донација на Норвешката амбасада, реконструкција на нисконапонската мрежа, изградба и тампонирање на улици во селото Крњево, изградба на канал за вода од селската воденица низ село Крњево. Во фаза на реализација е пат 509 од село Крњево - Долна Бошава - Горна Бошава во должина од 6 километри, обезбедени се 550 илјади евра средства од Европската агенција за реконструкција по Програмата КАРДС од 2002 година, поставување на бетонски столбови за довод на електрична енергија и осветлување на Манастирот Св.Архангел Михаил.

Во Долна Бошава имаме поплочување на главна улица, подигање споменик на бранителите од Татковинската војна 2001 година, вклучување на Долна Бошава на водоводот Лукар, изградба на мост од средна големина на реката Бошавица од село Долна Бошава спрема обработливите површини со лозови, овошни и други насади.

Во Горна Бошава имаме помагање на иницијативата на жителите за изградба на црква во селото Горна Бошава, на темелите на Стара Црква која била изрушена пред повеќе од 300 години, делумна изградба на канализациона мрежа.

Во селото Конопиште имаме поплочување на платформата во центарот на селото пред таканаречената зграда Хотел, санирање на ограда на црквата, во завршна фаза е изградба на фабрика за полнење на пивка вода со капацитет од 7 илјади литри вода на час и оваа инветиција е вредна околу 500 илјади евра. Во неа би се вработиле 20 нови работници и санирање на центарот и тротоарите од фирмата "Кодинг", сопственикот на фабриката за вода.

Во селото Мрежичко се наоѓаат двете познати фабрики за полнење на минерална вода "Кожувчанка" и "Планинска" и за капацитетот на овие две фабрики општината донирала трафостаница, со еден зафат со носење на технолошка вода од река Мрежичка решено е снабдувањето на вода зза пиење и наводнување во н иската и високата зона. Потоа, санирана е црквата Св.Димитрија со ангажирање на социјално загрозени работници со помошта на УНДП.

Село Мајден е поврзано со подземен кабел на  село Мајдан од село Рожден со фисен телефон, потоа има каптажа на два планински извори со довод и изградба на прекидна комора, мокра и сува и вклучување на веќе поставена селска мрежа. Потоа, изградба на пат кон граничен премин Пуљево кон соседна Грција, преку преминот се поврзуваме со Беломорска Македонија, а најблизок град Сободско, а од таму до Воден има 25 километри пат, во должина од 4,9 км. со изградба на два моста, а работата е скоро дветретини пробиена.

Во село Рожден имаме санација на црква со пробивање на пат на истата, комлет санација на селска чешма, санација на зграда во која се наоѓа канцеларијата на месната заедница и тампонирање на селски улици.

Во село Клиново имаме иницијатива на иселените жители од ова опустошено село и формирање на нова месна заедница и нивна иницијатива за санирање на селската црква. Потоа, пробивање на пат од Бојанчиште до Клиново, преку река Блашница, која се влева во Тиквешко езеро, како и санирање на селската чешма во селото.

Во село Бојанчиште во тек  е изградба на нова фабрика за преработка на овошје и шумски плодови, со сушара за истите, потоа санација на селската чешма, како и учество во изградбат ана селската црква и реновирање на селската амбуланта.

Во село Чемерско имаме комплет санација на црква со реновирање на деловите од црквата. Исто така, во ова село постои мелиоративен систем со кој се наводнува поголема обработлива површина со тенденција на се поголем замаф и зафаќање од земјоделството.

Во село Бохула имаме санација на црква, изграден систем за водоснабдување со дополнителна количина на вода, со проект за излагање на неизложено земјиште и со одлука на Советот е започнат проект од поширок размер за Македонија со мешовит капитал и изградба на ски центарот Кожув.

Од село Куманичево, по кој е пробиен локален пат па до Полошкиот Манастир на Тиквешкото Езеро извшено е поставување на електрични столбови, трафостаница од 250 киловат часови, со што е електфициран овој споменик на културата од четринаесетиот век.

Значи со посебна политика на општина Конопиште на секој кој што е заинтересиран овозможено е без никакви давачки према општината да се изградат два нови рибници за речна пастрмка, уште три се во фаза на изградба, отворени се неколку нови пилани и во изградба се нови винарии.

Општината јавно комунално претпријатие “Бошавица” со пет вработени, а преку проектот на светската банка за јавни работи работно се ангажирани сезонски преку 25 работника.

За реализација, изградба на резервоари, водоводи Стагово, Крњево, Долна Бошава, исто така со донација од ЈСАНДП. Општината Конопиште исто така изврши пробивање на патот до местото викано Смрдлово во должина од 5 км. и поставување на апаратура за мобилна телефонија, со што во сите овие населени места кои ги напомнавме во амандмано и кои што би ја сочинувале постојната општина Конопишта да има лесна и брза комуникација на целата територија.

Значи, генерално во сите населени места овозможен е довод на чиста и здрава вода за пиење како од главниот водоводен систем Лукар, така и од локалните водоводи.

Од сето горе наведено се гледа дека општината Конопиште инсталирана е со основните инфраструктурни објекти кои претставуваат добра основа за комплетен развој

на земјоделство, сточарство, рибарство, а со тоа и вработување на голем број невработени лица.

Значи од сето горе искажано јасно се гледа дека ангажманот на локалната самоуправа скоро во сите населени места на оваа скоро иселена општина Конопиште е голем иако за некого изгледа мал, меѓутоа за овие полу иселени места многу значи и доколку овие населени места, села, не бидат во посебна општина Конопиште т.е. да бидат припоени кон општина Кавадарци, сметам дека ќе се маргинализира нивното значење и општината Кавадарци нема да посвети доволно внимание за нивното ревитализирање, кое што сметам дека треба да биде една од главните преокупации и развојни стремежи на Република Македонија, бидејќи сметам дека општина Кавадарци како една урбана средина пред се и над се со оглед на доминантноста на градското население, сметам дека ќе биде, да не речам потценуцачки, меѓутоа ќе биде запоставен развојот, како што бил впрочем запоставен и во последниве 50 години.

Значи јас лично сметам дека општина Конопиште иако со мал број на жители гледано развојно, гледано кон иднината на Република Македонија треба да и се даде шанса на овие населени места да формираат своја сопствена општина и да продолжат со обновувањето на овие населени места со заживувањето и со проектите и донациите и кредитите кои ќе доаѓаат од Европската банка за обнова и развој по различни основи, а особено поради тоа што ова е погранична општина, која што се граничи со Грција како земја од Европската унија. Сметам дека навистина општина Конопиште би го оправдала своето постоење во иднина, ако не толку можеби со показатели во ова време или во ови блиски неколку години, подолгорочно гледано општина Конопиште ќе биде пилот, пример во Република Македонија како ние ако гледаме перспективно можеме Република Македонија да ја направиме попросперитетна, поразвојна и да биде подецентрализирана не само со население кое би се враќало во овие краишта, со стопански објекти кои би се изградувале таму, инфраструктурата делимично е направена. Значи ги има сите предуслови за да оваа општина опстои во рамките на единиците на локална самоуправа во Република Македонија.

Затоа уште еднаш апелирам до парламентарното мнозинство да го прифати овој амандман и на општина Конопиште да и дадеме шанса за да може да ги ревитализира и да продолжи со ревитализирање на населените места кои ќе паднат во нејзиниот состав.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Јани Макрадули, имате реплика од три минути.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Не знам колку има смисла, бидејќи сигурно нема да се разбереме, но што да правиме сега

Многу зборуваше колегата Трајановски за Конопиште, а јас само две прашања би му поставил "дали знае што е судбината на водоводот Најде и дали можеме заедно, да ме покани заедно да отидеме во општинската зграда кај градоначалникот и да пиеме кафе, или дали знае што е судбината со општинската зграда во Конопиште.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Знаете ли г-дине Трајановски.

Повелете една минута контра реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Г-дине Макрадули и јас го разбирам вашето не ангажирање и вашата незаинтересираност со оглед на тоа што потекнувате од една високоурбана средина и воопшто го немате почувствувано што значи луѓето да живеат во овие населени места и што значи за иднината на Република Македонија до колку почме ревитализацијата, или продолжи ревитиалицазијата на овие села.

Инаку, она што велите за општинската зграда и сл. не би сакал да одговарам на тоа затоа што не одговара на дискусијата. Сметам дека ние пред се сме избирани од граѓаните на Република Македонија , од нашите избирачи не мора да се тие само од Скопје па да го заслужуваат нашето внимание, или од некој поголем град, туку напротив нашето ангажирање би требало да биде и за оние гласачи од кои што навистина не зависи нашата судбина дали ќе бидеме пратеници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Макрадули, имате збор.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Г-дине Трајановски да ве уверам дека сум бил повеќе во Конопиште од цела пратеничка група на ВМРО..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Немојте, контра на контра реплика, зборувајте за амандманот ве молам.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Бидејќи со исклучок на г-динот Марјан Ѓорчев сигурно сум бил повеќе од цела пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ заедно во Конопиште и сум провел голем дел од времето таму и викендите затоа знам точно што се случува. Сум имал и дипломец кај мене на факултет а од селото Мрежичко, сум бил често таму и за жал знам многу за криминалното однесување на актуелниот градоначалник и за жал на стопираниот развој на селото Конопиште. Затоа за жал и општинската зграда што некој градоначалник на СДСМ ја изградил од 1996 до 2000-та година некој ја продал. За жал сите патишта некој што ги градел од 1996 до 2000-та година Владата на ВМРО-ДПМНЕ сакаше, беше и притворен и испитуваше некои работи да , да не се враќаме на некои работи, да не маргинализираме и вулгаризираме што некој е од град, некој е од село па претендира дека повеќе работи знае. Не, напротив знам многу работи. За жал еден развој што го имаше Конопиште од 1996 до 2000-та година спречен е во овој период. Се разбира концептот на Владата за окрупнување, што вие го подржувате со овој предлог за окрупнување на Конопиште, Витолиште исто е концепт на Владата и тука мораме да бидеме свесни дека таа општина не може сама да се издржува и не може сама да ги опслужува ингеренциите на граѓаните што и се нудат и што се со целиот пакет на закони предвидени за локална самоуправа и имплементацијата на овие 29 закони што ги предвидуваме.

Затоа моите заложби за една општина не можат да бидат залажување на граѓаните дека тие можат да опстојат, бидејќи реално ги согледувам работите, а тоа што вие ја одолговлечувате седницата на пример денешниот трошок со јаловите дискусии што ги имате сигурно повеќе ќе им користи на граѓаните од Конопиште одколку овде да ги читаме географските ширини и висини на местата низ Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Стојановски, три минути реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Г-дине Макрадули,

Вие воопшто не зборувате за принципи кои што значат окрупнување на рурални со рурални или рурални со градски општини. Ако зборуваме за општина Конопиште вие не можете општина Конопиште да ја издвојувате од сите специфики кои што ги има вкупниот мариовски регион кој зафаќа 1/5 од тефриторијата на Република Македонија . Тоа што е слабо населен, тоа е резултат на некакви историски случувања кои се случиле во минатото, меѓутоа фактот што тој регион е богат и со рудни богатства и со шуми, има големи пространства на пасишта, има потенцијал којшто може да ги финансира тие жители кои таму живеат независно што нивната бројка не е над 5000, како што е во општина Пласница, или некоја друга општина која што исто така е застапена со жители со кои што се помалу бројни од вашите 5000 жители, а во овој момент имаме предлог тие да останат општини.

Ние се согласуваме тие критериуми да се бришат и да се гледаат спецификите на секоја општина посебно, како што е случајот што општина Конопиште затоа што тие специфики, за кои што зборуваме за општина Конопиште исто така Владата треба да ги зема како специфичен однос за креирањето на општинските граници во многу општини низ Република Македонија , кои што се внесени во предложениот закон за територијална поделба.

Значи, од овие причини не треба да се девалвира потребата на жителите од овој регион за опстојување на нивната општина преку која ќе можат да ги остварат сите оние работи кои навистина им пречат. Односно ако се работи за старо население тогаш некој треба да покрене иницијатива за изградба на амбуланта. Ако се работи за помладо население треба изградба на училиште. Има населени места каде што е потребно изградба на патишта. Таа иницијативност треба да се канализира преку општинските власти и затоа овие општини треба и неопходно е да опстојат како такви и на тој начин да можат да функционираат и да ги задоволуваат потребите на нивните жители.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минтуа г-дине Макрадули за контра реплика.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Да го повторам она што го кажувам неколку дена дека сме на дијалог на глувите каде што неможеме да се разбереме.

Критериумот од 5000 жители е донесен во февруари 2002 година од страна на парламентарното мнозинство на ВМРО-ДПМНЕ. Сега ние можеме 10 дена да зборуваме, ама тоа е факт. Факт е дека ни проближно до 5000 не е конопиште, туку има 350 жители. Факт е дека градоначалникот општинската зграда што му ја оставил претходниот градоначалник од СДСМ, актуелниот од ВМРО-ДПМНЕ ја продал, ја дал на други, па сега општината е кираџија во друга зграда. Тоа се фактите. Вие може да зборувате овде и 10 дена, да ги трошите парите на граѓаните, ама ова се фактите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Коце Трајановски, три  минути реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Нивото на дискусија на г-динот Макрадули воопшто не ме изненадува, стандардно е тоа негово ниво, сите се криминалци освен СДСМ. Сите освен нив..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Морам да ве корегирам, г-динот Макрадули не рече криминалци, рече дека само ја продал општинската зграда.

КОЦЕ ТРЈАНОВСКИ:

Претседателе вие требаше да го предупредите кога рече криминалци, па затварани, триста  чуда за градоначалниците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, течат вашите три минути.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ	:

Меѓутоа, ќе каже времето дека сите овие монтирани процеси што ги прават со затварања, со притварања и сл. немаат судска завршница. Напротив повеќето се ослободителни и затоа би ве замолил да го предупредите г-динот Макрадули и

останатите кога ќе дискутираат со вакви аргументи за постоење на една општина или за непостоење.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Трендафилов, имате реплика?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Процедурално.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Ќе се развие расправата во несакана насока до колку почнеме да компарираме, затоа што после она срамно однесување на претседателот на Републиката за прославувањето на АНОМ..

(реакција на пратениците во салата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Трендафилов тоа не е процедурално.

Г-дине Мавровски, имате реплика?  Повелете три минути реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Г-динот Макрадули неколку дена повторува иста работа, но многу бргу се откажува. Прво кажа ако сте за 123 општини, а ние сме, да ги повлечеме сите амандмани и да го усвоиме.

Како што кажа и г-динот Коце Трајановски апсолутно повеќе да не говориме ни за Кичево ни за Струга ни за Скопје. Туак да  заврши цела дискусија и да ги прфатиме овие закони. Таквите работи саом кажувате а ништо не направивте.

Во однос на општина Конопиште во моментот се јавија луѓе кои што се од Конопиште и кои што малку пдобро ја познаваат таму ситуацијата кажаа дека општинската зграда во општина Конопиште моментално е под Министерството за одбрана, претпоставувам не е продадена и затоа немојте да ширите дезинформации. Колку ви е го познавате Конопиште, ако сте биле еднаш или два пати, ова што пред малку го кажавме за тие 6 км. пат од Мушев Гроб до Конопиште, кој што претходните 40 години не беа направени, сите овие податоци што ги изнесовме, иако имаше Конопиште луѓе

1961 година и 1964 година и колку има сега и колку ќе има после три години кога локалната самоуправа ќе биде во Кавадарци и кога ќе обезбедите да ја практикуваат власта на локално ниво со најдобри намери како што кажувате сега и дека тоа ќе биде најдоброто и најперспективното тоа ќе го кажат граѓаните. Затоа немојте да говорите во името ваше, во името на граѓаните  дека некој овде ќе говорат и дека ги трошел нивните пари. Кој ги трошел парите ве очекуваат два месеци секој понеделник како прва вест дали вие се договоривте со ДУИ или не се договоривте. Цела Македонија ја направивте заложници и затоа г-дине Макрадули овде да не продаваме магла, доволно е граѓамоте сами да си оценат кој за што се бори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете 1 минута г-дине Макрадули контра реплика.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Да, граѓаните точно ќе ценат кој има искрени намери. Не го спорам, до колку имавте искрени намери и се залагавте за 123 општини, тоа јас ви го повторувам секој ден ќе поднесевте амандман за 123 општини, а вие сте поднеле амандмани за 112 општини што значи не се залагате за 123, туку се залагате за 112 општини. Тоа се фактите.

Што се однесува до општинската зграда не сакам да коментирам бидејќи е издадена на установа која работи со лица со хендикеп и затоа не би сакал да коментирал кој моментално престојува во зградата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Дојчиновски баравте збор процедурално.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Вие прво прекршивте ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во што е процедурата прекршена.

Г-дине Дојчиновски повелете процедурално.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Прво и основно сакам да го кажам следното.

Покрај вака силни и бројни амандмани кои што опозицијата доста ги брани добро би било да се даде еден листинг на јавноста, на онвинарите да види колку од нив..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Дојчиновски тоа не е процедурално. Тоа можевте во дискусија, процедурата е запазена по Деловникот и во однос на амандманите.

Г-дине Стојановски што барате сега.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Процедурално.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете процедурално.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Г-дине претседателе јас сметам дека обвинувањата под плаштот на процедурално јавување треба да се надминат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И тоа не е процедурално.

Молам дали некој друг бара збор, никој.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг  бара збор? (Никој)

Бидејки, никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, 1 пратеник гласал за, 52 пратеници гласале против, воздржани нема.

Ве молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Ве молам, бидете мирни, јас ја водам овде седницата и се оди деловнички.

Во моментот на гласањето беа присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворм претрес по амандмнот на член 12 за додавање на нова точка 32-а по точката 32 и на член 12 под в), точката77, поднесен од пратеникот Никола Груевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете г-дине Коце Трајановски, имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи дискусијата не е ограничена, деловнички е секој да може да се јави и молам, без нервози.

Повелете г-дине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Се работи за амандманот 2. Повторно би изразил жалење штоне се поврзани овие амандмани, меѓутоа так апочна расправата, така и ќе продолжи. Инаку амандманот 2 кој се однесува на Кондово гласи: "во членот 12, каде што е составот на општините, во точката 32 се додава нова точка 32-а која гласи: "Општина Кондово, селата Радуша, Горно Свиларе, Долно Свиларе, Дворце, Рудник, Радуша и Ташче, се формира како нова општина, општина Кондово". Во членот 12, под в) во точка 77 општина Сарај "зборовите Радуша, Горно Свиларе, Долно Свиларе, Дворце, Рудник, Радуша и Рашче", се бришат. Значи, со овој амандман практично општината, се бара општината Кондово да биде како посебна општина, бидјеки во Предлогот на законот за територијална поделба на РМ , во втората фаза, општината Кондово е споена со општината Сарај, а општината Сарај влегува во рамктие на Градот Скопје.

Сметаме дека е неоправдано , бидјеки една крајно рурална општина од приградска , скопска приградска општина, станува во составот на Градот Скопје. Објаснвуањата беа од типот дека тука е изворот Рашче и сметаме дека со тоа ќе бид епод влијание на Градот Скопје и на тој начин има една природна врска, со оглед на тоа што од изворот Рашче се напојува со воа скоро целото население во Градот Скопје. Меѓутоа, ние сметаме дека на овој начин се прави едне неприроден спој помеѓу една општина која што

е рурална и една крајно урбана средина, како што е Градот Скопје. Тојпринцип до колку е таков принцип можело да се направи во многу други општини, кои што се приградски, а кои штоне би скал да ги набројувам. Сметаме дека сето ова е направено со цел Градот Скопје да стане двојазичен и сметаме дека тоа не е прифатливо. Ние не сме против двојазичноста на Скопје, меѓутоа, сме против, да речам, насилно или со ваков начин на предлагање, со вештачко припојвуање на одредени општини сето тоа да се направи. Доколку тоа би билопонекој природен процес, работата би била сосема поинаква.

Поради тоа, сметаме дека општина Кондово треба да остане како посебна општина и од друг аспект, од аспект на тоа што сега со припојувањето кон Градот Скопје, голем дел од даноците кои што ги плаќаат овие населени места, граѓаните од овие места, жителите ќе потпаднат под Градот Скопје во соодност 60 спрема 40 или пак 50 спрема 50 ина тој начин дел од средствата кои што ги издвојуваат граѓанит еод овие населени места, како и било која друга општина која што е пригрдска, а ќе стане во рамкит ена Градот Скопје, во тој случај голем дел од средствата ќе одат во градската каса. А, како и колку тие ќе се враќаат назад во овие населени места, доволно говорат изминатите 50 години за сите приградски општини кои што се околу Градот Скопје. Ако се погледне нивниот развој во изминатите 50 години т.е. ако се направи пресек во 1996 година, ќе се види колку тие урбано , инфраструктурно или било како заостануваат од блиските урбани градски населби. Значи, ова е надвор од генералниот урбанистички план. Сметам,понатаму на жителите на овие населени места , наместо централизација, ќе настане децентрализација. Поради тоа, сметаме дека со прифаќањето на овој амандман работите ќе останат во природни рамки како што се сега.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам претседателе,

Предлогот општина Кондово да се припои кон Скопје навистина значи едно непочитување, пред се, на постојните законски прописи , а потоа непочитување на

критериуми, што значат функционирање на општината, како и на општините во целина. Што сакам да кажам? За да може општина Кондово да се припои кон Скопје, неопходно е со нејзиното припојување , неопходно е да се изменат деталните урбанистички планови и главниот урбанистички план на Скопје. Тоа значи дека жителите на Скопје ќе мроа да платат по 700 евра по хектар, доколку Кондово се припои кон Скопје. Значи, на колку што хектари се протека Скопје заедно со Кондово и Сарај по одно сна овој Предлог на закон, толку пати треба да се пресмета по 700 евра, за да се изработи генерален урбанистички план. Меѓутоа, зошто скам да кажам дека ова не е во согласност со законот. Затоа што, согласно постојната законска регулатива Градот фактички нема да може да го усогласи генералниот урбанистички план со овие граници. Затоа што генералниот урбанистички план за Скопје е донесен во 2002 година, а на него не смее да се врши ревизија најмалку 10 години. Од овие причини , ако се изврши ревизија, треба да се плаќаат нови 700 евра по хектар, а законската одговорност за невршење на ревизија за 10 години, треба да се почитува.

Што значи припојвуањето на општина Кондово и штоопфаќа оваа територија. Општината Кондово, нејзината територија се наоѓа во северо-западниот дел на Скоспката котлина. Како поранешен простор на општината Карпош. Значи се протека од вете страни на реката Вардар и го зафаќа просторот од планината Жеден, потоа дел од  старата делта на реката Вардар, како и Дрвенската клисура преку која протекува Старата река. Преку оваа клисура води железничка линија од Скопје за Тетово и понатаму до Кичево. На овој простор од јужната падина на Жеден избива силниот извор Рашче, од кој Скопје се снабдува со вода како за пиење, така и за потребите на некои индустриски објекти.

Втор карактеристичен објект за оваа општина е рудникот за хром Радуша чии наоѓалишта се откриени во самата Дервенск аклисура. Оваа општина се граничи со општините Сарај и Јегуновце, како и Ѓорче Петров и на тесен дел со државната граница , со Србија и Црна Гора односно Косово. Освен железничката линија, овде не води некој главен пат, туку има локални патчиња за изворот Рашче и за рудникот Радуша. Територијата на оваа општина зафаќа површина од 74 м2 и се вбројува во малите општини во Републиката. Меѓутоа, просечната густина на населеноста изнесува 131 жител на  1 км2, што е значителна густина во оваа селска средина, бидјеки таа е доста

населена. Во состав на општината се наоѓаат 7 населени места, а Кондово е седиште на оптината и има 2902 жители. Другите населби се: Радуша, Горно Свиларе, Долно Свиларе, Дворце, рудникот Радуша и Рашче. Од нив најголема населба е Рашче со 2403 жители. Во однос на големината на населбите по број на жители од 7 села, 4 наелби се големи со повеќе од 800 жители. Една населба е средна по големина и 2 села се мали со помалку од 300 жители. Во споредба пак со рељефната структура , 5 села се сметаат за ридски, а две населби за рамничарски.

Во 1994 година општината Кондово имала 9739 жители, просечно на една населба се паѓале по 1391 жител. Во однос на 1961 година кога популацијата имала 2334 жители, бројот на населението се зголемил дури за 4405 жители или за 82% и тоа не само попат на природен прираст туку и по пат на миграција. Во 1994 година во општината имало 1635 домаќинства. Просечно на едно домаќинство се паѓале по 6 членови.

Во однос на народносната структура речиси во сите села на ова аопштина грото е албанско население, освен во рудникто Радуша, каде што има учество на макеоднско и друго население. Всушност, на албанците се паѓаат 97,8%, на ромите 0,8%, а на македонците само 0,2%. Вкупната аграрна површина во општината Кондово зафаќа 6296 хектари.Од неа на обработливо земјиште отпаѓаат 2082 хектари или 22%. Пасиштата заземаат пворшина од 2504 хектари или 39,8%.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам г-дине Блаже Стојаноски, да ми кажете само тие пасишта во кое село се од овие спомнати овде.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Во рамничарските села кои што ги набројав и ако сакате можам повторно да ви гикажам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, зборувајте за амандманите. Треба да бидете во врска со амандманот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Да има врска, затоа што кажав претходно дека 5 села се ритски, а две села се рамничарски. Рамничарските села претежно се насочени кон овие обработливи површини, а останатите ритско-панинските се занимаваат претежно со шумарство и

сточарство, каде што на шуми отпаѓаат 1710 хектари или 27,2% од површината.

Во оваа општина има услови и за развој на поледелството и за развој на сточарството. Меѓутоа, се работи за една структура, која што навистина покажува дека може да опстои затоа што ако аргументите кои што се однесуваат на општината Конописте дека бројот на жители на оваа општина е хендикеп за да опстои таа општина какоопштина, овде напротив, бројот на жители е повеќе од 8 илајди. Ако е така , тогаш зошто овде не се почитува тој критериум и на тој начин општина Кондово да опстои како општина. Или, се работи за други цели кои што се поврзани со создавање на двојазичност во Скопје, за што ќе разговараме кога ќе дојде тоа на дневен ред. Меѓутоа, кои други последици ги има припојувањето на Кондово кон Скопје. Едните последици се однесуваат на живото на населението во овие села кои што ги спомнав, а кои што, ако ве интересира кои се точно , можам уште еднаш да викажам дека ако зборуваме за Кондово, кое што имаоколу 3 илјади жители илиза Горно Свиларе кое што има околу 800 жители, Дворци околу 300 жители, Долно Свиларе 2 илјади жители, Радуша исто со околу 2 илјади жители, Рашче повеќе од 2 илјади жители за неможност за постоење на оваа општина. Факт е дека оваа општина се укинува, само заради тоа што приутврдувањето на Предлогот на овој закон е почитуван етничкиот принцип и заради тоа општина Кондово и нејзините жители нема да можат на адекватен начин,непосредно да ги остваруваат своите интереси. Затоа, мислам и сигурен сум дека со усвојувањето на овој амандман, не само што ќе се оневозможи на жителите да ги остваруваат потребите за локален развој, а не само политичките цели кои што сакаат да ги постигнат политичките претставници на албанците, туку треба да се свати дека на тој начин се решава и прашањето на Скопје односно ќе се тргне сомнежот за неопходноста од двојазичност на Скопје, коај штој а бараат албанците што дефакто ќе значи признавање на некаква федерализација на Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам за вашето мислење.

Повелете г-дине Рафис Алити, имате реплика од три минути.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам претседателе,

Навистина пратеникот Стојаноски ги има добиено податоците што ги има дадено министерот за локална власт, но за жал, тие податоци не е во состојба и да ги толкува со прецизност како што е напишано. Така што, јасно се гледа дека тој ниту го познава ова подрачје, врз основа на тоа што го чита и треба да говори. Јас ќе го потсетам дека најголемото место не е Рашче, туку е Кондово.

Во однос на планините или шумите, кои од тоа подрачје тие планини се голи и жителите од тој дел нема каде да берат дрва. Напротив, дрвото за огрев го купуваат. Значи,не држи тоа што гозборуваше и за миграцијата, мислам дека е една измислица дека во тој дел не дошле од никаде тие жители. Туку, напротив од поодамна бројот на жителите на овие села и на оваа општина е константен, приближно овој број кој е и денес.

Навистина, за жалење е за самиот пратеник и жителите од Кондово со анкетата направена таму тие јасно кажаа каде сакаат да припаѓаат. Дали скаат да бидат во самостојна општина или не. Велам дека е за жалење за пратеникот , кој сака да одбрани една теза која не држи и се труди да ја аргументира без никакви аргументи.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Стојаноски една минута.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Пратеникот се повикува на волјата на жителите на општина Кондово. Зошто не се повикувате на волјата на сите оние жители коина референдуми искажаа волја да опстанат нивните општини, коишто ги има над 40 на број и зошто зборувате само за интеграцијата како флоскула, како една затскриена форма, за да може да ги остварите вашит еполитички цели, а не како реална потреба , во која што РМ треба да претставува унитарна држава со сите права ислободи коишто треба да гиужива секој поединец во неа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Убава мисла, г-дине, само дали верувате во тоа.

Дали некој друг бара збор?

Повелете г-дине Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господо пратеници,

Запознавањето на општините мислам дека многумина од нас можат да зборуваат дека секој пратеник не бил во секоја општина, држи тезата . Но, ние зборуваме тука за она што значи интерес на граѓаните , интерес на државата Репбулика Македонија. Воконтинуитет слушаме дека е обидуваат да се бранат некои тези,коине се одбранливи.

Она што стои како отворено прашање е механичкото додавање на некои општини на Главниот град на РМ , со што главната цел е Градот да биде двојазичен. Мислам дека треба отворено да продискутираме на оваа тема и не е ништо страшно ако подискутираме дека реалноста е таа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски, ве молам за амандманот 2, а за Градот Скопје ќе имаме посебна точка и ќе дискутираме за тоа.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Не, јас зборувам за Кондово.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не зборувате за Кондово, бидјеки јас не слушнав.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Па, Кондово, го даваме механички на Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам,  зборувајте за Кондово и зошто сметате дека Кондово треба да ги има овие села овде кои што се ставени во амандманот 2.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Сметам дека Скопје не треба да го има Кондово.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зошто сметате дека овие села треба да постојат од Кондово?

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Дојдовме во Парламентот да биде срамно, ние македонците да зборуваме за Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам господине Даневски, мислам дека обвинувањето не ви е на место.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Кондово не припаѓа како општина да се спои со Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа не е амандманот, се извинувам. Амандманот е зошто сметате дека Кондово треба да ги има овие села.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Амандманот се работи за општина Кондово, да остане општина Кондово.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За градот Скопје ќе имаме посебна точка.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Скопјани се разочарани. Не можат да веруваат дека може вакво нешто да ни се случи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски уште еднаш ве опоменувам да зборувате за амандманот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Ќе бидам краток и за една минута ќе завршам. Јас сум против Градот Скопје да биде двојазичен. Кажувам отворено. Тоа е мој став. Јас си ги носам сите мои последици. Јас сум апсолутно против Градот Скопје да биде двојазичен. Зошто ние во овој Парламент, знаете што правиме. Правиме од таму каде што се доминантни албански општини уште толку додаваме за да доминираат. Дајте една албанска да направиме македонска. Дајте и така да ги гледаме работите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски минутата помина..

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не кажа збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, 5 гласале за амандманот, нема воздржан, 55 гласале против.

Службите нека го констатираат точниот број на присутни пратеници.

За време на гласањето беа присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Повелете господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, во името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам половина час пауза.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Немате право, координаторот треба да побара.

Се извинувам госпоѓо Лилјана дали денеска имаше дадено пауза?

Давам 15 минути пауза.

(Пауза од 17,40 часот).

(По паузата седницата продолжи во 18,05 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Отворам претрес по амандманот на член 12 точка 38, 23 и 31, поднесен од пратениците Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели.

Го молам министерот да влезе во салата да се произнесе по амандманот.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Стојаноски, имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Претседателе само една минута да го најдам амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам господине Стојаноски имавте време недела и повеќе да си ги подредите амандманите. Имате минута да го најдете амандманот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Не можам да претпоставам дали министерот ќе го прифати иоли ќе го одбие амандманот, затоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате минута да го најдете амандманот, затоа што ние направивме напори да го дадеме редоследот на амандманите.

Повелете имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Значи согласно оној ред кој што е доставен овде. На ред доаѓа амандманот кој што се однесува на општините Житоше, односно Долнени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, не е тој амандман.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Така е по редот кој што го имате доставено.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот на член 12 по точка 38, 23 и 31, поднесен од пратениците Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели. Тоа е амандман 74 од предлогот.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор,  го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеника, нема за, нева воздржани, 53 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Бидејќи во салата немаше доволен број пратеници за квору, го поништувам гласањето.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника, го повторувам гласањето и ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, нема за амандманот, нема воздржани, има 60 против амандманот.

Во салата беа присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Пратениците Силвана Бонева и Ѓорѓе Паљошковски го повлекоа амандманот на член 12 за додавање нова точка 38-а по точката 38 и на точката 63.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 38-а по точката 38 и на точка 3, поднесен од пратениците Спиро Мавровски, Илија Србиновски, Никола Груевски и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Овој амандман не се прифаќа од причини што врз основа на јавната расправа од Предлогот за донесување на закон и забелешките на пратениците кои сега го поднесуваат овој амандман, тие бараат седиштето од општина Кукуречани да се пренесе во општина Могила и сега се предлага нова. Од тие причини овој амандман не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, нема за, 1 воздржан, 59 против.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Повелете господине Мавровски процедурално.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Мислам дека овие игри треба да ги прекинете, затоа што пред малку дадовте пауза од 15 минути, а чекавме 30 минути. Паузата беше во 17,35 а сега е 18,10. Значи, половина час ја продолживте паузата. Во случајот за пет секунди покрај притискањето, јас ќе ве замолам ако сте коректни рапсравата треба да ја водиме за амандманите кои што ги кажа господиное министер во случајот кој има погрешно објаснување. Самото негово објаснување не држи, затоа што амандманот е сосема нешто друго. И сега одиме во ситуација заради две-три минути објаснување вие сега да го одземете зборот и кажувате дека оди понатаму. Не е проблем, можете сите амандмани на овој начин да ги завршите. Расправата ја водиме за ова што е пред нас, за амандманска расправа, или водиме да се надмудруваме. Ако е така кажете до кога треба да работиме, до 7 часот наутро, кажете до кој амандман треба да стигнете и да ја завршиме расправата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски пред вашиот амандман имаше еден амандман и вие имавте време да влезете. Проблемот е во тоа што вие картичката не ја ставивте на време кога јас почнав а не дека не притиснавте кога јас реков дали некој бара збор. Тоа не е мој проблем, туку тоа е ваш проблем и секој да си ја земе својата одговорност. Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 39-а по точката 39 и на точката 62, поднесен од пратениците Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски, имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Немам збор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 2 гласале за амандманот, нема воздржани, 60 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 точка 39 и точка 61, поднесен од пратеникот Иван Стоиљковиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, нема за, 1 воздржан, 58 против.

Бидејќи некој е несовесен овде ќе мораме да трошиме време во броењето.

Молам да се избројат присутните.

Во салата се присутни 69 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 точка 41, точка 15 за додавање нова точка 58-а по точката 58 и на точката 17, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Силвана Бонева, Никола Груевски, Михајо Ѓорѓиевски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Ѓорѓи Оровчанец, Ѓорѓе Паљошковски, Ристо Пејовски, Блаже Стојаноски, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Ѓорѓи Трендафилов, Слободан Чашуле и Драго Шајновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Трајановски, а потоа нека се подготви пратеникот Спиро Мавровски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ

Благодарам претседателе.

Се работи за амандман под архивски број  3119/59 или амандман 2 на овој архивски број. Значи во амандманот 1 бараме општина Маврово да биде посебна, т.е. раздвоена од општина Ростуше, меѓутоа, немаше време за дискусија, затоа сега ќе дискутираме по амандманот 2, во кој што практично е амандман на членот 12. Претходниот амандман беше на член 10, значи во списокот на единицата на локална самоуправа, а во членот 12 значи од законот за територијална поделба на Република Македонија  практично се ставаат населените места кои што припаѓаат на предложените или пак на новоформираните општини кои што ние ги предлагаме со нашите амандмани.

Инаку амандманот 2 гласи: Во членот 12 точка 41 општина Маврово се менува и гласи: општина Маврови Анови, селата Белчица, Бибај, Богдево, Бродец, Волковија, Врбен, Грекај, Дуф, Лужње, Кичиница, Кракорница, Леуново, Маврови Анови, Маврово, Нивиште, Никифорово, Нистрово, Ничпур, Ново Село, Орќуше, Рибница, Сенце, Сретково, Тануше и Церово. Практично предлагаме овие населени места да формираат посебна општина со седиште во Маврови Анови, а не како што е предложено во втората верзија од законот за територијална поделба да бидат заедно со селата од општина Ростуше и практично општина Ростуше и општина Маврови Анови да формираат една општина Маврово.

Во продолжение на амандманот, значи во точка 15 општина Гостивар, зборот “Бродец” се брише. Значи практично со првиот став од овој амандман селото Бродец го предлагаме да биде во општина Маврови Анови, а не да биде во општина Гостивар, како што е тоа  дадено во Предлогот на законот за територијална поделба.

Понатаму, во третиот став точката 58 општина Росоман се додава нова точка 58-а која гласи: општина Ростуше селата Аџиевци, Битуше, Болетин, Велебрдо, Видуше, Врбјани, Галичник, Гари, Жировница, Јанче, Лазарополе, Могорче, Осој, Присојница, Росоки, Ростуше, Селце, Скудриње, Сушица,Требиште и Тресонче, практично тие да ја формираат општината Ростуше и со тоа практично општината Ростуше би била општина во единицата на локална самоуправа и општината Маврови Анови, а не како што е во Предлогот на законот од овие две општини да биде формирана една општина.

Последниот став тоа значи ставот 4 од амандманот 2 во точката 17 општина Дебар, зборот “Скудриње” се брише, бидејќи селото Скудриње во нашиот амандман во ставот 3 се предлага да биде во општина Ростуше.

Со ова сакаме, како што е во постојната територијална организација на Република Македонија значи и општина Маврови Анови и Ростуше да бидат посебни општини. Сметаме дека е така, бидејќи овие села кои ги напоменав и кои би ја сочинувале општината Маврови Анови според територијата ќе претставуваат една поголема општина во просторот на Западна и Северозападна Македонија кое се именува како подрачје Горна Река.

Овие населени места зафаќаат површина од 445 километри квадратни и се граничат, доколку се прифати овој амандман, со општината Ростуше, Зајас, Долна Бањица и Вруток. Тоа се планински области на југ Бистра, на северозапад Кораб кои преку планината Врата се надоврзува на планинскиот масив на Шар Планина и на исток превојот Влајница кон Гостивар.

Општината е формирана со новата територијална поделба, од овие населени места, формирана е општината Маврови Анови во 1996 година и кога практично се одвојува од тогашната поширока општина Гостивар.

Инаку, ова подрачје и порано било самостојна општина се до 1969 година и на некој начин во 1996 година се исправила неправдата која е нанесена 1969 година, бидејќи сметаме доколку останала како посебна општина овие населени места не би имале таква миграција каква што имале во изминатите 50 години така што би се задржала бројноста на оваа општина на многу поголемо ниво отколку е сега.

Во рамките на општината овие 25 населени места имаат1420 жители со 327 домаќинства и со просек од 4,3 члена по домаќинство.

Значи, овие населени места по националниот состав, ако гиземеме вкупно, тие се со мешан национален состав македонци и албанци инаку, од оваа површина што ја кажав има аграрна површина, обработливо земјиште, пасишта и 43% или во најголемиот дел се шуми.

Од ова може да се заклучи дека во општината има услови за развој на аграрот во помала мера, а во поголема мера на сточарството и стопанисување со шуми преку Националниот парк Маврово и со туризам.

Сточарството во овие населени места е застапено преку одгледување на овци. На територијата на Маврови Анови, постојат 3 поголеми задруги за одгледување на овци и помал број на мали приватни стада со вкупно 20.000 грла.

Мавровското сирење претставува синоним за квалитет кој потекнува од извонредните планински пасишта на Кораб и Бистра.

Поради извонредната природна убавина на регионот, а да се зачува таа убавина и многубројните природни реткости во 1949 година на територијата на овие населени места како што ги напоменав и кои ја сочинувале општината Маврови Анови прогласен е Националниот парк Маврово кој сега зафаќа површина од 73 илјади хектари и се поклопува со 90% на територијата на општината Маврово, а зафаќа и дел од општината Ростуше.

Изградбата на Мавровското акумулационо езеро кое е во рамките на овие населени места претставува основа за развој на зимскиот и летниот туризам, Езерото започна да се гради 1947-1948 година, а првото полнење е во 1952 година и тоа е со голема површина и претставува одлична основа за развој на спортови на вода.

Зимскиот туризам како основа за развој има надморска височина од 1550 метри, долгите зими богати со снежни наноси и со постоењето на Ски центарот “Заре Лазаревски” во село Маврово исто така е голема основа за овие населени места ако ја формираат оваа општина да имаат и услови да опстанат како посебна општина.

За сместување на гостите во летен и зимски туризам регионот Маврово расплага со сместувачки капацитети од 1300 легла во одморалишта и хотели од различни

категории. Има голем број викендици во приватна сопственост со приближно 1500 легла така што убавата природа и чистиот воздух претставуваат една од погодностите за развој на селскиот туризам на овие населени места.

Од погоре кажаното може да се заклучи дека жителите својата егзистенција во рамките на општината ја остваруваат преку туризмот како носечка стопанска гранка преку стопанисување со шумите преку Националниот парк Маврово и преку производство на електрична енергија во рамките на ХЕ “Маврово”, преку сточарството, со оглед на одгледување на овци која како гранка на сточарството има добри и погодни услови за натамомшен развој.

Исто така, сакам да напоменам дека треба да се надоградат водоснабдителни системи кои се градени повеќе од 30 години, а не ги задоволуваат сегашните потреби и изградба на колекторски систем за заштита на Мавровското Езеро од фекалните води.

Општината Маврови Анови преку овие населени места кои ги напомнавме во амандманот исто така имаат формирано јавно комунално претпријатие за прибирање на комунален отпад и ова претпријатие добро ја обавува својата дејност, бидејќи со тоа го зачува епитетот еколошки најчист регион.

Поради овие референци сметам дека општината би требало да опстане како псебна општина во рамките на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија и сметам дека нема да претставува товар на буџетот на Република Македонија, бидејќи од сето она што го кажав можеме да констатираме дека има економска оправданост.

Исто така, би сакал да напоменам дека постојат огромен број на викенд куќи кои практично жителите кои ги поседуваат овие викенд куќи, доколку општината Маврови Анови и понатаму остане како посебна општина најавуваат дека своето жителство ќе го префрлат и во оваа населба и во населбите во кои се лоцирани со што бројот на жители на оваа општина би се зголемил и би ја надминал онаа фамозна граница од 5.000 жители кои се еден од аргументите да постои или да не постои посебна општина.

Оваа општина има своја пошта, сопствена амбуланта, централно основно училиште, располага со современа општинска зграда, сето тоа се предуслови кои би

требало да се земат во предвид доколку сакаме навистина оваа општина да постои понатаму како единица на локална самоуправа.

Уште еднаш би апелирал до парламентарното мнозинство и до претставникот на Владата на Република Македонија уште еднаш вака најсериозно да се разгледа овој амандман и да биде прифатен со што општина Маврови Анови понатаму би егзистирала како посебна општина во рамките на единиците на локална самоуправа во Република Македонија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Бејта, 3 минути реплика.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Излегов со една цел да му реплицирам за амандманот кој го има доставено координаторот на парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ Коце Трајановски кое не кореспондира со реалноста.

Има поднесено амандман за основање на општина Маврово, а нема елементарни сознанија за оваа општина. Жал ми е што велам нема елементарни сознанија, бидејќи тој не е пратеник од тоа подрачје. Има полно пратеници од тоа подрачје, јас сум еден од нив, тука е пратеникот Талат Џафери, Аднан Јашари и други пратеници кои го познаваат ова подрачје.

Јас ќе зборувам за Маврово, бидејќи добро го познавам, потекнувам од тоа подрачје од селото Дуф. Вие се трудите да ја манипулирате јавноста, граѓаните, но немата можност тоа да го правите, бидејќи не сте само вие пратеник, има други пратеници и затоа реагирам.

Во рамките на општина Маврово ќе ги спомнам сите села што го прочитавте, а овдека не сме дошле како пратеници да читаме, туку сме дошле како пратеници да ги браниме интересите на граѓаните кои не делегирале во највисокиот законодавен дом. Прчош, Дуф, Аќевиќ, Балакони, Бродец, Врбен, Кракорница, Ничпур, Нистрово, Рибница, Грекај, Танушевци, овие се населени места со албанци. Населените места кои вие сакате да припаднат на општина Маврово се раселени поради разни причини, економски и за подобри услови и се граѓани на општина Гостивар. Доколку овие места беа населени така

како што беа пред да се раселат, сигурен сум дека вие немаше да барате општина Маврово да остане како општина, бидејќи тогаш мнозинство во оваа општина ќе беа албанците и претседателот на општина Маврово ќе се избереше од редовите на албанците и тогаш ќе баравте некое друго решение кое е во спротивност со интересите на граѓаните од оваа општина. Ние неможеме да ја измениме Македонија, Македонија е вакква каква што е составена од албанци, македонци и други. Но, не поднесувајте амандмани кои не соодвествуваат со реалноста на терен. Денеска жалам, јас сум од тоа подрачје, тие населени места се пусти места само куќи со стари жители кои живеат на тоа подрачје и други кои одат и ги посетуваат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Бејта, 3 минути завршија.

Повелете господине Трајановски, имате 1 минута контра реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Практично господинот Бејта ја кажа причината поради која се укинува општината Маврови Анови. Со оглед на тоа што албанското население не е мнозинско население во оваа општина тие се залагаат да биде укинато, доколку би биле мнозинско, тогаш не би се залагале. Меѓутоа, општината Маврови Анови е нешто повеќе од струкурата на населението, бидејќи како национален парк и како богатство што го поседува оваа општина како шумско богатство и сето она што претставува во овие населени места, сметаме дека треба да остане оваа општина.

Инаку, не мора да сме родени таму или да живееме, Маврово го имаме посетувано многу често, го знаеме Маврово и населените места и затоа сметаме дека овие населени места треба да бидат како посебна општина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трајановски.

Повелете господине Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодрам господине претседателе,

Би сакал да искажам неколку збора и да објаснам зошто се залагаме општината Маврови Анови, како што кажа господинот Бејта тие доаѓаат од таму, ги знаат работите, а

ние што знаеме кажуваме, но истоо е дали доаѓаме оттаму или не, ова што го има зацртано коалицијата и што е предвидено мислам дека ќе се тера и на крајот ќе се заврши.

Во секој случај општината Маврови Анови е една од поголемите општини по простор во Западна и Северозападна Македонија и уште се именува како подрачје Горна Река. Таа е дел од поранешната општина Гостивар и порано како таква била самостојна. Со еден дел припаѓа на горното сливно подрачје на Вардар така што таа претставува вододелница меѓу Вардарскиот и Јадранскиот слив. Во нејзините рамки е изградена вештачка акумулација Мавровското Езеро со функција за добивање електрична енергија преку централите Вруток, Врбен и Равен и тоа претставува најголемиот енергетски воден потенцијал во Република Македонија.

По рељефната структура таа е планиска област, над нив се издига планината Бистра, на северозапад Кораб кој преку Враца се надоврзува на Шар Планина, а на исток превалецот Влајница кон Гостивар.

Таа се граничи со општините Ростуше, Зајас, Долна Бањиц, Вруток преку неа води главниот пат од Гостивар за Дебар, а има и локални патчиња особено околу Мавровското Езеро.

Територијата на општина Маврови Анови зафаќа повеќе од 445 километри квадратни и според просторот се вбројува во поголемите општини во Република Македонија.

Просечната густина на населеноста изнесува 3,2 жители на 1 квадратен километар, таа е мала, бидејќи зафаќа голем простор, таа е недоволно населена, за што говоревме во текот на денешниот ден.

Во рамките на општината се забележани 25 населени места од кои 23 се постојни, а две села се наполно раселени Нивиште и Кичиница.

Централно место и седиште на општината е Маврови Анови, тоа има главно туристичка функција, другите населби се Маврово, Леуново, Никифорово, Врбен, Богдево, Кракорница, Беличица, Бродец, Ничпур, Нистрово, Бибај, Рибница, Грекај, Тануше, Волковија, Сенце, Жужње, Сретково, Церово, Орќуше, Дуф и Ново Село.

Од нив најголема населба е Маврово со 191 жител.

Поради недоволната населеност на општината сите села се мали со помалку од 300 жители од кои 19 села имаат помалку од 100 жители. Ова укажува за она што зборувавме за сите рурални подрачја дека има сосема други проблеми кои со овој закон требаше да ги разрешиме.

Во 1994 година во оштината имаше 1421 жител, а во однос на 1961 година популацијата изнесуваше 4682 жители, значи бројот на населението се намали за 3260 луѓе или повеќе од 70%.

Вкупната аграрна површина во општината Маврови Анови зафаќа 44.564 хектари, од неа на обработливо земјиште отпаѓа 3700 хектари или само 8,3%, пасишта 20.000 или 47%, а шуми 19.800 или 43,6%.

Според тоа најповолни услови има за развој на сточарството, а за некои населби за шумското стопанство, но користењето на шумите во зависност од познатиот национален парк Маврово во кој се наоѓа едно од најголемите вештачки езера во Републиката.

Ова е што би билон основно запознавање со општината Маврови Анови, мислам дека причините поради кои треба да опстојува општината Маврови Анови со сите села што ги кажав се нивната активност, нивното работење од 1996 година до сега, сите проекти што ги направиле и се она што Маврови Анови самите за себе луѓето го направиле.

Општината Маврови Анови во ниеден случај не може да се класифицира во чисто рурална општина. Имено, таа претставува многу популарна зимска туристичка дестинација. За таа цел регионот има прекрасни предиспозиции кои максимално се користат преку постојните хотелско угостителски капацитети и Скијачкиот центар “Заре Лазаревски”.

Поради природните богатства, целиот овој регион, вклучувајќи ја и општината Маврови Анови е прогласен за национален парк, заштитен со закон.

Општината Маврови Анови располага со комплетна инфраструктура неопходна за постоењето на една општина, па така седиштето на општината со останатите населени места е поврзана со развиена патна мрежа. Преку оваа општина поминува

меѓународниот пат за Србија и Црна Гора во делот на Косово преку граничниот премин Стрезимир-Растелица кој наскоро ќе биде отворен.

Во седиштето на општината, како што кажа колегата Коце Трајановски има пошта. Со фиксна телефонија се покриени 70% од населените места, додека мобилната телефонија е покриена со 100%.

Општината има сопствена амбуланта со стационар, има централно основно училиште “Денчо Дејановски” со подрачно осум годишно училиште во село Нистрово и четири годишни училишта во селата Врбен, Маврово и Дуф. Располага со современа општинска зграда, со сопствен компјутерски информативен центар и локална полициска станица што ја опфаќа територијата на целата општина.

Економските показатели за одржливост на општината Маврови Анови покажуваат дека туризмот е главен извор на приходи. Општината Маврови Анови во ниту еден случај не може да се класифицира во чисто рурална општина.

Зошто? Имено, таа претставува многу популарна зимска туристичка дестинација. За таа цел регионот има предиспозиции и тука знаеме дека во летниот период можеби бројот на граѓаните кои престојуваат на ова подрачје е околу 5000 илјади, додека во зимскиот период повеќе од 10 илјади гости.

Освен туризмот, тука е сточарството, што е многу битен сегмент што може да придонесе во развојот на општината Маврови Анови. Во општината игзистираат три сточарски задруги и голем број на приватни сточари. Капацитетот на планината Бистра е 17 пасишта што се наоѓаат на 12 илјади хектари, додека на планината Кораб од 15 пасишта со вкупна површина од 11 илјади хектари. Во општината, по разни основи се предивдува приход од околу 10 илјади евра годишно.

Како што реков и погоре, скоро 90% од територијата на општината се простира Националниот парк “Маварово”, во кој, покрај другото егзистираат многу ретки видови на флора и фауна. Тука треба да се напомене дека со ресурсите на овој Национален парк располага претпријатие од државна сопственост. Вкупно од таа експлоатација на шуми и други богатства погоре спомнати, а согласно на Законот за финансирање на општините се очекува приход од некаде 50 илјади евра годишно.

Што се однесува до критериумот за бројот на населението, е многу релативна категорија, како што кажавме, што варира во летниот и зимскиот период. Во овој период општината навистина го оправда своето постоење, факт што може да се потврди со резултатите што таа ги постигна а се неспоредливи со оние што за овој крај се постигнати и е вложено во периодот кога општината не егзистираше.

За што всушност говориме и за што се работи?

Општината Маврови Анови од своето формирање во 1996 до 2003 година помина низ два мандати на политичко и организационо делување во кој созреваше и стекнуваше искуства како да се работи поефикасно и како да се постигнат подобри резултати. Во овој временски период општината навистина го оправда своето постоење, факт што може да се потврди со резултатите што таа ги постигна, а се неспоредливи со она што за овој крај се постигна и се вложуваше во периодот кога општината не егзистираше.

Резултатите покажуваат дека со времето на делување општината созреваше, а со тоа постигнуваше се поголеми и поочигледни резултати, што ни дава за право дека тоа како тренд ќе продолжи и во понатамошното постоење на општината. Односно, сето тоа потврдува дека општината треба да продолжи да постои. Сигурно, дека овој крај, доколку не беше организиран во посебна општина, односно ако останеше во состав на општината Гостивар и поради големите проблеми и очекувања што таа градска средина ги има и оддалеченоста на овој крај од неа или било која друга општина кон која би бил приклучен, не ќе беа реализирани толку инфраструктурни зафати. Дека е тоа така може да се потврди од следната анализа:

Периодот од 1996 до 2000 година го карактеризира изработка на урбанистичка и планска документација, каде што е изготвен генерален урбанистички план (ГУП) за седиштето на општината Маврови Анови, изготвени се измени и дополнувања на деталниот урбанистички план (ДУП) за Маврови Анови, изготвени се измени и дополнувања на ДУП за село Маврово, за село Леуново, изготвен е ГУП за стопански комплекс за превојот Стража, изготвен е ГУП за стопански комплекст Раскрсница, крстосницата на патиштата М-4 Гостивар-Кичево и Р-409 раскрсница Маврови Анови - Дебар.

Изработени се проекти за инфраструктурни објекти и тоа: изработка на главниот проект за локалниот пат за село Дуф, изработка на локалниот пат село Врбен село Богдево.

Изградба на инфраструктурни објекти: изведба на општинската зграда преку реконструкција и адаптација на порано постоечкиот објект со канцеларија за градоначалникот, три канцеларии за вработените и сала за советот. Проширување со асвалтирање на локалниот пат за село Беличица и село Волковија. Асфалтирање на локалниот пат за село Дуф, изведба на телефонска мрежа за село Леуново и село Никифорово. Изведба на нов зафат за вода на река Брзача и водоводна линија за подобрување на водоснабдувањето на село Маврово.

Во периодот 2000-2003 година изготвена е урбанистичка документација за населеното место село Леуново, исто за село Никифорово. Изготвени се измени и дополнувања на ДУП за село Маврово во пет наврати за пет локалитети. Изготвен е ГУП за стопански комплексни Ски центар “Заре Лазаревски” во село Маврово, за негово зимско и летно функционирање и во фаза на изработка е ГУП за село Маврово.

Изработени се главниот проект за локалниот пат село Кичиница, изработка на главен проект за тротоарско решение на појасот на регионалниот пар Р-409 низ населеното место Маврови Анови. Локалниот пат за село Нистрово, село Орќуше, село Сенце, село Дуф, Мало Тољање, село Никифорово, село Леуново. Изработка на главен проект за водоснабдување на населеното место Маврови Анови и село Маврово со населбите. Изработка на главен проект за игралиштето во школото во Маврови Анови. Изработка на главен проект за водоснабдување на село Дуф, исто и за канализација во истото село. Изработка на главен проект за јавен објект за потребите на општината, Месната заедница село Никифорово и други потреби во село Никифорово. Како предвиден објект, заедно со ново предвидената ски школа во состав на комплексот “Чеде Филиповски” во село Никифорово.

Во фаза на изработка е студија за развој на општината Маврови Анови од страна на Факултетот во Охрид. Изработка на главен проект за јавен објект училиште во село Мистрово. Овие проекти се изработени со средства на општината и месните заедници на тие села. За сите нив општината има прибавено одобрение за градење.

Изградени инфраструктурни објекти во овој период се: асвалтирањето на регионалниот пат Раскрсница - Бунец во должина од 5км, изведба и асвалтирање на локалниот пат село Кичица во должина од 3150 метри, проширување на локалниот пат за село Нистрово, асвалтирање и проширување на регионалниот пат Бунец - село Леуново - село Никифорово, изведба и асвалтирање на сервисна заобиколна улица во село Маврово, изградба на автоматска телефонска централа во село Маврово, изградба на нова трафостаница во село Маврово, поставување на нов оптички телекомуникационен кабел од главната пошта во Маврови Анови до село Маврово, изведена е реконструкција на системот за водоснабдување во село Леуново, изведба на комплетно улично осветлување на браната во село Леуново, изведба на комплетно патно осветление од село Никифорово до Манастирот Свети Пантелејмон во месноста Борче со нова трафостаница во должина од 2км. Изведба на комплетна ревитализација и реконструкција на електричната мрежа во село Никифорово. Изградба на јавен објект за потребите на општината село Никифорово и другите потреби. Изведба на комплетна реконструкција на Спомен домот “Чеде Филиповски”. Во фаза на изведба е реконструкцијата на системот за водоснабдување во село Никифорово. Изграден е детски забавен парк во дворот на школото со помош на УНДП. Во фаза на изградба е јавен објект за потребите на општината и месната заедница и населеното место Маврови Анови со комплетна реконструкција на објектот на старата пекара со корисна површина од 200 м2. изградено е отворено игралиште за мали спортови (мал фудбал, ракомет, кошарка, одбојка) со трибини во населбата Маврови Анови. Започнато е со изведба на системот за водоснабдување на населеното место Маврови Анови. Во фаза на изведба е реконструкција на системот за водоснабдување на село Дуф до Тољани, комплетно изведен нов резервоар за вода со волумен од 80 м3, изведена е реконструкција на електричната мрежа во село Орќуше и село Дуф со изградба на нова трафостаница. Изградба на објект со амбуланта и училница во село Врбен. Базна станица за мобилна телефонија во село Врбен и село Сретково. Автобуски постојки за сите населени места во општината. Изведени се помали инвестициони зафати за подобрување на електроснабдувањето и уличното осветлување во другите населени места, како и интервенции за подобрување на телефонскиот сигнал и врски. Отворена информативна

канцеларија со компјутерски центар за општината Маврови Анови, 95% финансирана од ФАРЕ програмата, Агенција за реконструкција каде што е набавена опремата со која што во моментот работат двајца вработени и конкретната финансиска конструкција за една година работење.

Сите овие инфраструктурни објекти се изведени во соработка со Министерството за транспорт и врски, Електростопанство на Македонија, Македонија пат, Македонски телекомуникации, донации на невладини организации и други средства добиени токму од причина што постоеше и егзистираше општината Маврови Анови како субјект на кој му се дирекно достапни сите овие институции, финансиери и спонзори. Секако дека со свои средства партиципираа и општините, месни заедници и жителите на општините. Реализацијата на сите овие проекти беше иницирана да започне и поттикнувана да се заврши покрај од интересот на државните институции, јавните претпријатија и приватните компании, во голема мерка и од интересот на жителите од овие краишта, што се артикулира преку општината како единствена што можеше тоа да го постигне исклучиво поради фактот што општината е субјект на кој што му се достапни директни контакти со сите релевантни институции, претпријатија и спонзори.

На тетиротијата на општината Маврови Анови уште пред 1996 година, како општествено претпријатие постоеше Комуналното претпријатие “Маврово”. Во своето постоење имаше периоди на подем и падови. Периодот на повторното формирање на општината во 1996 година сигурно е еден од факторите што создаде претпоставки за негово стабилизирање. За да после 2001 година и пререгистрирање во Јавно препријатие на општината и во услови на војна и нарушени безбедносно услови да работи, според завршните сметки за 2001 и 2002 година со добивка. Јавното претпријатие има сопствен возен парк, специјално возило за прибирање на отпад, покрај тоа располага со стручен кадар за одржување на водоводната мрежа и има вкупно вработено 11 лица. Како претпријатие што се грижи за водоснабдување и прибирање на комуналниот отпад во населените места околу Мавровското езеро, ова Јавно претпријатие сигурно ќе покажува уште подобри финансиски резултати доколку општината опсто и како таква има можност да ги реализира започнатите инфраструктурни објекти од областа на водоснабдувањето, а во поблиска иднина да започне со реализација на проекти на изведба на канализациона

мрежа на населените места околу Езерото. Со тоа ќе се создадат претпоставки за нови вработувања, проширување на дејноста и натамошно заживување на општината.

Сето ова што досега е кажано се основнит епоказатели за самостојноста на оваа општина, а тие показатели се во прв ред географската и територијалната целовитост на општината како фактор. Значи, рековме дека таа опфаќа површина од 445 км2 и во неа има 25 населени места. Географски, отсекогаш 21 населено место гравитираат кон Маврови Анови како центар на регионот. Сообраќајните врски односно патот Гостивар - Дебар, а во иднина меѓународниот пат за Косово, преку граничниот премин Стрезимир - Растелница, сите населени места ги поврзува со селата Орќуше и Сретково кои територијално со своите катастарски општини целосно се поврзани со општината Маврови Анови, а комуникациски, покрај со општината Маврови Анови и со градот Гостивар. Ова значи дека на овие населени места, почнувајќи од село Тануше и село Бродец како најоддалечени од сегашниот општински центар, отприлика 30 км и Ново Село и село Дуф како најодалечени од спротивната страна, отприлика 20 км, единствен центар за комуникација, најблизок и најекономичен му е сегашниот општински центар Маврови Анови. Седиштето на општината Маврови Анови со седиштата на соседните општини со кои патно е поврзана општина Гостивар и општина Ростуше се наоѓа на оддалеченост со 25 односно 30 км.

Тука доаѓаме до она што значи локална самоуправа и, доколку се промени седиштето на сегашната општина ќе се појават случаи каде поголемиот дел на населените места до седиштето на новата општина ќе бидат оддалечени и од 60 до 70 км. Што мислам дека во сите досегашни искажувања на министерот апсолутно не беше цел.

Овој регион, како што е спомнато и во воведниот дел, географски претставува посебна целовитост и сите овие планински масиви фактички географски ја дефинираат посебноста на Мавровскиот регион што се специфицира со низа карактеристики што ќе бидат дообјаснети.

Културните и историските традиции, како специфика и показател на самостојноста, значи Горно Реканскиот и Горно Полошкиот крај што ја сочинуваат општината Маврови Анови секогаш имаат исти или слични обичаи. Тоа може да се воочи

преку јавни показатели и тоа векови station наназад се случувало. Значи, тука се манастирскиот комплекс “Борче” во село Никифорово, делумно истражен од Заводот за заштита на споменици и ставен под негова заштита, голем број на црви во сите Горно Рекански села од периодот на средниот век, спомен обележја од НОБ. И на територијата на општината се одржуваат повеќе културни манифестации на кои како покровител се јавуа самата општина, се специфични и единствени од ваков вид во државата: Мавровскиот скијачки меморијал од меѓународен карактер е во спомен на градителите на Мавровската акумулација, “Снежен град” - Бунец од меѓународен карактер.

Тоа што го говоревме за општината како репрезент на Македонија и надвор од нејзините граници во однос на овие две натпреварувања што понекогаш се појавува како покровител и претседателот на Република Македонија, барем последните години како генерален спонзор, доведува до тоа да Маврово и Маврови Анови стануваат се попознати во европски рамки и тоа е начинот на кој што преку туризмот едноставно, овие луѓе ќе можат да ги обезбедат овие средства.

Што се однесува до туризмот како економски и финансиски ресурс што може да биде доволен показател за самостојноста на општината, туризмот може да биде главен носител на развојот на општината Маврови Анови. Основен показател за тоа се горенаведените податоци за постоење на Ски центарот “Заре Лазаревски”, постоење на хотелско сместувачки капацитети со над 1500 легла со можност за зголемување на леглата, постоење на над 1200 викенд куќи со можност за престој во нив на голем број гости. Сето тоа претставува основа преку која со локални давачки што ќе ги овозможи новиот закон за финансирање на локална самоуправа во општинската каса да се прибават некаде околу 100 илјади евра. Само Ски центарот “Заре Лазаревски” во текот на зимската сезона и во текот на овие кризни години го посетуваа просечно по 150 до 200 илјади посетители. Хотелско сместувачките капацитети во текот на една година остваруваат 30-50 илјади ноќевања. Во горенаведените викенд куќи дневно во викендите престојуваат и до 5 илјади гости.

Претседателе, ако сакате тишина малку да обезбедите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски,

Јас пред малку бев заменет од госпоѓа Лилјана Поповска и ве слушав на телевизија, сосема обично се слушате. Вие зборувате за народ. Некој констатира дека овде е разговор на глуви, продолжете. Џагорот не се слуша на телевизија.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам за грижата што и понатаму слушате.

Самото постоење на општината ќе иницира не само максимално искористување на овие капацитети, туку и нивно проширување и зголемување како заеднички интерес помеѓу општината и сопствениците, а за што постои зголемен интерес кај многу физички и правни лица. Општината планира во иднина да оствари додатни средства во висина од 10 до 20 илјади евра годишно од транзитен туризам што се базира на новиот меѓународен граничен премин. Општината, исто така, преку новите надлежности што ќе и припаднат, а по основ на одржување на меѓународни манифестации, скијачки натпреварувања, “Снежен Град”, “Зимска туристичка берза” и друго планираат да остварат додатни средства од 5 до 10 илјади евра.

Во општината Маврови Анови егзистираат три сточарски задруги и тоа Чеде Филиповски - Даме од село Маврово со 6 илјади овци, Филип Брајковски од село Трница со 7 илјади овци и Габрово од село Нистрово со 4600 овци. Исто така, кај приватни сточари се одгледуваат околу 7 илјади овци и илјада грла крупен добиток. Капацитетот на планината Бистра со 17 пасишта на 12 илјади хектари изнесува 35 илјади овци, а во последните години истиот беше искористен просечно со 25 илјади. Капацитетот напланината Кораб со 15 пасишта со 11 илјади хектари изнесува 33 илјади, а во последните години истиот беше искористен просечно за жал само со 5 илјади овци. Овие капацитети искористени и неискористени претставуваат реална можност за развој на сточарството, за што покрај интресот на приватниците и задругите, свој интерес има и општината која што е со ингеренциите од Законот за локална самоуправа и новиот закон за нејзино финансирање има реална основа за остварување на свои приходи. На тој начин општината ќе биде заинтересирана не само за опстојување на сегашниот сточен фонд туку и за развој и неговото зголемување преку иницирање на развојот на приватното фармерство, а со тоа и за враќање на поранешните отселени жители и

зголемување на вработените. Од сточарството од задругите и од приватните сточари се предвидува приход некаде од 10 илјади евра. Од вкупната триторија на општината шумите зафаќаат површина од 20 илјади хектари или 43,6% што претставува реална основа за остварување на приходи од експлоатација на шумите. На скоро 90% од територијата на општината се простсира националноит парк Маврово во кој покрај другото егзистираат и многу ретки видови на флора и фауна. Со ресурсите на овој национален парк стопанисува претпријатие во државна сопственост. Општината смета дека ќе остварува значителни приходи од делот на концесиите на експлоатација на шумите за огревно и градежно дрво што ги остварува ова претпријатие, како и од ловот и од риболовот кои исто така се под ингеренции на ова претпријатие. Исто така, општината предвидува свои приходи и од експлоатација на варовници за градежни фракции и мермери од постоечките каменоломи и наоѓалишта, односно со отворање на нови кои што општината ги има вградено во својата урбанистичко планска документација, а за што постои заинтересираност од приватни фирми. Вкупно од експлоатација на шумите и други природни богатства погоре споменати, а согласно новиот закон за финансирање се очекува приход од 50 илјади евра годишно. Општината Маврови Анови од малото стопанство предвидува извори на приходи од следните дејности. И тоа: трговија со развој на туризмот, а особено со развојот на транзитниот туризам, туризмот и угостителството, занаетчиството во рамките на оваа дејност покрај постсоечките ќе се појави потреба за отворање нови објекти за занаетчиску услуги и дејности кои ќе го следат развојот на туризмот, населението и стопанстовто, сервиси, авто електро, водоинсталатерски, гаражи за возила во зимскиот период, работилници, мали пекари и сл. Фармерството преку задругите и од сите овие се предвидува малото стопанство да биде ослободено и повторно да носи некаде околу 10 илјади евра. Од сите овие приходи по разни основи кои транзитираат низ територијата на општината се очекува приход од некаде 200 илјади евра годишно.

Производството на здрава храна и преработка на шумските плодови е посебен дел кој што понатаму ќе се развива. И, последното производството на електрична енергија. Во моментот на територијата на општината за производство на електрична енергија постои хидроелектроценралата Врбен и системот за прибирање на планински води и

водотеци за полнење на мавровската акумулација, Мавровското Езеро чии води се употребуваат за производство на електрична енергија во хидро електроцентралите Вруток и Равен. Исто така, постојат голем број природни водотоци кои не се искористени, а чија сила може да се употреби за изградба на мали хидроцентрали во приватна сопственост. Како покрупен зафат во рамките на развојните планови на ЕСМ се предвидува на триторијата на општина Маврови Анови изградба на акумулација Луково Поле и нова хидроцентрала Црн Камен. Сетоа тоа ќе придонесе за развојот на регионот и општината, нови вработувања, како и соодветни приходи за општината. Сите овие економско финансиски ресурси како најголем дел од можните приходи на општината претставуваат сигурен показател и гаранција за натамошната финансиска самостојност и опстојување на општината Маврови Анови. Плановите за развој кои што ги има општината со децентрализацијата и финансиското осамостојување на општината ќе настојува и ќе може да го ревитализира селото, да ги врати жителите во него, т.е. да ја поттикне миграцијата град-село. Со осамостојувањето општината ќе инсистира да ја подобри примарната здравствена заштита бидејќи таа сега е во катастрофално лоша состојба, да води максимална грижа за секој жител на општината непосредно, бидејќи тие ќе бидат близу до неа и таа до нив и ќе живее со нивните проблеми. Со јакнење на општината ќе се создадат услови за подобрување на инфраструктурата во сите населени места каде постои интерес за враќање на луѓето во селата. Промовирање на општина која што ќе носи предзнак туристичка општина и која покрај грижата за своите жители ќе настојува да работи за подигањето на нивото на туристичката понуда со давање на погодности за развој, нови инвестиции на приватни претприемачи кои сакаат да инвестираат во туризмот и промоција на еколошки чиста општина во која посетителите ќе можат да доаѓаат покрај другото и заради чистиот планински воздух, здравата храна и убавата природа.

Од конкретни проекти кои општината ги предвидува за во иднина се изработка на сеопфатна студија за економски развој на регионот со посочување на приоритетите за развој и посочување на можности за користење на конкртни кредитни линии за развој во одредена насока, отворање на мали бизниси со посредување на општината како да се дојде до определени финансиски средства за реализација на одредена идеја и сл. Исто

се работи за подобрување на животната средина и за изработка на студија каде што Мавровското Езеро претставува еден огромен резервоар на чиста вода која ако се заштити со мал степен на обработка може да се доведе во состојба на чиста вода за пиење. Довршувањето на отпочнатите проекти и реализација на нови за подигањето на нивото на инфраструктурната изграденост на сите населени места за кои постои интерес за нивна ревитализација и сл. Исклучиво само ако опстои општината ќе постојат можности за довршување на започнатите објекти. И кога сето ова го слушнавте, а за ова очекувавме од г-дата од Владата да имаме вакви показатели за сите општини во кои што ќе беше анализирана финансиската страна како што е тука анализирано во кое што ќе беше назначено што овие општини имаат направено, што се треба да се направи, што значи финансиска конструкција која што во овој момент можеби малку изгледаше поголема елаборација, но во секој случај е за почит сето ова што луѓето го направиле. Значи, од 1996 до 2003 година се направени сите овие работи токму благодарејќи на општината Маврови Анови, токму благодарејќи на тој совет на општината и на тие луѓе кои стигнале до овие средства, дали како донации, дали преку договори со јавните претпријатија и ги завршиле сите овие работи. Што утре ќе биде кога таа општина ќе се зголеми и кога денеска говоревме за селото Бродец и кога повторно имаме реакции дека ќе треба да помине некој 60, 70 километри и да кажеме дека сега му обезбедуваме многу подобри услови отколку што ги имал досега во општината Маврови Анови. Мислам дека апсолутно не држи дека оваа елаборација едноставно претставува една можност вакви туристички населби сигурно дека ги има секаде низ Европа и низ светот кои што опстојуваат, посебно што 90% од оваа населба е национален парк. И мислам дека министерот ќе треба да изнајде начин едноставно оваа општина да остане во оние граници во кои што треба да опстојува. Јас мислам дека после оваа елаборација, после ова што го завршиле луѓето и ова што е во предвид да се работи понатаму едноставно доволно е кажано за министерот да може понатаму да остави барем еден мал простор за разгледување на можноста општината Маврови Анови и понатаму да егзистира самостојно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Ви благодарам г-дине претседател, со внимание го сослушав г-динот Спиро Мавровски, читајќи еден извештај претходно подготвен, го прочита добро, но за жал извештајот, тој што го прочита не беше анализиран како што треба. Како прво, г-дине Спиро, велите дека бројот на жителите нема некоја тежина, или значење или како што рековте, бројот на населението е ирелевантно, но сепак, доколку бројот на жителите на една општина која што се формира е ирелевантно, се поставува прашањето која е целта на децентрализацијата, или формирањето на нова општина. Целта е заштитата на интересите на жителите, или пак можеби вие мислите нешто поинаку, бидејќи целта на формирањето на општина, вие што предлагате е заштита на интересите на луѓето кои што живеат во тој национален парк.

Второ, зборувате за инвестиции, заборавајќи еден факт дека инвестициите се направени од страна на државните органи. Целта беше развојот на туризмот како што сите знаат, а не беше направено од страна на органите од таа општина. Вие исто така она што е навистина без тежина, говорите за инвестиции во некоку села меѓу кои претходно нагласивте, го спомнавте и селото Дуф, она што е нешто неразбирливо е тоа дека зборувате за инвестиции во канализацијата , а во тоа село не живее ниту еден човек.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Мавровски, имате една минута контрареплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Инвестициите дали се направени од државните органи од 1996 до 2003, седум години се направени многу работи, многу повеќе отколку претходните 40 години. Тоа е факт. А ако сакате да ме убедите дека бројот на граѓаните ако го зголемиме дека локалната власт ќе биде поблиску до нив и граѓаните од село Бродец после поминати 70 км да го остварат своето право во општина Гостивар, дека тоа е целта на локалната самоуправа. Мислам дека одиме во погрешна насока и дека апсолутно не разговараме за истото. Локалната самоуправа јас ја сватив со сите закони кои што треба да ги донесеме, да ја доближиме до граѓанинот и да слезе многу подолу, а не да напавиме општини како

што ги кажавме претходно по 30 илјади жители со никаква инфраструктура што се поголеми од многу градови во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тука е недоразбирањето. Вие зборувате за граѓанин, а некој друг зборува за граѓаните, еднина, множина.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитувани дами и господа пратеници, јас ќе се задржам на делот на историјатот на формирањето на општината Маврово со населените места  44 како што е во предложениот закон и да го образложам овој амандман од аспект на тоа зошто се бараат токму овие 25 населени места. Затоа што целта на овој амандман е да појасни, морам да констатирам со жалење, во амандманот 1, каде што се донесе одлука општината Маврови Анови со седиште во село Маврови Анови да не постои, а сега со овој амандман да се објасни зошто токму овие 25 населени места почнувајќи од Беличица па завршувајќи со Церово, значи зошто овие 25 населени места заслужуваат да бидат во составот на општина Маврови Анови. Притоа, би сакал да дадам еден краток историјат. Тука Министерството за локална самоуправа и Владата на Република Македонија со своите обиди да го реши проблемот на општината Маврови Анови во делот на населените места покажа доста сенс за ова подрачје. Најнапред предлагајќи населените места Симница, Долна и Горна Гемница да бидат во состав на овие 25 населени места, значи тоа да биде проширено на тие населени места каде што живее различна, би рекол граѓани од друга етничка заедница во Република Македонија, подоцна да се формира општина Ростуше во кој што ќе влезат сите овие 44 населени места. И на крај еволуира со предлогот да се формира нова општина Маврово со седиште во Ростуше со 44 населени места. Образложението кое што би сакал да го потенцирам кон овој амандман е дека оваа општина Маврови Анови со овие 25 населени места кои што се расфрлани, така изгледа можеби во еден огромен простор од 445 км2., меѓутоа, во една географска разместеност која што претставува навистина една посебност која што овозможува оваа општина во сите други репери освен во популацискиот дел да ги исполни барањата за општинска заедница која што може самостојно да егзистира во новата територијална поделба на општинските меѓи. Зошто може самостојно да егзистираат овие 25 населени

места? Токму затоа што тие се распоредени како населени места на вододелница, а секогаш вододелниците претставуваат еден битен репер при определувањето на сите меѓу, па вклучително и на општинските меѓу, затоа што општинското подрачје на кое што се протегаат овие 25 населени места претставува вододелница помеѓу Вардарскиот и Јадранскиот слив, затоа што во еден дел овој потег кој што се нарекува Горна Река каде што се населени сите овие 25 населби, а во еден дел е во горното течение на реката Вардар и ја одредува оваа вододелница би рекол како многу значајна за подрачјето на целата држава, посебно за општината Маврови Анови каде што фактички на тој северо-западен дел на Република Македонија тие претставуваат некоја пресечна точка, еден превалец кој што би рекол граничејќи се на југ со планината Бистра, потоа на северозапад со планината Кораб и преминувајќи преку магистралниот, односно протегајќи се преку магистралниот пат Гостивар-Дебар, навистина покажува географска посебност како од аспект на историската димензија, така од аспект на етничката конфигурација, населби кои што да launch речеме во 1961 година имале 4900 жители, а сега имаат некаде околу 1500 жители што се должи на тоа дека уште еднаш покажува дека руралните подрачја во Република Македонија не можеле да обезбедат економски раст, не можеле да обезбедат општинска независност, или пак задржување на населението, затоа што немало инфраструктурни услови, а сега кога веќе ние тие сме ги создале би рекол како претпоставка за идниот растеж на општината Маврови Анови, сега ние ја укинуваме општината во услови кога постојат извонредни би рекол предуслови за развој на општината. Уште еднаш ќе кажам магистралните комуникации, географската разместеност, вештачката акумулација Мавровско Езеро, производството на хидроелектрична енергија, сето тоа укажува, огромниот број на викент населби во општината Маврово, спортските објекти, хотелските капацитети, разиграноста на теренот во сите населени места Леуново, Никифорово, Маврови Анови, па и пошироко во подалечните села укажува на тоа дека оваа општина навистина заслужува специфичен третман како еден, јас и порано говорев за тоа пилот-модел кој што ќе овозможи сите овие 25 населени места да претставуваат една посебна општинска заедница која што ги има сите претпоставки за растеж. Очигледно дека критериумите за спојување на еден би рекол посебен ентитет во овие 25 населени места со ентитетот на

Река, значи регионот на Ростуше укажува на тоа дека се сака да се направи еден микс само од аспект на популацијата, затоа што сега наеднаш овие 44 населени места од 1500 жители стануваат 8500 жители. Меѓутоа, тука имаме една навистина, би рекол некомпатибилност на факторите, на природните фактори, на географксите фактори кој што оневозможува утре општината да функционира по принцип на концентрично правилно распоредени кругови кои што движејќи се од центарот кон периферијата, или пак обратно, ќе овозможува навистина рамномерен во рамките на тој мал регион меѓу Горна Река и Река, динамичен и посебен растеж. Оттука ценам дека оваа компилација на спојување навистина нема некоја основана логика, освен како што кажав бројот на населението. Но, бројот на населението кога се работи за национален парк не може да биде пресуден. Ние имаме малку национални паркови, а националниот парк Маврово е еден од најубавите во Република Македонија, најпосетените, ние се гордееме со тоа пред сите меѓународни претставници, пред сите меѓународни институции, таму ги носиме, што се вели, да ги видат нашите убавини во Република Македонија и од тој аспект навистина посебноста на овој регион, туристичките аспекти кои што ги поседува пред се во скијачкиот туризам, потоа таксите кои што можат да се наплатуваат од огромната викенд населба по целиот брег на Мавровското Езеро потоа она што претставува можноста во иднина при новата регулација на приходите од националниот парк дел да бидат дотации, или би рекол посебни давачки, или такси за општинската локална власт во Маврови Анови и на крај хидроелектричната енергија со приватизацијата на ЕСМ. И самата поделба значи на пренос и на производство укажува на тоа дека хидроелектричната енергија која што се произведува во Врбен, Равен и Вруток во една конечна разрешница ќе мора да дава свој придонес за развој на оваа навистина огромна територија, најголема општинска територија во Република Македонија, но исто така, со еден огромен потенцијал кој што варира од стални 1500 жители до во зимски би рекол, или оние месеци на туризам кога достигнува бројка од 6 до 7 илјади жители.

Едноставно сите овие фактори укажуваат дека посебноста на овој крај , посебноста на едно подрачје кое што претставува национален парк, посебноста и геостратешкото значење на овој регион од аспект на неговата локација како вододелница, историската димензија укажува дека, но и обидот на Владата да изнајде решение во три

наврата во една или друга ситуација каде Што додава или одзема населени места, па би рекол и заинересираноста на Меѓународната заедница која што во дадена ситуација исто така е повикана од аспек на некоја формула во Република Македонија да се изнајде оптимална рамнотежа при локалната самоуправа, навистина според мене претставуваШе една ретка можност да бидеме во унисон како пратеници од опозиција и позиција заедно со Владата и да овозможиме барем општина која што е во целина национален парк , а со тоа сите овие населени места ќе имаат навистина прекрасна можност за натомошен просперитет и стопански развој.

Од тука логична е и последицата по точката 58, амандманот го третира додавање нова точка 58-а во која што општината Ростуше и потегот на река која што претставува сосема дијаметрално различен, би рекол, географски дискурс има една друга димензија, една друга би рекол ситуација на пасивен крај кој што од јужната страна на планината Бистра почнувајќи од Галичник па надолу преку Јанче па потегот на Радика се спушта благо, мислам така во една географска деклинација овозможува исто така и таа општина во состав во овие 21 село да егзистираат и саимте села и она што претставува општина Ростуше како и досега еден би рекол пасивен рурален регион меѓутоа со една посебност, со еден раритет на етничка популација која што претставува богатство за културниот идентите на Република Македонија .

Од тука сметам дека овој амандман можеби затоа што сега ние пропуштивме и уште еднаш ќе кажам поради деловничка неможност да ги споиме амандманите, можеби ако можевме да ги образлагаме вака населените места како амандман 1, 2 и 3 и потоа да гласаме поединечно за амандманите можеби ќе смогневме сила сите овие амандмани да ги изгласаме, вака со укинувањето на општина Маврови Анови, со недозволувањето да не постои општина Маврови Анови со седиште во Маврови Анови, сега можеби се чини, би рекол, задоцнета од аспект на она што претставува чинидбена состојба, но сепак се надевам дека ете можеби и со оваа дискусија ќе помогнеме барем ако не денес во иднина да имаме предвид дека посебните региони со име национален парк, заштитени подрачја, празни населени зони и сл. треба да имаат посебен третман како пилот општини на кои што секако заслужуваат да им дадеме шанса. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, повелете г-ѓо Бонева, имате збор.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Благодарам претседателе,

Јас би сакала да се приклучам на дискусиите на моите колеги и до колку успееме да побараме од парламентарното мнозинство и од министерот уште еднаш да размисли бидејќи немавме можност вопрвата фаза, би кажала на разгледување на амандманите да зборуваме за оваа општина, наш став, на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и сите потписнци и сите пратеници кои што зборуваа е дека општина Маврови Анови треба да продолжи да постои.

Многу се зборуваше за тоа што е направеон, кои се придобивките од постоењето на општина Маврови Анови и јас не би сакала многу да се задржувам на тоа, меѓутоа морам да кажам без оглед на тоа што општина Маврови Анови зфаќа голема површина околу 450 км,2, а има мал број на население тоа не треба да биде услов за тоа дали една општина треба да постои или не. Најпрвин мислам дека треба критериумите кои што Владата ги постави пред себе да ги исполни и во случајот на оваа општина да разгледа и да го разгледа опстојувањето на општина Маврови Анови и од аспект на тоа што таа претставува една природна географска целина која што не може да се спојува со општина Ростуше бидејќи природно е разделена со Планината Бистра и досегашното нејзино постоење покажа дека општина Маврови Анови во границите во кои што е сега навистина може да опстојува и да има перспектива за еден иден извонреден развој.

Самото постоење на националниот парк “Маврово” кој што преставува 50% од територијата на општина Маврови Анови, извонредните природни ресурси со кои што располага општината во сегашните граници преставува навистина идеален предуслов за финансиска самостојност на општината.

Г-динот Ѓорчев прекрасно ги кажа кои се можностите на општината, за нејзино опстојување. За туризмот овде нема да се задржам, меѓутоа ќе се задржам на тоа дека новата територијална поделба како што кажав, не само што не се базира на никакви социјално-економски, географски, историски , културни или било какви други критериуми, туку еве овде имаме случај пред нас токму со општината Маврови Анови каде што

тотално навистина се негираат овие критериуми. Најдрастичен пример за ова е одземањето од сегашните граници на општина Маврови Анови е селото Бродец и неговото припојување кон општина Гостивар. Ова населено место е на 25 км, од центарот на Маврови Анови и населението за да стигне до Гостивар треба да минува низ селото Кракорница, Богдево, Врбен, до Маврово веќе има 25 км, и од Маврови Анови до Гостивар уште толку.

Ако е целта на овој пакет кој што го нарекуваме децентрализација навистина да се направи граѓаните подобро да живеат, да им бидат достапни услугите од власта односно од локалната власт, јас се прашувам како ќе ги убедиме луѓето од Бродец дека навистина овој процес на децентрализација ги допреле и нив кога можат да почувствуваат само поглема тежина во нивното живеење и во услугите кои што треба да ги добиваат од нивната идна општина Гостивар односно центарот Гостивар и да поминат скоро 50 км, за да стигнат до седиштето на општина Гостивар каде што треба да ги остварате одредените свои права. Токму заради тоа сметам дека и овде во општина Маврови Анови со ваквото грубо прекројување само со една цел да се овозможи на општина Гостивар, јас не гледам навистина друго, да се овозможи на општина Гостивар да излезе на тромеѓето помеѓу Албанија, Косово и Македонија, да се направи една врата за да може да излезе општина Гостивар на ова тромеѓе и навистина незнам зошто беше потребно ова населено место село Бродец кое што има 138,2 км,2, една од најголемите катастарски населени места, катастарска општина во Македонија која што зафаќа толкава огромна територија и во исто време го зафаќа и изворишното сливно подрачје на Реката Радика.

Зошто е потребно ова населено место да припадне на општина Гостивар. Во овој случај кој е пазарот? Навистина, тоа треба да го одговори министерот и парламентарното мнозинство, бидејќи очигледно дека бројот на жителите и нивната етничка структура не е целта. Уште еднаш, навистина ќе го повикам и министерот и парламентарното мнозинство да размислат дали со ваквото грубо прекројување на границите на општина Маврови Анови ќе придонесат и понатаму успешно да се развива оваа нова направена општина и што е постигнува со тоа што и се одзема селото Бродец, се одзема една

огромна територија што природно припа на општина Маврови Анови, само со цел општина Гостивар да излезе на граница помеѓу Косово и Република Албанија.

Повторно ќе кажам, апелирам до моите колеги и до министерот да опстои општина Маврови Анови, да не се сопре нејзиниот развој и навистина да придонесеме еден национален парк, едно место што може да живее од туризмот, да живее од своите ресурси, да може и понатаму успешно да се развива и да опстојува.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го повикувам парламентарното мнозинство, како што рековте да влезе.

Го заклучувам претресот бидејќи никој не бара збор.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да ги заземат своите места.

(пратеник бара збор процедурално)

Прво да го завршам гласањето па после ќе ви дадам збор процедурално.

Амандманот го ставам на галсање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, пет гласале за, еден воздржан, и 54 против.

Ги молам службите, минус овие тројца што влегоа сега, да го утврдат бројот на присутните пратеници за време на гласањето.

(службите го утврдуваат бројот на присутни пртеници)

Во салата во моментот на гласањето беа присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Повелете г-дине Спиро Мавровски баравте збор процедурално.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Процедурално, г-дине претседателе, на барање на парламентарното мнозинство седницата се продолжи и работиме после 17,00 часот. Ако вие преескa за 5 секунди земате збор да не можеме да се пријавиме, во моментот парламентарното мнозинство,

ако треба да работи во Клубот на пратеници и само да доаѓаат за гласање треба да кажете ако е тоа работа на парламентарното мнозинство. Ако сакаме да работиме, да работиме. Ако не..

(бурни реакции со дофрлања во салата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Мавровски тоа не е процедурално.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 43-а, по точката 43 и на точката 14 поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете г-дине Трајановски.

Ве молам, смирете се, треба да постои разлика помеѓу едните и другите.

(реакции со доврлања)

Ако немате нерви, немојте, излезете, полека.

Повелете г-дине Трајановски.

Јас пред малку реков на телевизија многу добро се слуша, бидејќи зборуваме за граѓаните, ќе ве слушаат ако не гледаат.

Повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Добро.

Благодарам претседателе.

Значи, се работи  за општина Миравци. Ова е вториот амандман. Првиот амандман беше одбиен. Вториот амандман гласи:

“Во членот 12, по точка 43 се додава нова точка 43-а, која гласи:

Точка 43-општина Миравци со селата: Петрово, Габрово, Давидово, Милетково и Смоквица.”

Истите овие населени места во вториот став се бришат од општина Гевгелија, така што практично со овој амандман се бара општината Миравци да остане во постојните граници т.е. да не биде припоена, како што е во Предлогот на законот за територијална поделба да бидат овие населени места припоени кон општина Гевгелија.

Причината поради која што го поднесов овој амандман е практично референдумското изјаснување на жителите на овие населени места од општина Миравци на референдум што се одржа на 7 март и на кој што граѓаните недвосмислено се изјаснија за постоењето на општина Миравци во постојните грнаици.

Како што кажав прв пат, во првата дискусија за оваа општина, значи 88% се изјасинле од општината Миравци понатаму да опстојува како саомстојна и во постојните граници, со 73% колку што излегле на гласање. Значи тоа е она што ме наведе да го поднесам овој амандман.

Исто така сметаме дека општината Миравци со својата местоположба покрај Реката Вардар има погодни климатски услови и географски за раноградинарско производство. Исто така шумското стопанство “Кожув” во кое што 80% од шумите стопанисува општина Гевгелија, мислиме до колку би стопанисувала општината Миравци тоа би било приход за оваа општина. Магацинскиот простор како и блискоста до границите со Грција дава големи погодности за оваа општина да егзистира како посебна општина во списокот на единиците на локална самоуправа во Република Македонија .

Инаку нема 5000 жители, значи не го запазува тој цензус како еден од аргументите за постоење на општини, меѓутоа има 13 општини кои навистина се под 5000, но сепак се предложени во втората фаза од Законот за територијална поделба.

Инаку од постоење на општината од 1996 година, па наваму сакам да напоменам дека има позитивни резултати во работењето на општината. Целосно е решен проблемот со вода за пиење.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам колеги, може малку потивко.

(реакција на пратениците во салата)

Тогаш ќе ја прекинам сединцата. Мене ми сметате, јас неможам да слушам, треба да внимавам.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Асфалтирани се најголем дел улиците во населените места, исто така започнат е и проектот за иградба на канализациона мрежа. Сметаме дека до колку општината Миравци односно овие населени места се приклучат кон општината Гевгелија ќе бидат запоставени од градските власти, значи онаа пракса што ја имавме 50-тите години наназад каде што урбаните средини или градските средини ги запоставуваат приградтските населени места и поради тоа се на степенот на развој и на степенот на изградба на инфрастурната мрежа таква каква што е, така од 1996 година, наваму очигледни се придобивките на локалната самоуправа ако ништо друго барем во подобрувањето на условите за живеење на жителите од овие приградтски населени места.

Според тоа сметам дека ќе биде неправедно до колку со овој закон за територијална поделба се укина општина Миравци и населените места кои што припаѓаат во општина се припојат кон општина Гевгелија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата, да пристапиме кон гласање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставамна гласање.

Гласале 59 пратеници, 6 пратеници гласале за амандманот, возджани нема, 53 пратеници гласале против.

Молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата во моментот на гласање беа присутни и сеуште се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Пратениците Силвана Бонева и Ѓорѓе Паљошковски го повлекоа амандманот на член 12 за додавање нова точка 44-а по точката 44 и на точките 5, 47 и 63.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање на нова точка 47-а по точката 47 и на точка 34, поднесен од пратениците Ванчо Стаменков и Михајло Георгиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

По овој амандман, со кој пратеникот Ванчо Стаменков предлага организирање на општината Оризари со населените места, се водеше доста конструктивна и плодна расправа и во аргументите пратеникот Стаменков сигурно ќе укаже на некој нов аргумент, но Владата ги разгледуваше сите аргументи на она што е изнесено во Предлогот на законот.

Амандманот не се прифаЌа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Ванчо Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседателе, почитуван минситре, колеги пратеници,

Еве да му дадам на министерот уште некој аргумент, па веројатно ќе го прифати.

Инаку, морам да кажам дека очекував овие два амандмана да се разгледуваат заедно но еве деловнички проблеми и така добив шанса уште нешто да кажам. Многу кажав во првата дискусија, зборував доста долго, така што сега ќе бидам пократок.

Сакам да потенцирам уште еднаш дека општина Оризари претставува природна географска целина по течение на реката Оризарска или Масалница. Сите населени места кои влегоа во општина Оризари 1996 година со тогашниот Закон за територијална организација се по течението на река Оризарска. Ако ја погледнете општина Кочани , ќе видите дека и населените места кои припаѓаат на општина Кочани односно на градот Кочани се по течението на Кочанска река. Тоа се две природни целини кои се многу блиску, така ги создала природата. Тие биленекогаш многу подалеку, нокако се ширел градот Кочани се приближиле. Сега имаме две целини кои се блиску. Точно е тоа, ако се патува со автомобил или со некое друго превозно средство, но ако се оди пешки не се

толку блиску. Тие се далеку затоа што треба повеќе од еден час одење пешки за да се стигне од Оризари до Собранието на општина Кочани. Како што знаеме како се работи во тие постарите општини, имаме постари вработени таму, како што велат палтото е тука, а излезени се на доручек, службеникот ќе се врати за пет минути, но палтото си стои на столот а тој воопшто не се враќа. Затоа, луѓето не само што ќе одат пешки еден час до Собранието, туку ќе чекаат таму 5, 6 часа и нема да завршат никаква работа-заврши работното време. Сега во овој момент тие воопшто не чекаат во општина Оризари. Истиот момент кога ќе стигнат таму ќе бидат услужени и работата ќе биде завршена најпрофесионално. Не само што е блиску општината туку добиваат квалитетни услуги бидејки администрацијата што е во општината е млада и со неколку годишен работен стаж. Тие се високообразовани луѓе кои знаат дека треба да ја завршат работата, бидјеки за тоа земаат плата. Ова би требало да биде уште еден аргумент за да ја исфрлиме близината како критериум кој влијае на тоа општината Оризари да се укине.

Се надевам дека единствениот важечкикритериум ако се размисли подлабоко ќе се види дека воопштоне треба да се размислува за него, туку да рзмислуваме за другите критериуми кои навистина ги исполнува општина Оризари. Од сите аспекти што ќе биде една силна општина, која веќе го реализира својот плански развој кој го испланира во изминатите 8 години со нов генерален урбанистички план, со нов детален урбанистички план, индустриска зона и може да се каже со развој во сите сфери. За државата е поважно да ја развиваме отколку да размислуваме за близина или за нешто друго, а тоа ќе го имаме ако ги развиваме илине го сопреме развојот на овие општини кои ги направивме 1996 година.

Кога ја спомнав 1996 година, морам да ви кажам дека кога излезе тој Закон за териториjална организација, сметав дека државата поаѓа во вистинската насока, бидејки сум на ставот и го застапувам ставот дека држава не може да биде силна без силни општини и без развој на економијата на локално ниво. Економијата мораме да ја спуштиме долу на локално ниво за да ја развиваме државата. Затоа, мислев дека целта на тој Закон од 1996 година беше избор на тој пат , преку формирањето на тие нови општини да постигнеме посилен развој на економијата и порамномерен развој на целата држава, бидјеки факт е дека РМ е ретко населена, факт е дека РМ има огромни

територииi и ако се цени според Витолиште нема ни еден жител на километар квадаратен. Тоа е многу сериозна работа, така што сметам дека треба да се однесуваме посериозно. Се работи за судбини на луѓе кои добија и видоа дкеа е подобро да се има општина, а знаат како е и без општина бидјеки без неа живееле од 1960 година кога се укинати, односно 30-тина години живееле во рамките на друга општина. Сега видоа како е да живеат во сопствена општина, видоа кои погодноси ги имаат како граѓани, со можности за развој на нивното населено место и можноста за подобар живот. Тоа е многу сериозна тема бидјеки се работи за илајдници судбинина луѓе, кои очекуваат преку општината да решат многу проблеми од своето живеење. Тие луѓе сега се и гладни и сиромашни, единствена перспектива за својата егзистенција гледаат во тоа на локалнониво токму општината да успее да привлече капитал и да отвори фирми вокои ќе најдат вработување. Сега треба тоа да им го земеме. Јас ги спомнав и бројките во претходниот говор дека моментално во сегашната општина Кочани со овие граници имаме 10 илајди невработени луѓе, а 5 илајди вработени. Тоа е бројка која застрашува и на која треба да и пријдеме сериозно. Се работи за 65% невработеност од вкупно работното неселение. Спомнав и уште еднаш ќе повторам, илјада луѓе од тие 5 илјади луѓе се вработениво државната админситрација. Вие очеквуате граѓаните од општина Оризари да имаат надеж дека некогаш ќе дојдат до вработување што ќе им го овозможи општина Кочани. Тука е една голема грешка. Дајте да сватиме дека грешката е направена со Предлогот на законот и да ја исправиме. Јас немам никаков личен интерес општината Оризари да биде или д ане биде општина. Јас ги знамприликите таму и што ќе се случи ако се укине таа општина. Од тука и моите дискусии на оваа говорница, сакам да не се направи грешка, бидејки ако сега ја земеме општината никогаш повеќе нема да ја добијат. Факт е дека е така. Ако сега ја земеме општината тие луѓе ќе ги вратименазад каде што беа до 1996 година, така што не очекувам дека ќе останат таму, а сега масовно се гради и луѓето се задржуваат во овие населени места. Имаме голема експанзија на емиграција може да се каже од градот Кочани и Оризари во планинските предели на општината. Како пример ќе кажам дека се изградени 10, 12 водоводи во планината. Знаеме какви села се , села од разбиен односно расфрлан тип и сите имаат по десетина маала од неколку куќи. Во многу од тие села е доведена вода за пиење, во тек е изградбата на локалниот пат

Оризари-Пресека, во тек е изградбаата на локалните патишта кон другите села Небојани, Костин Дол, има изработени проекти и може да се каже дека со поврзувањето со патот Полаки-Кочани ќе имаме една затворена патна мрежа на Осоговските планини. Ова можеме да го псотигнеме само ако општина оризари постои. Верувајте дека во другиот случај кога ќе биде општина Кочани многу мали ќе бидат шансите сите овие проекти и планови кои ги има зацртано сегашната власт во Оризари да продолжат или да бидат завршени,односно да се започнат оние кои навистина треба да се изградат.

За ваше информриање да викажам дека во општина Оризари односно во населеното место Оризари во тек е и изградбата на многу важни објекти од обласата на инфраструктурата, кои тешко ќе се реализираат до изборите во ноември и може да се случи овие објекти како што се започнати така да останат и да се нарпави доста голема штета односно инвестицијата која што е во тек да биде штетна.

За оштината Оризари може многу да се зборува, посебно за населеното место Оризари. Јас реков дека ќе бидам многу пократокво своето излагање, но едноставно има многу работи што треба да  се кажат и еве, ви одземав малку повеќе време.

На крајот уште еднаш сакам д аповтора,иако повторив многу пати во ова Собрание дека овојамандман е поднесен врз основа на референдумот којсе спроведе во општина Оризари. Јас како пратеникод овој крај имам должност да ја почитувам волјата и желбата на граѓаните кои гласале за мене. Јас ги застапувам со овој амандман граѓаните кои излегле на референдум и кажале дека општината Оризари треба да опстане во сегашните граници. Од околу 4, 5 илјади граѓани со право на глас на референдумот излегоа околу 87% . Од нив 98% гласаа за останвуање на општината Оризари во сегашните граници. Вие можете да не го земете тоа предвид, можете да одите против волјата на граѓаните кои ве гласале. Од таму имате илајд аи пвоеќе гласови што ги добивте 2002 година. Вие можете да гинегирате законите во оваа држава, бидјеки Европската поделба е ратификувана во овој Парламент 1997 година и членот 5 од Европската поделба за локална самоуправа. Вие можете тоа да гонаправите, но не можете едноставно волјата на граѓаните да ја скрите, а таа ќе дојде до израз. Кога тогаш, тие ќе гокажат својот збор.  Ние како народни избраници, избрани од народот не смееме да не го почитуваме нивното мислење. Не можеме да да не почитуваме 87% излезеност и

98% гласање за  останок  на сегашните граници. Ние мораме да ја почитуваме желбата односно волјата на граѓаните во оваа држава. Тоа е наша работа во Парламентот. Ако некој мисли дека тој референдум бил невалиден или нешто друго, дојдете во Оризари, спроведете друг референдум  за кој мислите дека ќе биде валиден. Направете го тоа, имате време за тоа,за тоа треба само еден ден. Ќе видите, ако волјата на граѓаните е погрешно интерпретирана тука или е нешто направено, нека се укине како општина.  Ако ова што гоизнесувам тукакако бројки е вистина, а вистина е бидејкијас бев присутен таму и видов колку луѓе излегоа, а видовте и пред некој ден, во петокот дека Советот на општината Оризари на вонредна седница, на која бев и јас присутен, без разлика на која политичка партија припаѓаат советниците,односно советниците од сите политички партии, и од СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и ДА беа едногласни дека општината Оризари треба да остане и таков заклучок донесоа уште еднаш да се  прати допис до Владата на РМ општината Оризари да си опстои во сегашните граници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Стаменков.

Има збор пратеникот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Господине претседателе, во прилог на  поддршка   на амандманот  2  за населените места кои што треба да останат     во   состав на општина Оризари сакам да изнесам повеќе аргументи.

Најпрво, не постојат никакви политички основани аргументи зошто ја укинуваме општина Оризари со 10 населени места, затоа што навистина нема никаков притисок на владината позиција и парламентарното мнозинство да не опстане оваа општина која што за неполни девет години е претворена во малечко градче. Значи сите аспекти на транспортни комуникации, магистралниот пат  Штип-Кочани,  излез на таа транспортна магистрала благо каскадно спуштање на Оризарска река поврзано со сите 10 населени места од високите падини на Осоговските планини па се до олувијалната рамнина на вливот на Оризарска река во Брегалница. Компактна конфигурација, географскса конфигурација, а и компактно население кое што во еден придоно обусловен начин на

спуштање на високите планински предели полека но сигурно се преселиле во најголем дел од населените места Прибачево и Оризари.

Едноставно сите аргументи, политички, па и етнички кои се споменуваа, па и аргументите на демографијата, аргументите на економскиот раст, аргументите на развојот на општината, аргументите на поделеност на градските урабни центри и можноста за навистина претварање  вистинско на руралните подрачја во можност за развиени мали општини, она што Македонија и треба да биде, систем на мали општини кои што обезбедуваат дисперзија на економските ресурси, дисперзија на можностите за развој на Република Македонија. Ако некаде имаме таков модел кој што успеа тогаш тој е во општина Оризари.

Таму треба да се запознае граѓанството во Република Македонија дека во стратегиските, економски планови за развој на источниот дел на Република Македонија постојат три пункта.

Тоа се пунктовите: акумулацијата на Злетовска река, акумулацијата на Оризарска река и акумулацијата на реката Осојница.

Со изградбата на овие три акумулации, од кои што веќе Злетовска река е во изградба на телото на браната Кнежино и обезбедувањето на доволни репери за атрактивност, инвеститорска активност на објектот на Оризарска река овој регион се претвора во исклучително важен регион кој што може за своите жители, некаде околу 5000 жители да обезбеди благодет, да обезбеди берикет и можност за опстанок на родните огништа.

Јас како член на владината администрација сум имал можност да престојувам на пределите каде што треба да биде Оризарска река и тој проект кој што е започнат, а еве сега ги запознавам и членовите на Парламентот и граѓанството на Република Македонија е проект кој што заедно со браната на Злетовска река и браната на Осојничка река ќе обезбеди, она што, Источна Македонија има сонце, има обработливо земјиште во големи количини, меѓутоа нема вода. Со овие три проекти малите општини во Источна Македонија добиваат предност пред големите градски центри.

Градот Кочани со спојувањето на Оризари неприродно се проширува градската зона и прашање е до кога ние во Република Македонија ќе одиме на еден виртуелен

начин на зголемување на градската зона во сите градови во Република Македонија и оневозможување рамномерен просторен и човечки развој на сите оние ресурси кои што ги имаме, и човечки и просторни во Република Македонија. Оризари ни дава шанса, ретка шанса, без никаков отпор политички, објективните критериуми, демографските критериуми, транспортните критериуми и инвеститорските критериуми. Потенцијалите за развој ни даваат за право оваа општина да остане и сите овие населени места, една прекрасна природа, еден огромен потенцијал, Источна Македонија е малку позната за она што претставува географски природни убавини, меѓутоа ве убедувам дека таму се едни од најубавите предели во Република Македонија и сметам дека доколку имаме некаде можност да направиме отстапка, тогаш тука е ова место кое што докажало за неполни 9 години дека една мала општина, од 10 населени места, сите живи населени места се претвори во едно мало гратче. Оризари претставува средиште на календарот на шведската федерација на Република Македонија, најзначајните турнири се одржуваат токму во Оризари, многубројни манифестации и едноставно тоа мора да го фаворизираме и да му дадеме шанса на граѓаните од оваа општина кои што со огромна поддршка изразија желба да имаат своја посебна општина. На тоа имаат право, на тоа имаат потенцијали, имаат ресурси и едноставно ние мислам дека мораме таа шанса да им ја дадеме на жителите од оваа општина.

(Со седницата продолжи да претседава госпоѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Жарко Караџоски процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана потпретседателке, јас би сакал, иако знам дека нема деловничка одредба, меѓутоа согласно Деловникот го продолживме работното време, па би било добро да знаеме до колку од прилика ќе работиме вечерва, затоа што сепак цел ден овде зборуваме, уморни сме, а за утре веќе е закажана седница. Мислам дека нема потреба да се малтретираме, да знаеме од прилика до колку саатот ќе работиме, за да си го планираме времето.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега, тоа беше одлука на Парламентот како мнозинство, така што во моментот расправата тече, па јас предлагам да работиме додека имаме кворум.

Значи, предлагам да работиме додека имаме кворум, уште извесно време па да заокружиме дел од амандманите што ги имаме.

(Да се договориме).

Тоа ништо не ве спречува како координатори на пратенички групи, додека трае расправата да исконтактирате меѓу себе и да се договорите, а ние како претседателство ќе го почитуваме тоа што вие ќе го договорите.

Молам, дали уште некој бара збор за амандманот? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Јас ги молам колегите пратеници да влезат во салата.

(Пратениците влегуваат во салата).

Ве молам поништете го гласањето, за да се соберат сите пратеници.

(Пратениците влегуваат во салата).

Јас мислам дека можеме да гласаме.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, од кои 6 за, 55 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 за додавање нова точка 47-а по точката 47 и на точка 34, поднесен од пратениците Ванчо Стаменков и Михајло Ѓорѓиевски.

Отворам претрес по амандманот на член 12 точка 47, точка 63, поднесен од пратениците Ѓорѓе Паљошковски и Никола Груевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот од пратеникот Ѓореѓе Паљошковски јас сметам дека е усогласен со локалните власти на Струмица и струмичкиот регион, што се правеше напори за еден

целокупен развој на тој регион и сигурно предложените решенија беа усогласени, како што беше известено Министерството.

Пратеникот предлага амандман, а со усвојуање на овој амандман се руши целокупниот концепт на пограничен развој на општината Струмица и целосно овозможување на сите општини кои ги организираме.

Од тие причини амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Ѓорѓе Паљошковски.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Почитуван потпретседател, почитувани колеги, почитуван министер,

Амандманот го поднесувам затоа што не се согласувам со предлогот на територијалната организација на локалната самоуправа на Република Македонија со кој од општиа Ново Село се одзема населеното место Габрово, а истото се припоува кон општина Струмица. Со ова се прават големи општини, а на околните рурални општини им се одземаат сите ресурси со што се доведува во прашање нивниот економски опстанок.

Доколку биде усвоен предлогот на законот така како што е предложен населението во село Габрово ќе се соочи со многу проблеми од образовната дејност и здравствената заштита. Имено, учениците од село Габрово сега се образуваат во Основното училиште Глигор Прличев во село Колешино, кое е оддалечено 1 км., но истото е во општина Ново Село, додека со припојувањето на општина Струмица учениците од село Габрово ќе патуваат во соседното Основно училиште во село Муртино кое е оддалечено повеќе од 6 км.

Исто така граѓаните примарната здравствена заштита ја добиваат во општина Ново Село, додека сега истата треба да ја добиваат во село Муртино. Можеме слободно да кажеме дека село Габрово никогаш не било во границите на општина Струмица и од секогаш било во границите на општина Ново Село, бидејќи општина Струмица од населеното место е оддалечена најамлку 20 км., додека седиштето на Ново Село е оддалечено само 7 км.

Незадоволството на граѓаните од село Габрово се гледа и од одржаните собири на граѓаните на кои беа донесени одлуки населеното место Габрово, во кое тие живеат да си остане во досегашните граници во општина Ново Село и никогаш да не се припојуваат со општина Струмица.

Исто така беше донесена одлука да се блокираат патните правци Габрово Банско и истата беше реализирана.

Беше донесена одлука да се соберат потписи од граѓаните со кои се докажа дека тие не сакаат нивното село да биде припоено со општина Струмица. Тие потписи беа собрани и доставени до надлежните органи во општина Ново Село.

Ваквата волја на граѓаните беше разгледувана и од Советот на општина Ново Село, на која беше присутен и градоначалникот на општина Ново Село, каде што исто така едногласно беше поддржана оваа одлука на граѓаните на село Габрово во општина Ново Село.

Одлуките донесени од Советот на општина Ново Село, од градоначалникот на оваа општина беа доставени до Владата на Република Македонија како и до Собранието на Република Македонија, што значи дека со ваквата експлицитно изразена волја на граѓаните беа запознаени сите институции.

Сметам дека предлагачот на законот за територијалната поделба ќе ги разгледа овие желби и барања на граѓаните за нивно останување во општина Ново Село и дека предложениот амандман ќе биде прифатен од пратениците на позицијата и ќе гласа за амандманот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги замолувам колегите пратенци да влезат во собраниската сала.

(Пратениците влегуваат во салата).

(Со седницата продолжи да претседава господинот Љупчо Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата, треба да пристапиме кон гласање.

Молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Почитувани пратеници, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, од кои 4 за амандманот, 1 воздржан и 57 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Бидејќи на ред за претрес е амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 59-а по точката 59, поднесен од пратениците Ванчо Стаменков, Марија Којзеклиска, Ристана Лалчевска, Михајло Ѓорѓиевски, Никола Груевски и Сашко Кедев и Љупчо Балковски, кој е со иста содржина со амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 58-а по точката 58, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов, за кој Собранието побара од министерот за локална самоуправа да го одложи претресот и по овие амандмани ќе водиме претрес на крај на расправата по амандманите.

Станува збор за Облешево.

Тоа се амандманите кои се на список од 84 и 85.

Ве известувам дека амандманот кој е на ред за претрес, односно амандманот на член 12 за додавање нова точка 47-а по точката 47 и на точката 68, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов и амандманот на член 12, поднесен на точка 47-а по точката 47, поднесен од пратениците Ванчо Стаменков, Марија Којзеклиска, Ристана Лалчевска, Михајло Ѓорѓиевски, Сашко Кедев и Љупчо Балковски, под реден број 116 од списокот за редоследот на амандманите за кои ќе се води претрес, се поврзани со амандманот за кој министерот за локална самоуправа побара да се расправа на крајот по претресот и по овие амадмани ќе водиме расправа на крајот на претресот по амандманите.

И овој е за Облешево, само се разликува во селата и во местата.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 49-а по точката 49 и на член 34, поднесен од пратениците Ванчо Стаменков и Михајло Ѓорѓиевски.

Тоа е на списокот 86 амандман.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Стаменков иако во основа ги прифаќате принципите кои стојат во зајакнување на капацитетите, но покрај укажувањето и на целокупниот процес на територијална организација ние велиме не ги исполнуваат и другите услови. Сметам дек априпојувањето на Оризари и Зрновци тешко ќе функционира, и вие тоа го знаете и од тие причини не би било во интерес на граѓаните, не се прифаќа овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Молам, дали некој бара збор?

Повелете господине Стаменков имате збор.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседателе, почитуван министер, драги пратеници,

Овој амандман го поднесов од причини што градоначалниците на општините Зрновци и Оризари интервенираа дека ако веќе се укинуваат како општини Зрновци и Оризари, подобро ќе биде да бидат заедно отколку да бидат со градот Кочани. Значи тие сметаат дека локалната власт, градоначалниците ја претставуваат локалната власт сметаат дека подобро ќе биде ако бидат заедно отколку да бидат со градот Кочани.

Инаку географски овие две соседни општини се граничат и имаат изградена инфраструктура, поврзани се помеѓу себе и преку село Прибачево кое се наоѓа во долниот дел на општина Оризари, така да можеби нема да биде најдобро за граѓаните за реализирање на своите функции, она што треба да го понуди локалната власт како услуги за да си ги исполнат своите потреби, нема да им биде најдобро решение, но сигурно ќе биде подобро решение отколку да бидат во градот Кочани и сигурно подобро ќе функционираат и ќе имаат подобар развој отколку со градот Кочани.

Така што, сметам дека ова  може да се каже од две лоши да се избере помалку лошото. Тоа е целта на овој амандман. Инаку, најдобро решение е двете општини да си останат самостојни со Законот за територијална организација од 1996 година. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Биддејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 2 гласале за амандманот, нема воздржани, 64 гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Повелете господине Трајановски, процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, барам пауза од половина час, бидејќи имам информации дека мирниот процес кој што се одвива во Скопје, со автомобили запрен е во општина Чаир кај Чаирчанка, каменуван е, има инциденти. Затоа бараме половина час пауза.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие господине Коце Трајановски вашата пратеничка група може да има пауза од половина час, ние работиме.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Има причина што ние бараме пауза.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имавте пауза.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 52, и по точката 55, поднесен од пратениците Ефтим Манев и Никола Груевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Бонева, барате збор. Повелете имате збор.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Господине претседателе, најнапред протестирам за вашиот однос. Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ бара  пауза заради тоа што полицијата нема интервенирано, а има повредено луѓе и возила и имаме право да добиеме пауза.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборете за амандманот, ве молам.

Ве молам без коментари. Немате збор за амандманот.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Да, благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Па повелете тогаш.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Се работи за амандман на господинот Ефтим Манев за кој што веќе дел од пратениците при првичното разлгедување јасно го кажавме нашиот став дека општина Подареш треба и понатаму да продолжи да опстојува, бидејќи доколку се задржи ставот на парламентарното мнозинство и на министерот дека треба да биде укината општина Подареш, ќе продолжи повторно иселувањето на населението, ќе се поттикне иселувањето на жители од овој регион кон соседните градови, кои иако беа иселени по формирањето на општината и со создавањето на подобри услови во неа, поголем број се вратија на родните огништа. Оваа општина како што тврди Советот на општината има услови за финансиско опстојување и за свој економски развој. Токму заради тоа тие вчера на седница на Советот на општината донесоа заклучок да бараат повторно од министерот и од овој Парламент, уште еднаш да размислат пред да ја донесат дефинитивната одлука, дали општината ќе биде укината или не. Покрај тоа, исто така, бараат од министерот и се надевам дека позитивно ќе им биде одговорено, за да можат уште еднаш да се обидат да го убедат парламентарното мнозинство и министерот да го прифати амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Бонева, не зборуваме за првиот амандман, зборуваме за селата Подареш, Злеово и Јаргулица, Смиљанци, Покрајчево.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Токму тоа, почитуван претседателе. Уште еднаш сакам да кажам да се размисли добро и ако треба, ако оцени парламентарното мнозинство, односно министерот, извршната власт дека треба да продолжи да постои општина Подареш, може да достави

амандман и тогаш да зборуваме и за границите на општината, односно кои се селата, кои се населените места кои влегуваат во него.

Сакам да потенцирам дека општината ќе се доведе во ситуација во време кога со децентрализацијата се настојува институциите да се доближат до обичните граѓани. Ако дојде до укинување, тие навистина ќе се одалечат од институциите и ќе бидат приморани и оние жители кои повторно се вратија, да ги напуштат своите родни огништа. Ова не го зборувам како мој личен впечаток, ова го кажувам  како став на граѓаните на општина Подареш.

Нивен впечаток е дека и многу започнати објекти кои ги имаат, за кои што е потребно време да се реализираат, поради новите приоритети на новата општина Радовиш во која што тие треба да влезат и сигурно би се наметнале од идната територијална поделба, би останале незавршени или пак нивното довршување би се пролонгирало за подолг временски период. Тие се плашат дали воопшто ќе бидат реализирани и сметаат дека ваквото експериментирање треба да заврши, експриментирање со нивната судбина. Навистина, тие се разочарани и од тоа што се што го имаат постигнато во општината, почнувајќи од општинската зграда, канцелариите што ги имаат внатре, опремата што ја имаат, опрема со најсовремени технологии. Прашање е кој ќе се грижи и дали домаќински ќе се грижи. Факт е дека државата не и даде можност на локалната самоуправа и на територијалната поделба од 1996 година да заживее со давање на повеќе финансиски средства односно пренесување на финансиските средства на локално ниво, а еве веќе се крои нова капа на тие општини. Ваквите експерименти не водат никаде и не се добри за никого. Ваквиот начин на работа ќе не доведе до таму, што после извесен број на години пак ќе излеземе со некое ново прекројување, бидејќи не сакаме да се зафатиме и да се занимаваме со суштината на работите, туку се поигруваме со формата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Бонева, водите општа дискусија, не водите по амадманот.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Претседателе, зборувам за населените места кои што влегуваат во општина Подареш.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа што вие го зборувате може да важи за секоја општина низ Македонија. Ве молам, зборувајте за општина Подареш.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Добро, господине претседателе, бидејќи сте нестрпливи, јас ќе ја завршам мојата дискусија само со уште еден апел до парламентарното мнозинство, до министерот, навистина, уште еднаш да размислат за доброто на граѓаните на општина Подареш, застапувајќи го нивниот интерес јасно искажан со референдум да опстои општина Подареш во сегашните граници. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Бонева, јас не сум нестрплив, туку јас само сакам да се дискутира по амандманот, ништо повеќе.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 1 пратеник гласал за амандманот, воздржани нема, 63 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 точка 53 и за бришење на точка 23 поднесен од пратениците Блаже Стојановски, Жарко Караџоски, Никола Груевски и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Стојановски, имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Добро ќе беше ако слушневме аргументи зошто не се прифаќа овој амандман, затоа што фактот дека како што се искажуваше за неприфаќањето за опстојување на општината Тополчани како општина дека имало мал број на жители, дека немало доволно капацитети за да опстои како општина и тн., кои што беа кажувани во текот на претресот кој се однесуваше по однос на амандманот за опстојување на општината Тополчани, сега слушаме дека единствена алтернатива која што ја има општина Тополчани, тоа е да биде припоена со Прилеп. Меѓутоа, фактот кој што..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам господине Стојановски во амандманот никаде не гледам дека е спомнато Тополчани. Вие знаете за кој амандман станува збор? Во член 12 по точка 53 на општина Прилеп се додаваат зборовите:"Бело Поле, Браилово и тн. а Тополчани никаде не е спомнато.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине претседателе, кога зборувам општина Тополчани можам да ги прочитам сите овие населени места и тоа да значи општина Тополчани. Меѓутоа, мислам дека во интерес на времето е да го кажам тоа на пократок начин за сегашната општина Тополчани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас ви благодарам за интересот за времето, но требаше да кажете дека овие места се фактички Тополчани.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас знам што значи, па затоа го зборувам ова што го кажувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во ред повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Амандманот кој што беше поднесен за опстојување на општина Тополчани односно за населените места Алинци, Бонче, Веселчани, Ерековци, Загорани, Клепач, Лопатица, Марул, Подмол, Тополчани, Тројкрсти, Чепигово, Шелеверци и овде како што кажав и во претходниот амандман од технички причини изоставено е населеното место Канатларци.

Значи, досегашната општина Тополчани во претходниот амандман не беше прифатена да опстои како општина. Затоа, овие населени места кои што ги прочитав сега и кои што во предлогот на Владата е утврдено да бидат припоени кон постојната општина Прилеп, навистна сметам дека нема да имаат доволно можности за реализација на нивните специфични потреби како населени места, како села, кои што во суштина имаат сосема различни потреби, од потребите кои што ги имаат жителите на градската средина. Ова особено и во поглед на еден друг аспект, а тоа е аспектот на загадувањето на човековата околина, која што се однесува, пред се, на депонијата која што ја користи Јавното претпријатие "Комуналец" од Прилеп, а која што е лоцирана на територијата на сегашната општина Тополчани односно во непосредна близина на населеното место Алинци. Тоа е непосредно до патот Прилеп - Битола и многу лесно можете да забележите ако патувате во тој правец дека тоа е една депонија, односно ѓубриште, кое што постојано ја загадува околината и на тој начин директно влијае на загадувањето на почвите во околината на населеното место Алинци, од каде што се произведуваат земјоделски производи и каде што се напасува добитокот кој е сопственост на жителите на ова населено место и на населените места Шелеверци и останатите кои што се во непосредна близина на населеното место Алинци.

Значи, потребата за надминување на овој проблем односно за заштита на човековата околина, која што ја имаат жителите на општин Тополчани, особено на овие населени места кои ги спомнав, пред се, Алинци, во чија најнепосредна близина се наоѓа оваа депонија, неминовно упатуваат на фактот дека општина Тополчани, односно овие населени места мора да имаат некоја организирана форма, за да можат самостојно да ги решаваат овие проблеми. Факт е дека, со оглед на тоа што многу ретко се случува инспекторатот кој е директно под контрола на Владата да испраќа инспектори во смисла на заштита и на утврдување на состојбата со ова ѓубриште, во поглед на утврдувањето на вистинската состојба и преземањето на конкретни мерки за заштита на населението во овие населени места и надминување на состојбата во која се наоѓаат нивните ниви и стоката што се напасува во овој дел.

Исто така, тоа е предмет и на други видови на загадувања кои се пренесуваат од различни животни скитници, и на тој начин сметам дека заштитата на човековата околина

и заштитата на здравјето на населението од овие места, треба да биде пример и за Владата на Република Македонија и да му се даде можност на населението во овие населени места самостојно да може да ги регулира овие прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски, јас мислам дека вие зборувате за друг амандман.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Амандманот е господине претседателе, во член 12 точка 53 општина Прилеп.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се додаваат зборовите: "Алинци, Бело Поле, Браилово, Вранче, Горно Село, а точката 23 се брише и тоа е Долнени.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Тоа е истото, член 12 точка 53.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На општина Прилеп се додаваат зборовите, а точката 23 е за Долнени, а вие зборувате за Тополчани. Вие ја проширувате општината, а Долнени го бришете, со селата од Долнени. Така е тој член 88 што е во списокот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Значи со точката 23 се брише, а тоа е вториот дел од овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е Долнени.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Ова другиот се однесува на точка 37 за кој што зборував јас.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Само да дообјасни министерот, може.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Нека се изјасни министерот за кој амандман се работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине министри.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Стојановски, наредниот амандман е за кој зборувате. Ова е амандманот со кој општината Долнени е носител во Прилеп, и за кој ги расчистивме. Мислам дека во делот на расправата по член 10 под б) точка 44 се брише. Што значи овој амандман треба да го повлечите, и мислам дека во делот на дискусијата по овој амандман самите вие аргументите ги кажавте дека не опстојуваат во делот на целокупното размислување на организирање на општината Прилеп. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас се извинувам ако сме изморени, али овој амандман за Долнени, бришење и ставање во Прилеп. А вие дискутирате за друг амандман, што е после тоа. Повелете сега.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Значи, претседателе се работи за општина Долнени, како што беше предложено од страна на Владата, заедно со општина Житоше, во делот кој што се однесува на општина Долнени во сегашните граници да се припои кон општина Прилеп.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Али вие зборевте за Тополчани, на другиот крај од Прилеп, колку што јас знам.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Добро, јас се префрлив на Тополчани, бидејќи се работи за иста точка 12, точка 53.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Па, затоа бидете внимателни, ве молам по амандманот дискутирајте.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Нема проблем.

Добро, само во поглед на разјаснувањето на работите, и сметам дека веќе доволно е кажано. Се работи за истото она што го зборувавме за општина Житоше, за истото она што го разговаравме за општина Долнени, веќе двапати. За да биде јасен амандманот значи, со овој амандман се предлага во општина Прилеп да влезат населените места Бело Поле, Браилово, Вранче, Горно Село, Гостиражни,Дабјани, Дебреште, Десово, Долгаец, Донени, Дреновци, Дупјачани, Жабјани, Житоше, Забрчани, Заполжани, Зрзе,

Костинци, Кошино, Кутлешево, Лажани, Локвени, Мало Мраморани, Маргари, Небрегово, Новоселани, Пешталево, Рилево, Ропотово, Сарандиново, Секирци, Сенокос, СлепчЕ, Сливје, Средорек, Стровија и Црнилиште.

Значи бидејќи не беше прифатен предлогот од Владата да опстои општина Долнени во сегашните граници со овие населени места кои што сега ги прочитав. Овој предлог да се пренесе за општина Долнени во рамките како што е сега да се припои кон општина Прилеп, затоа што ако не може да опстои како рурална средина, имајќи го предвид принципот кој што се носел за Струга и некои други општини, треба општина Долнени да се припои кон Прилеп. Тоа од Владата не беше прифатено, бидејќи доволно е кажано на таа  тема. Сметам дека нема потреба повеќе да елаборирам и за да биде јасно сакам да ги искажам овие факти.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Благодарам претседателе.

Господине Блаже Стојановски го испуштивте Канатларци во вашиот текст и ве прашувам дали вие го подготвувате овој амандман, затоа што вие не можете да се сетите и не знам на кого појаснувате. Ние амандманите ги читаме како сите амандмани, а вие како подготвувач не знам каква ви е забуната за овие амандмани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Ивановска.

Можеби сме изморени, па не знаеме кои амандмани се, но сите амандмани се на список и да бидеме внимателни. Веќе недела и повеќе го имаме списокот.

Господине Стојановски имате една минута контра реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Госпоѓо Ивановска ја згрешивте дискусијата се работи за општина Долнени која што не припаѓа Канатларци и од тие причини сметам дека навистина, зборувате  за нешто што не е во врска со она што треба да се расправа по овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, ниеден не гласал за амандманот, нема воздржани, 62 гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 точка 53 и на точка 37 поднесен од пратениците Блаже Стојановски, Жарко Караџоски, Никола Груевски и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Стојановски вие го образложивте овој амандман во суштина иако пристапувате кон принципи и сваќате дека новите надлежности, новата територијалната организација бара поголеми капацитети економски, човечки, административни. Не може да се прави спојување кое во основа не дава можност за функционирање на општинта. Вие само знаете и сте убедени бидејќи го познавате тој реон, вака споени општини меѓу Тополчани и Кривогаштани не може да функционираат и не е во интерес на граѓаните. Ќе им го отежнеме многу животот со вакво организирање.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен, повелете господине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Значи еден дел од дискусијата која што сакам да ја кажам, не сакам да се повторувам, сакам само да додадам неколку работи. Едната работа од тоа е поврзаноста која што постои реално помеѓу Тополчани и Кривогаштани со патен правец.

Вториот аргумент што треба да се почитува е тоа што и едната и другата општина се рурални општини и имаат заеднички и слични проблеми кои што граѓаните на овие две општини ги делат и се однесуваат на проблеми во однос на изградбата на патишта, локални и селски водоводи, во областа на земјоделието, сточарството итн. Исто

така во однос на ова прашање треба да се нагласи и фактот што во контекст на она што го зборував претходно што општина Тополчани, бидејќи сметате дека нема капацитет да опстои, тогаш се остава можност, бидејќи општина Кривогаштани е предложена во овој предлог на закон, а истовремено неколку пати спомнавте дека во општините што се укинуваат администрацијата треба да продолжи да функционира, сметам дека многу подобро и поефективно ќе функционира администрацијата на општина Тополчани, ако општина Тополчани се спои со општина Кривогаштани. Значи овие се аргументите, со цел да се овозможи постои физичка поврзаност се зголемува бројот на населението, значи ако општина Кривогаштани ги исполнува критериумите да биде општина, тогаш, дополнувајќи го тој број на население со населението кое што живее во општина Тополчани значи нема тука никаков проблем за да биде задоволен тој критериум. Поврзаноста постои, затоа што и физички тие се граничат една со друга, имаат патен правец, имаат заеднички проблеми, за што едната и другата се рурални општини, посебни општини се и едната и другата и повторно се почитува вашиот принцип на окрупнување на општините, врз основа на некакви заеднички потреби кои што ги имаат и на овој начин навистина, ако ништо друго ќе можат многу повеќе да ги остваруваат сите оние потреби кои што ги имаат и за заштита на својата околина, зборувам за ѓубриштето во Тополчани, меѓутоа, и да ги координираат сите активности како селски општини, како рурални општини во однос на специфичните потреби кои што ги имаат, кои се разликуваат од потребите кои што ги има градот Прилеп, бидејќи градот Прилеп како градска средина има сосема други потреби, кои што се различни од потребите на жителите на овие населени места во општина Тополчани, исто како што се различни и од оние населени места кои што се во општина Кривогаштани. Значи логиката за опстојувањето на општина Кривогаштани е истата ова што ја кажувам јас, со тоа што таа општина би се зголемила уште и за општина Тополчани, со оглед на сличните проблеми со кои што се соочуваат жителите на овие општини и сличната структура на населението и начинот на кој што живеат и стопанисуваат.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов имате збор, повелете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Кои се целите кои сакаме да ги постигнеме со предложениот амандман, односно што сакаме да постигнеме за населените места Алинци, Бонче, Веселчани, Ерековци, Загорани, Клепач, Лопатица, Марул, Подмол, Тополчани, Тројкрсти, Чепигово и Шелеверци. Тоа е следното. Стимулација на распад на населението кое што има низок наталитет и намалување на загубите поради смртност и миграција. Запирање и опаѓање на наталитетот на населението кое не постигнува проста репродукција, како и намалување на порастот кај населението кое има широка репродукција. Мислам дека е ова сосема јасно за што сакам да зборувам во амандманот кој се однесува на селата Алинци, Бонче, Веселчани, Ерековци, Загорани, Клепач, Лопатица, Марул, Подмол, Тополчани, Тројкрсти, Чепигово и Шелеверци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има една нелогичност. Вие велите да се бришат.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Доколку внимателно ме следите. Господине Јордановски вие имате една алтернатива да ме следите од позиција на претседавач, тоа значи да ме сослушате и да молчите додека зборувам, или да ме сослушате како пратеник и кога ќе завршам да ми реплицирате. Значи тука сме јасни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во право сте.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Значи она што го зборувам, а да го избегнеме недоразбирањето бидејќи општината Тополчани не постои како што кажа и господинот претседавач ова се однесува на Алинци, Бонче, Веселчани, Ерековци, Загорани, Клепач, Лопатица, Марул, Подмол, Тополчани, Тројкрсти, Чепигово и Шелеверци. Мислам дека ова целосно во контекст на она што е кажано и во текстот на Владата што се однесува на анексите А, Б и Ц,  нашите европски ориентации и нашата заложба за конечно зачленување во НАТО алијансата, затоа што впрочем верувам дека така почнуваа повеќето од репликите.

Подобрување на структурите и територијалната разместеност на населението. Некои обредби кои се однесуваат на овој амандман или некои забелешки кои се искажани и ќе бидат искажани од пратениците на ВМРО во однос на овој амандман или критички осврт искажани од пратениците на ВМРО воопшто кон предложената територијалната организација на Република Македонија. За жал не можеме да го избегнеме принципот на генерализација, затоа што има многу заеднички црти кај мотивите кај повеќето амандмани, или пак има заеднички црти во основниот мотив што се наоѓа вечерва на дневен ред пред нас, а тоа е воопшто Законот за територијалната организација на Република Македонија.

Република Македонија и понатаму во контекст токму на амандманот кој се однесува на Алинци, Бонче, Веселчани, Ерековци, Загорани, Клепач, Лопатица, Марул, Подмол, Тополчани, Тројкрсти, Чепигово и Шелеверци, токму во контекст како обврска што се има преземено и почнувајќи од законодавниот дом па надолу кон сите државни институции кои треба ефикасно да се влијае врз внатрешните или надворешните миграции, остварување на оптимален однос помеѓу демогравскиот и економскиот развој.

Ќе се обидам да не отстапам многу од амандманската расправа но самата карта ни кажува за каков простор станува збор, за неговата поставеност, конкретно зборувам за селата Алинце, Бонче, Веселчани, Ерековци, Загорани, Клепач, Лопатица, Марул, Подмол, Тополчани, Тројкрсти, Чепигово и Шелеверци, во поширокиот регион кој се сместени на потегот запад - југозапад од поголемиот центар тоа е градот Прилеп и доколку се движиме нагоре по север зборувавме за општината Долнени и сега нема претставник на Владата ми се чини.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве слуша претставникот на Владата, јас морам ...

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Јордановски вие не дозволувате кога јас слушам надвор да реплицирам ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро. Повелете, еве го претставникот на Владата, ве почитува.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Значи се работи токму во спротивност со некои основни стратегии кои како држава ги имаме прифатени и тоа претпоставува дека и содржински треба Република Македонија да се грижи. Имено, Република Македонија обезбедува услови за рамномерно разместување на населението во републиката, конкретно и за наведениот регион опфатен со населените места опфатени со предложениот амандман, севкупна ревитализација на демогравски најзагрожените и стратешки најзначајните подрачја на државата. Пред се тука станува збор за ридско планински подрачја, гранични подрачја ние во изминатите денови многу пати зборувавме и дури во теков на овој ден зборувавме за едно гранично подрачје сосем случајно таму имаме караула на тромеѓето. И, јас не знам дали тоа било правено, дали се консултирани стручните експерти од Министерството за одбрана, се надевам дека се и дека тоа добило внимание на начин како што треба и дека нема да има некој посеризни проблеми во однос на нормалното функционирање на наведената караула.

Исто така, обврска е перманентно да се подобруваат структурните и другите белези на населението, обезбедување услови за позитивни ефекти за ширење на процесот, нормализација во сите делови на републиката. Но, истовремено оваа урбанизација не значи дека треба да очекуваме и населените места Алинци, Бонче, Веселчани, Ерековци, Загорани, Клепач, Лопатица, Марул, Подмол, Тополчани, Тројкрсти, Чепигово и Шелеверци преку ноќ дека треба да станат урбани центри или дека се очекува овие места да станат урбани центри, затоа што Република Македонија па подолу вели дека треба да постои забавување на растот на градското население со тенденција на пораст во малите градови и други населби со цел развој на концептот на полицентричен развој.

Сега ние ќе дискутираме можеби посериозни, поаналитички каде ние ги детерминираме како држава, кој ќе ни бидат нас жариштата, центрите каде што очекуваме да има благопријатен развој во секоја смисла на спорот, значи со внимание на растот на демогравското население, развојот на инфраструктурата, развојот на економските фактори, пред се развојот на економските фактори од аспект на развивање

на мали и средни претпријатија за што впрочем како земја имаме потпишано и премногу документи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вратете се на амандманот господине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Добро. Јас ја прифаќам сугестијата на господинот претседавач дека можеби малку се тргнав од амандманот и колешката бидејќи и не знаеше за што зборувам, зборуваме инаку за населените места Алинци, Бонче, Веселчани, Ерековци, Загорани, Клепач, Лопатица, Марул, Подмол, Тополчани, Тројкрсти, Чепигово и Шелеверци. Основната намера значи во амандманот еве можеби ќе бидам дрзок, ќе ја спомнам општината Тополчани која веќе не постои, значи Тополчани и Кривогаштани да егзистираат како една административна целина, со цел да се овозможи побрз, подобара и поквалитетен живот на граѓаните кои ги опфаќаат овие населени места, претпоставувајќи дека не треба да очекуваме дека тоа ќе се случи со не знам какво темпо, кое ќе биде невидливо со голо око и со кои сите промени ќе ги гледаме секојдневно. Затоа што ако ги оставаме, ако го занемариме обновувањето на руралните населби, како што впрочем во повеќе амандмани како аргумент беше користен од наша страна, групирано од една страна рурална со урбана средина и во секој случај правиме некаков обид да се спојат две општини, од две да направиме една поголема, нема никаква причина и овие да не егзистираат во таа насока, затоа што евидентно е дека ќе бидат и побројни по население, ќе зафаќаат поголема површина и ќе може да се надеваат дека ќе имаат можности и шанси за побрза да го заживеат тој крај. Тоа е еден од аргументите кој беше користен токму од самите предлагачи дека на овој начин ќе ги избришеме од административната карта на Република Македонија, општините кои не се во состојба да функционираат и општините кои не можат да одговорат на нивната основна намена, а тоа е да бидат сервис на граѓаните во смисла на непосредно остварување на нивните права во срединиte каде што живеат и работат.

Од тие причини овој амандман, за да не се занемарат населените места за кои станува збор, се обидуваме да ги ставиме во една административна целина која по

нејзината содржина и форма сепак ќе може да егзистира затоа што во нивното непосредно соседство направивме административна целина наречена Долнени, така како што ја структуиравме и да обрнеме внимание на другите аспекти кои во амандманот, поради процедурата за работата на Собранието, не можат да бидат содржани во амандманот, а можеби е непримерно да бидат спомнувани во амандманската расправа затоа што не можеме да ги набљудуваме како засебни целини, како целина сама за себе, како административна целина која треба да одговори, според законот, исклучиво на локалото население и на месните жители во тој регион, туку треба да внимаваме на можноста како тоа во еден поширок регион се одразува и дали тоа одразување ќе биде во позитивна насока или во негативна. За жал, од она што досега овие неколку дена го дискутираме, не можеме во поголема мера да се пофалиме дека внимаваме на влијанието и интеракцијата една со друга, таа сепак се движи, за жал, во негативна насока.

Оттука, кога зборуваме за амандманот на дневен ред затоа што е во рамките на еден поширок регион, за кој зборувавме на крајот на минатата седница, зборуваме за еден крај, бидејќи навлегува на почетокот на Мариовскиот регион можеби ќе постигнеме нешто во таа насока да заживее регионот, не мора да се биде докторант по локална самоуправа затоа што понекогаш теоријата и праксата не одат така како што замислува теоријата, затоа што ако теоријата одеше така како што замислуваа теоретичарите, сега ќе ги немавме оние пет-шест празни џебови без население, без можности за сериозна и брза ревитализација на населението низ цела Република Македонија и ќе обезбедевме рамномерен развој кооку што е можно повеќе рамномерен, ќе нема да биде идентичен, значи, ќе се ибодевме како држава да им дадеме барем подеднакви шанси за почеток.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

:Повелете г-дине Караџоски имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, колешки и колеги пратеници.

Би сакал накратко во правец на она што е интенција на овој амандман. Значи, ние како предлагачи можеби правиме еден експеримент во смисла на тоа што досега постоечките општини Тополчани и Кривогаштани да се спојат во една општина. Можеби

тоа отстапува од оној концепт на почеток како став на ВМРО - ДПМНЕ кој гласеше дека бројот на општините треба да се задржи, меѓутоа, факт е дека во предложената верзија има повеќе такви експерименти, а со надеж дека можеби овој експеримент или предлог наишол на некое разбирање во Владата, ние го предложивме ваков каков што е. Да не ги читам селата мислам дека повеќепати ги прочитавме, затоа ќе го користам поимот Тополчани и Кривогаштани и затоа немојте да ме прекинувате.

Инаку, која беше смислата? Мое лично мислење, иако почитуваниот министер искажа дека можеби ваквата варијанта не е добра во смисла на тоа како овие две општини ќе функционираат, дали се поврзани со пат, дали можат во таков состав да опстануваат и сл., меѓутоа, по мене, подобро е ако треба некој да се припои кон некој, а тоа да бидат две рурални средини, за да сочинуваат една целина, отколку една рурална да се додава кон една урбана средина. Тоа беше една од причините поради која се водевме при поднесувањето на овој амандман.

Факт е дека општина Тополчани беше во состав на Прилеп веќе седум години наназад е самостојна и не само таа , туку било која рурална општина која беше припоена кон една градска урбана покажа таква работа односно се покажа во пракса дека во таквата комбинација жртвата или оние кои губат се токму руралните средини.

Податокот кој, почитуван претседастеле, кога стануваше збор за општина Тополчани читав еден елаборат кој имаше доста аргументи зошто Тополчани како општина треба да опстане и не би сакал повторно да го читам, освен ако не ме опомenete дека бегам од темата, податокот за таа категоризација која потврдува дека Тополчани во последните седум години давала напредок, како и оние планови кои ги имала како општина и од друга страна ако го земеме Кривогаштани која во сопствениот развој покажува од одреден напредок мислевме дека припојувајќи ги еден кон друг сепак рурална со рурална средина искуството на заедничките проблеми да се развива земјоделието, сточарството, и се она што е слично со тие две општини е многу понадежно, многу по објективно отколку проблеми со урбана и рурална средина. Тоа е нашето логично размислување. Колку е оправдано, тоа е друго прашање, меѓутоа, дали во моментот кога се предлагаат вакви спојувања на општини има одредени проблеми во смисла на патна поврзаност, друга причина, можеби не е толку битна, затоа што на крајот

на краиштата самото поврзување ќе ги натера граѓаните во тие општини тоа да го решат меѓутоа, ќе го решат самостојно, нема да чекаат од некоја урбана средина тоа да им го реши.

Тоа беа нашите видувања.

Јас си земам за право и тоа што министерот го зборуваше дека држи место, но на крајот на краиштата ние сме пратеници па можеме да поднесеме амандман па и да е нелогичен според некого, затоа сме тука да се искажеме и да гласаме.

Меѓутоа, повторно ќе кажам ако овој наш амандман на некој начин не држи место, верувајте во Предлогот има такви решенија кои апсолутно не држат место, но убеден сум дека министерот умешно ќе ги одбрани, на крајот на краиштата тоа му е должност.

Да не должам, да скратам, не би било загуба да не се изгласа амандманот, ова министерот нека го свати како една идеја што можеби по некоја година заради некој нов договор со одредени коалициони партнери кога можеби по втор пат или трет пат или четврт пат ќе се прекројуваат општинските граници да го земе во предвид почитуваниот министер кога евентуално заради некои договори би требало да се прекројуваат границите на општините.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Г-дине Караџоски не е проблемот што има и нелогични амандмани, проблемот е во конзистентноста.Вие рековте дека на крајот на краиштата Ќе направат пат, а најголем аргумент за Зелениково и Петровец ви беше што немаше таков пат. Давајте вие нелогични, тоа е прифатливо, но нелогиката да има систем, конзистентност.

Повелете г-дине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе, ќе бидат коректен, ова го сфаќам како реплика и затоа ќе бидам краток. Мислам дека она што го спомнавте за Зелениково јас не го кажав и незнам зошто мене ми го зборувате. Јас кажав од аспект на мое лично размислување како подносител на амандманот, а за Зелениково не зборував.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Превентивно, да немате некоја неконзистентност.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно Гласале 63 пратеници, од кои 4 за, нема воздржани и 59 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 58-а, по точката 58 и на точка 41, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете г-дине Мавровски имате збор.

СПИРО МАРВРОВСКИ:

По она објаснување за општината Маврови Анови еве стигнавме до општината Ростуше која во првиот предлог ја имавте предложено во декември 2003 година вашиот предлог беше општина Маврови Анови со  Маврови Анови и Ростуше.

Сега  добивме нов предлог во 2004 година во кој во членот 10 точка 55 стои општина Маврово со Центар Ростуша и мислам дека општина Ростуша со она што го направи, со референдумот, едноставно не се согласува со вашето решение и ние како пратеници сме должни тоа да го пренесеме до Вас, мислам дека и тие лично ги поднесоа резултатите од нивниот референдум.

За да го објасниме и потврдиме сето ова, општина Ростуше се наоѓа на територија морфолошки мошне атрактивна во Западна Македонија и целосно припаѓа на сливното подрачје на реката Радика, во која се влева и Градска Река.

Ограничена е од сите страни со познати планини на Исток со Бистра, на Север со падините на Кораб, на севеерозапад со Дешат,  а на југ и југозапад со Стогово.

Во рељефната структура е мошне интересна кањонската долина на  реката Радика по која води главниот пат Гостивар - Маврови Анови - Дебар. Таа се граничи со општините Маврови Анови, Центар Жупа и Другово, додека на Северозапад е државната гранична линија  со Р.Албанија која води по сртот на планината Дешат.

Територијата на општината Ростуше зафаќа површина од 370 км2 и се вбројува во поголемите општини во Репубиката и во западна Македонија. Меѓутоа, ако се земат предвид само постојните села, тогаш површината изнесиува некаде 330 км2.

Во рамките на општината се забележани 21 населено место од кои 17 населби се постојни, а 4 села се наполно раселени. Болетин, Росоки, Селце и Сушица. Централно место и седиште на општината е Ростуше со 960 жители, другите населби се Скудриње, Присојница, Јанче, Аџиевци, Велебрдо, Требиште, Битуше, Жировница, Врбљани, Лазарополе, Гари, Осој, Тресонче, Галичник и Могорче..

Од нив најголема населба е Скудриње со 221 жител. Во оваа општина преовладуваат малите села со помалку од 300 жители, а во 1994 година општина Ростуше имала 10718 жители во однос на 1961 година, кога од популацијата имала 9594 жители, бројот на жителите се зголемил за 1124 или за 11%, што е една од ретките општини во Републиката која го направила ова, но, со последниот попис што го имаме од 2004 година општината Ростуша брои 7787 жители, значи овој број е намален за некаде 3000 жители во последните неколку години.

Во народносната структура е мошне интересна така во пет села живее исклучиво македонско население, во една населба живее ислуживо албанско население а во 10 населби структурата. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе ги кажете во кои пет села за да бидеме со амандманот. Но во кои пет села живеат македонско население.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Сега ќе ви ги кажам. Во другите рамноправно се  застапени македонцитте и турците а во другите пет населби, најбројни се оние што се декларирале како Турци.

Всушност бројот на македонците е 33,7%, на турците 28,7%, албанците 9,8% и останати 27,8%.

Вкупната аграрна површина во општината Ростуше зафаќа 31.500 хектри од неа обработливо земјиште 1554 или 5%, пасишта околу 15 илјади или 47% и шуми околу 14 илјади или 47,3 %.

Според ова, општината е со најповолни услови за развој на сточарството и шумското стопанство.

Со предлогот на амандманот кој го имаме пред нас, во членот 12 по Точката 58 се додава нова точка 58-а која гласи: “Општината Ростуше со селата Аџиевци, Битуше, Болетин, Велебрдо, Видуше, Врбјани, Галичник, Гари, Жировница, Јанче, Лазарополе, Могорче, Осој, Присојница, Росоки, Селце, Скудриње, Сушица, Требиште, Тресонче, и Ростуша. Сето ова е направено оваа општина, бидејќи г-динот министер за претходната општина Маврови Анови говоревме дека има само 1730 жители дека од демографски аспект и покрај сето она што го постигнала општината дека не задоволуваат условите за да може да биде општина, во овој случај бројот од некаде 8000 жители апсолутно задоволува, патните правци како што кажав и она што го направила општината во оваа ситуација се доволни за да може министерот во својот план да остави општината Ростуше да опстојува и понатаму како општина.

Зошто го говорам тоа? Затоа што Советот на општината Ростуша расправајќи по Предлог законот за територијална организација на локалната самоуправа на вонредната седница одржана на 20 јиули 2004 година ги донесе следните заклучоци кои ви беа доставени на сите пратеници во Парламентот во кои Советот на општина Ростуше бара целосно прифаќање на резултатите од спроведениот референдум во општина Ростуше со тоа што во новата територијална организација да се предвиди постоење на општина Ростуше со седиште во Ростуше. Сега добивме Предлог-закон во кој стои некоја нова општина, општина Маврово со центар во Ростуше. Мислам дека се обидува да се направи од две работи една. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Мавровски зборувајте за амандманот, дискутирате за некои решенија по амандманот. Овде убаво пишува што е амандманот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Врз основа на овие решенија е поднесен овој амандман г-дине претседателе. Ако сте сконцентрирани тоа е токму тоа.

Во однос на референдумот спроведен во село Скудриње на 4 јануари 2004 година е успешно спроведен со 93% за опстојување на општина Ростуше со седиште во Ростуше.

Токму ова и она што Република Македонија го има потпишано како Европска повелба за локална самоуправа, почитувањето на членот 5 на кој цело време се повикуваме и за кој Владата и позицијата треба да знаат спомнувајќи ја ЕУ, дека треба да се почитуваат и членовите од оваа повелба на која сме потписници како Република Македонија , тука ќе биде нашиот основен проблем, затоа што граѓаните на општината Ростуше покажаа доволно волја овие 93% да опстојат во сегашната општина.

Која е причината од две општини за која предмалку говоревме од Маврови Анови и од Ростуше да направиме општина која ќе се вика Маврово, а центарот ќе го префрлиме во Ростуше и така да бидат сите незадоволни тотално. Тука би го вклучил и Скудриње, некој побарал наместо да остане во општина Ростуше да биде во општина Дебар, тука добиваме една ситуација кога сите оние кои се директно заинтересирани за опстојување на локалната самоуправа, она што го практицираа досега, и она што покажало успешни резултати ние ќе се потрудиме сето тоа да го направиме заедно, да ги направиме едноставно она што не може да се поврзе да го оврземе и да добиеме нешто од кое, незнам дали министерот или било кој тука може да ни искаже финансиски резултати или што понатаму добиваат овие граѓани, колку ќе им се подобри животот, колку патишта ќе се направат, колку амбуланти, колку училишта, колку ќе бидат приходите од сето ова апсолутно наместо да доаѓа од Владата кон Предлогот на локалните единици, ние добиваме обратни предлози.

Локалните единици веќе знаат колку би сработиле и колку би добиле и тие предлози доставени до Владата мислам дека требаше да бидат прокоментирани, ако е точно како што кажуваат во општина Маврови Анови дека таа општина може да опстои и од демографски аспект, и од она што го има општина Ростуше, досега не постоеле

проблеми и понатаму да опстојува, и да биде во рамките на општината што постоела досега.

За Бродец зборувавме, одговор не добивме. Истото беше и за Маврови Анови. Вие можете да гласате, ние ќе се обидеме да ги изнесеме аргументите, но во секој случај она што вреди да се размисли, онаму каде што може да се најде решение, едноставон каде што немаат етнички проблеми и во однос на сите други параметри што се поставени за да опстојува една општина, ние се трудиме и тука да направиме проблем.

Дали целта е тоа, дали значи непочитување на тие 40 референдуми во кои што спаѓа и овој референдум во општина Ростуше, ние само бегло да поминеме покрај сето тоа и да одиме напред, да кажеме дека уште еден амандман е одбиен и бројот на амндмани да се зголеми на вкупно 90. Ако е тоа целта, очекувам многу брзо позицијата да го докаже тоа и да го поаже со своето гласање, но во секој случај не придонесуваат апсолутно ништо за состојбата на овие граѓани во општина Ростуше и мислам дека треба да се изнајде начин како ние, како пратеници да помогнеме и онаму каде што можеби министерот или Владата донеле погрешно решение, со факти и аргументи да убедиме дали да се остави простор да може да се разговара за одредени вакви ситуации. Во секој случај оставам на министертот и на мнозинството да одлучи и по овој амандман.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодара.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на пратениците.

(службите го утврдуваат бројот на пратениците)

Ги повикувам пратениците да влезат 10-те минути почнаа да течат.

(пратеници влетгуваат во салата)

Ве молам, заземете ги своите места.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, нема за, нема воздржани, а против гласале 60.

Службите нека го утврдат бројот.

Навистина мислам дека е некоректно да не се притисне, бидејќи сме 61, знам, но сепак мора да се утврди бројот на пратеници во салата.

(службите го урврдуваат бројот на пратеници во салата)

Во моментот на гласање во салата биле присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 58-а, по точката 58 и на точка 43 поднесен од пратениците Блаже Стојановски, Жарко Караџоски, Никола Груевски и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете г-дине Стојановски имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Г-дине претседателе,

Се работи за општината Самоков. Значи, со овој амандман се предлага опстојување на општината Самоков која што навистина и преку референдумското изјаснување на населението кое живее во селата што припаѓаат на општина Самоков и преку сите оние активности на локалната самоуправа, на органите на локалната самоуправа во претходниот период ја изрази волјата оваа општина да опстои и тоа да биде преточено во вид на амандман што навистина има можност да биде прифатен од Владата.

Меѓутоа, граѓаните на оваа општина не омжеа да претпостават дека Владата вака игнорантски ќе се однесува кон нивните барања и кон тоа што тие го кажаа, односон волјата што ја изразија со референдумското изјаснување.

Целта е селата Белица, Бенче, Битово, Близанско, Брезница, Брест, Волче, Горно Ботушје, Долно Ботушје, Заград, Звечан, Здуње, Зркле, Инче, Калуѓерец, Ковач, Ковче, Косово, Лупште, Могилец, Рамне, Растеш, Самоков, Сушица, Тажево и Требовље да се одвојат како посебна општина односон да се избришат овие населени места од општината Македонски Брод каде што се предлага сега да бидат внесени.

Општината Македонски Брод, навистина со овие населени места зафаќа еден простор што се наоѓа на голема одалеченост од центарот на Македонски Брод, односно од центарот на општината Македонски Брод, тоа е градот Македонски Брод и реализацијата на локалните потреби на жителите на овие места, секако дека многу подобро ќе може да се реализира доколку тие самостојно иберат свој градоначалник, свои членови на Советот и тие ги застапуваат нивните интереси како жители на овие села што ги набројав претходно.

Општината Самоков постои од 1996 година, со овие населени места што ги набројав. Произлезе од општината Македонски Брод, што значи дека таа логика што сакаме да ја аргументираме во текот на овие амандмански расправи и што сакавме да ја истакнеме преку поднесувањето на амандманите по однос на овие прашања, била прифатена и била реализирана од страна на ова Собрание при донесувањето на претходниот Закон за територијална организација. Тогаш се увдело дека во општината Македонски Брод не се во можност целосно и на квалитетен начин да одговорат на потребите на жителите на овие населени места што влегуваат во општината Самоков. Од тие причини, во 1996 година, општината Самоков со овие населени места што се наведени во амандманот е одвоена од општина Македонски Брод.

Капацитетот на нејзиното опстојување, реализацијата на различни проекти, апликациите за изградба на водоводи, на патишта, на други инфраструктурни објекти што значат подобрување на животот во овие села што ги набројав претходно не претставува ништо друго, туку еден силен аргумент за опстојување на општината Самоков со овие населени места. Меѓутоа, и покрај тоа Владата предлага тоа што еднаш е донесено како заонско решени, со Законот за 1996 година односно со одвојувањето на општината Самоков од општината Македонски Брод и аргументите што беа понудени тогаш во смисла на одалеченоста на која што се наоѓаат овие населени места од Македонски

Брод, во смисла на специфичните потреби на ова население што живее и е насочено пред се кон капацитетите на фабриката “Сувенир” од Самоков, исто така во онодс на специфичната гоеграфска местоположба каде се наоѓаат овие населени места, имајќи предвид дека со изградбата на браната “Козјак”, полнењето на Езерото Козјак, можностите што се јавуваат со определување на локации, со давање на тие локации за изградба на викендички, на туристички објекти што ќе значат привлекување на торусти, на луѓе кои се занимаваат со лов, со риболов, со што е богат овој регион, навистина може само да значи едно подобрување на севкупниот живот на населението кое живее во овие населени места. Да значи овозможување на запирањето на миграцијата село-град односно на намалувањето на населението во овие населени места кои што во периодот од 1996 година, до денеска покажаа дека можат да се организираат, дека можат преку нивните претставници во локалната власт да изнаоѓаат начини за реализација на нивните потреби од областа на комуналната сфера, од областа на заштитата на природата и во однос на сите оние можности што треба да се реализираат како активности, иницијативи на локалната власт на општина Самоков во поглед на градењето на овој регион како туриустички регион што има можности и за лов и за риболов и за други туристички активности.

Значи, целта е уште еднаш да опстои општина Самоков, да се спречи иселувањето од таму и да се спречи, во крајна линија менувањето на етничката структура затоа што со празнењето на тие простори се отвораат можности за создавање нови етнички односи во таа општина на вештачки начин.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Г-дине Шајноски баравте збор, повелете.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Почитувани граѓани на Македонија,

Ова што се случува во Парламентов последнава седмица не е наивна работа, како што тоа сака да го прикаже претседателот на Парламентот..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Шајноски за амандманот вем олам.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Увод давам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Воведот е многу поетичен и многу е далеку од амандманот, ве молам за амандманот. И, немојте да го спомнувате претседателот.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Една реченица е, за да можам да се поврзам, да ја довршам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За амандманот ве молам.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Да, за амандманот ќе почнам.

Значи, ова е една од последните битки што треба да се добијат за да се зачува Македонија како унитарна и независна.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине, по втор пат, за амандманот ви кажувам.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Во склоп на оваа битка пратеникот Блаже Стојановски, врз основа на член 165 и член 166 од Деловникот на Собранието на Република Македонија по однос на Предлогот на законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Македонија ги има поднесено овие два амандмани во однос на општината Самоков.

Во амандманот ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не во амандманот 1, за амандманот 2 дискутирајте. Амандманот 1 го завршивме.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Да го поврзам со два.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не. Амандманот 2.

Трет пат, ќе ви го земам зборот, се извинувам.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Значи во амандманот 2 што произлегува од амандманот 1, каде што се бара Самоков да биде општина, пратеникот Блаже Стојановски предлага во општината Самоков да влезат и селата: Белица, Бенче, Битово, Близанско, Брезница, Брест, Волче, Горно Ботушје, Долно Ботушје, Заград, Звечан, Здуње, Зркле, Инче, Калуѓерец, Ковач, Ковче, Косово, Лупиште, Могилец, Рамне, Растеш, Самоков, Сушица, Тажево и Требовље. Во образложението во општина Самоков да биде општина би кажал неколку зборови.

Општината Самоков е новоформирана општина од 1996 година, и произлезе од општина Македонски Брод. Зафаќа површина  од 472 км 2, со 26 населени места и приближно 1600 жители. Претставува посебна географска целина со ритско-планински рељеф. Спаѓа во рурални, неразвиени општини. Седиштето на општината е Самоков, 40 км одалечен од Македонски Брод.

Најблиското место до Македонски Брод од општината Самоков е 35 километри одалечено од градот, а најдалечното место е 60 километри од Македонски Брод. Од инфраструктурата општината има нова општинска зграда, реновирана амбуланта, основно осумгодишно училиште, полициска станица, две месни канцеларии, асфалтирани и осветлени улици и локални патишта. Поседува и со ново изградени водоводи и канализациони мрежи во повеќе населени места, игралишта и слично. Мора да се спомене изработката на генералниот урбанистички план за Самоков и деталниот урбанистички план за акумулацијата Козјак. Општината Самоков е богата и има голем шумски фонд, има води и други природни минерални руди и богатства. Овојкрај е познат и по голем број на пештери и е можеби единствената општина во Република Македонија која е еколошки чиста и незагадена територија со што се отвора можност за градење на стопански капацитети за преработка на чисто еколошка храна. Во општината Самоков функционираат и работат повеќе стопански објекти кои се сигурен показател за економската одржливост на општината, а тоа се фабриката “Сувенир”, два рудника и два се во фаза на градба, погон за изработка на етерични масла и преработка на лековити билки, повеќе мали и средни претпријатија и трговски дуќани. Во тек е изградбата на

акумулацијата Козјак и регионалниот пат Р-104 Самоков-Скопје со што уште повеќе ќе се зголемат можностите за стопански развој на оваа општина. Акумулационото езеро Козјак кое покрај останатото привлекува и голем интерес за изградба на викенд населби и други туристички објекти за кои општината има изготвено и детален урбанистички план во овој период има се поголем интерес и веќе се поднесени преку 2 илјади барања за градба. Сите овие работи укажуваат на потребата од самостојно функционирање на општината Самоков затоа што ги исполнува сите услови за успешно постоење и работење и не би требало да преовладува критериумот за бројот на населението, затоа што процесот на миграција од овој предел со осамостојувањето на општината веќе е запрен и има голем интерес за враќање на населението назад. Припојувањето на општина Самоков кон Македонски Брод ќе значи повторно иселување бидејки општината Македонски Брод ќе стане гломазна општина со голема површина и бројни населени места и не ќе може да ги исполни барањата и обврските на сите граѓани. Од овие причини Советот на општината Самоков уште во јули 2003 година донесе едногласна Одлука за опстојување на нивната локална самоуправа кое е препратено до Министерството за локална самоуправа, но бидјеки тоа не најде за сходно да им одговори позитивно на граѓаните на општината Самоков за давање подршка за опстојување на нивната општина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам, пратениците да влезат во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Амандманот го ставам на гласање.

Вкупно гласале 61 пратеник, 2 пратеника гласале за, нема воздржан, 59 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Почитувнаи пратеници ја прекинувам седницата, а ќе продолжиме утре со почеток во 10,00 часот.

(Седницата прекина во 21,45 часот).